Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

2

СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА [illegible]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" издегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 13 мај 1977
БЕЛГРАД
БРОЈ 25 ГОД. XXXIII

Цена на овој број е 16 динари. — Претплатата за 1977 година изнесува 550 динари. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226 — Телефони: централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732 Комерцијален сектор 651-671: Телекс 11756

317.

Врз основа на член 327 од Уставот на СФРЈ и чл. 65, 66 и 67 од Деловникот за работата на Претседателството на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/75), Претседателството на СФРЈ на седницата од 12 мај 1977 година донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за период од една година, почнувајќи од 16 мај 1977 година, се избира Стеван Дорољски, член на Претседателството на СФРЈ од САП Војводина.

Бр. О-3
12 мај 1977 година
Белград

Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател
на Претседателството
Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

318.

Врз основа на член 3 став 2 од Одлуката за надоместите на личните доходи и на другите примања на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/77), а во врска со член 66 став 3 од Деловникот на Собранието на СФРЈ, Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 29 април 1977 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРИВРЕМЕНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОТ НА ЛИЧНИОТ ДОХОД НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА СФРЈ СО ПРОСЕЧНИОТ ПОРАСТ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СТОПАНСТВОТО НА СФРЈ ВО 1977 ГОДИНА

1. Надоместот на личниот доход на делегатите во Собранието на СФРЈ се зголемува за 8% месечно на име на привремено усогласување со просечниот пораст на личните доходи на вработените во стопанството на СФРЈ во 1977 година.

Конечното усогласување на надоместот на личниот доход на делегатите во Собранието на СФРЈ со просечниот пораст на личните доходи на вработените во стопанството на СФРЈ ќе се изврши до крајот на 1977 година.

2. Зголемувањето на надоместот од точка 1 на оваа одлука им припаѓа и на сојузните пратеници и функционери што остваруваат личен доход во Собранието на СФРЈ според Законот за работата и правата на сојузните пратеници и функционери на кои им престанала функцијата.

3. Зголемувањето на надоместот од точ. 1 и 2 на оваа одлука тече од 1 јануари 1977 година а ќе се исплатува на товар на наменските средства на Собранието на СФРЈ.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 120-40/77-03
29 април 1977 година
Белград

Административна комисија на Собранието на СФРЈ

Претседател,
Милован Ѓоковиќ, с. р.

319.

Врз основа на член 58 од Законот за оданочување на производите и услугите во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75 и 7/77, во спогодба со сојузниот секретар за пазар и цени, сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПРИМЕНА НА ДАНОЧНИТЕ СТАПКИ И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА, ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник поблиску се регулираат примената на даночните стапки, како и примената на одредбите од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот (во натамошниот текст: Законот) кои се однесуваат на: ослободувањето од плаќање на данокот на промет, начинот на водење на евиденција за прометот на производи и услуги по различни даночни стапки и даночни основици, утврдувањето и плаќањето на аконтации на данокот на промет, изработката и поднесувањето на пресметките на аконтацијата и на конечната пресметка на данокот на промет, местото на плаќањето на данокот, пописот на производите за кои се менуваат даночните стапки и пресметувањето и уплатувањето на разликата во данокот на промет и на враќањето на данокот на промет.

Одредбите од овој правилник се однесуваат и на основниот данок на промет и на посебниот данок на промет, ако со овој правилник не е одредено поинаку.

Член 2

Основната организација на здружениот труд како даночен обврзник од член 12 став 1 на Законот е должна да ги обезбеди сите евиденции пропишани со овој правилник и да врши евидентирање, пресметување и плаќање данок на промет, согласно со одредбите од Законот и овој правилник.

При продажбата на производи на крајните потрошувачи за кои испоставува фактури, даночниот обврзник е должен во тие фактури посебно да ја искаже даночната основица а посебно тарифниот број, даночната стапка и износот на данокот кој им е засметан на купувачите според тие фактури.

Согласно со член 12 став 2 Законот, основната организација на здружениот труд — даночен обврзник може спогодбено да ги пренесе работите на евидентирање и пресметување на данокот на промет на друга основна организација на здружениот труд во состав на истата работна организација, или на организација на здружениот труд која не е во состав на истата работна организација, ако таа ги исполнува условите од став 1 на овој член. Во тој случај пресметаниот данок се плаќа од жиро-сметката преку која даночниот обврзник кој ги пренел овие работи располага со средствата со кои управува. Организацијата на здружениот труд која спогодбено презела вршење работи според одредбите од овој став одговара според член 51 став 1 точка 4 на Законот за правилното и благовременото евидентирање и пресметување на данокот на промет на производи. Основната организација на здружениот труд — даночен обврзник која спогодбено ги пренела работите на евидентирање и пресметување на данокот на промет врз друга организација на здружениот труд и должна да ја извести веднаш за тоа службата на општественото книговодство кај која се води жиро-сметката преку која располага со средствата со кои управува, и со тие средства одговара за правилно пресметување и плаќање на данок на промет на производи во смисла на овој став.

Основната организација на здружениот труд — даночен обврзник може спогодбено да го довери вршењето на работите во врска со евидентирањето и пресметувањето на данокот на промет на производи врз работна заедница во состав на иста работна организација, а во смисла на чл. 50 до 53 на Законот е одговорна за правилното евидентирање, пресметување и плаќање на данокот на промет. Плаќањето на пресметаниот данок се врши од жиро-сметката преку која даночниот обврзник располага со средствата со кои управува. Даночниот обврзник е должен за пренесувањето на работите за евидентирање и пресметување на данокот на промет во смисла на овој став веднаш да ја извести службата на општественото книговодство кај која се води жиро-сметката преку која располага со средствата со кои управува

II. ПРИМЕНА НА ДАНОЧНИТЕ СТАПКИ

1. Заеднички одредби

Член 3

Ако со Законот не е одредено поинаку, како граѓани во смисла на овој правилник, се подразбираат граѓаните-крајни потрошувачи, како и самостојните занаетчии и самостојните угостители.

Како промет на производи остварен непосредно со краен потрошувач (член 5 на Законот) не се смета, во смисла на член 6 став 1 точка 1 на Законот, продажбата на производи што општественото правно лице, граѓанин или граѓанско правно лице ќе ја изврши на трговска или друга организација на здружениот труд која тие производи ги набавува заради натамошна продажба.

Член 4

Како промет на производи на големо во смисла на член 6 став 4 и член 37 став 1 точка 5 на Законот, се подразбира продажбата што организациите на здружениот труд ќе им ја извршат на општествени правни лица од склад или транзитно при задолжително водење на евиденција за таква продажба и издавање фактура.

Врз прометот на производи од став 1 на овој член не се плаќа посебен — републички, односно покраински и општински данок на промет на производи.

Складот на огревен или градежен материјал и складот на индустриски и други отпадоци, кои тие производи им ги продаваат на граѓани и општествени правни лица, а не вршат посебно евидентирање на таквите продажби, се сметаат како продавници, односно деловни единици што вршат продажба на производи на мало.

Член 5

За производите за кои во Тарифата на основниот данок на промет (во натамошниот текст: Тарифата) се одредени различни даночни стапки, зависно од нивниот вид, квалитет, суровински состав, цената или другите особини, производителот, односно увозникот кој ги увезол или трговската организација на здружениот труд што ги продава на трговијата на мало е должна во фактурата за продажбата покрај секој таков производ да го означи тарифниот број и даночната стапка по кои се врши пресметувањето и плаќањето на основниот данок на промет на производи, како и неговиот вид, квалитет, суровински состав, цена или друго својство поради кое е одредена соодветната даночна стапка. Одредбите од овој став се однесуваат и на продажбата на производи од тар. број 2 на Тарифата што ќе им се изврши на купувачите — даночни обврзници од точка 2 став 1 одредбата под 2 и став 2 на забелешката кон тој тарифен број. Даночниот обврзник кој продава течни горива преку сопствени пумпни станици или кои тие горива им ги продава на продавачи на мало, е должен во исправите за испорака на тие горива за горивото да го означи неговиот назив според важечкиот југословенски стандард, количината на испорачаното гориво, како и тарифниот број од Тарифата и даночната стапка според која на прометот на такво гориво се плаќа данок на промет на производи.

За производите кои со член 36 на Законот се ослободени од плаќање данок на промет на производи, даночниот обврзник е должен во фактурите за продажба на тие производи на трговска организација на здружениот труд која врши промет на производи на мало, да се повика на одредбата од тој член со која е воведено даночно ослободување (облигаторно даночно ослободување).

Како производи на кои се однесува одделен тарифен број на Тарифата се подразбираат производите кои под ист или соодветен назив се опфатени во Царинската тарифа, како и производите на кои се однесуваат посебни прописи за нивното производство и квалитет, ако со Тарифата е пропишано одредувањето на тие производи да се врши според тие прописи, или ако припадноста, односно видот на тие производи не може да се утврди според Царинската тарифа.

Даночната основица е иста за пресметување и на основниот данок на промет на производи и на посебниот данок на промет на производи, ако тоа со Законот не е одредено поинаку.

Ако со Законот, со југословенски стандард или со овој правилник не е одредено поинаку, се смета дека производот е изработен од одреден мате-

ријал ако тој материјал е содржан во соодветниот производ со повеќе од 50% по вредност во однос на вкупната вредност на производот. Ако во одредениот производ се застапени повеќе од два материјала, се сметка дека производот е изработен од претежно содржаниот материјал според вредноста во однос на вкупната вредност на производот.

2. Место на плаќање на данокот на промет на производи

Член 6

Данокот на промет на производи се плаќа според местото во кое е извршен прометот во смисла на чл. 33 и 34 на Законот.

Продажбата на производи на мало, нови или употребувани, што даночниот обврзник ќе ја изврши преку свое претставништво, односно друга деловна единица вон своето седиште, така што претставништвото, односно деловната единица договори со купувачот продажба на производи врз основа на што потоа на купувачот му се испостави фактура во името на таквото претставништво или деловна единица, или во името на даночниот обврзник, се смета за промет на производи од член 5 став 2 на Законот кој е извршен во местото во кое е седиштето на претставништвото или друга деловна единица која на таков начин ги продава производите.

Ако продажбата на производи се врши преку други основни организации на здружениот труд вон седиштето на даночниот обврзник а тие организации ги продаваат производите во свое име а за сметка на продавачот или од името и за сметка на продавачот, се смета дека прометот е остварен во местото во кое е седиштето на таква основна организација на здружениот труд, односно на нејзина деловна единица која и ја извршила продажбата. Ако продажбата се врши на тој начин, за плаќање и насочување на данокот на промет на производи не е од значење кој ја издал фактурата или кој ги испорачал производите — ако испораката е извршена пред издавањето на фактурата, ниту под чија фирма е издадена фактурата.

Даночниот обврзник кој ги продава производите на начинот од ст. 2 и 3 на овој член, е должен да ги води сите пропишани евиденции од кои може да се утврди кои производи и на кои купувачи им се предадени преку претставништва, други деловни единици или други основни организации на здружениот труд вон неговото седиште и според член 33 став 1 на Законот да плаќаат данок на промет на производи, пресметан врз таквиот промет, според местото во кое е седиштето на претставништвото, друга деловна единица или друга основна организација на здружениот труд што ја извршила продажбата на производи. Тие даночни обврзници се должни да ги обезбедат податоците од овој став и во секое претставништво, друга деловна единица и основна организација на здружениот труд од ст. 2 и 3 на овој член.

Продавачот — општествено правно лице кој му продаде на граѓанин или граѓанско правно лице моторно возило кое подлежи на обврската за регистрација (патнички автомобил, моторцикл, камион и др.) е должен, во смисла на член 33 став 5 на Законот, во фактурата за продажба да внесе клаузула дека на продаденото моторно возило не е пресметан данок на промет на производи и, во смисла на член 15 став 1 на Законот, да го искаже соодветниот тарифен број од Тарифата, даночната стапка и износот на основниот данок на промет на производи кој е должен купувачот да го плати за возилото. Продавачот е должен копијата од фактурата за продажба на моторно возило да му ја достави, без одлагање, на општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите според живеалиштето, односно седиштето на купувачот. Основниот и посебниот данок на промет на производи врз купеното моторно возило го плаќа купувачот според своето живеалиште, односно своето седиште пред регистрацијата на моторното возило, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на испоставувањето на фактурата.

Продавачот може, во спогодба со купувачот од став 5 на овој член, во негово име и за негова сметка да ги уплати, пред испоставувањето на фактурата, основниот и посебниот данок на промет на производи, со тоа што е должен тие даноци да ги уплати во корист на општествено-политичката заедница на чија територија се наоѓа живеалиштето, односно седиштето на купувачот. За таа уплата продавачот ги внесува податоците во фактурата за продажба на моторно возило со означување на сметките врз кои е извршена уплатата. На купувачот врз основа на таа фактура и петтиот примерок од вирманскиот налог за извршената уплата на данокот на промет на производи кои кон таа фактура ќе го поднесе на општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите, може да му се изврши регистрација на моторното возило. Во тој случај, продавачот согласно со член 33 став 5 на Законот не се смета за даночен обврзник.

При продажбата на моторни возила кои не подлежат на обврската за регистрација, што општествени правни лица ќе им ја извршат на граѓани и граѓански правни лица, данокот на промет на производи го пресметува продавачот како даночен обврзник и го плаќа според член 33 став 1 на Законот.

Купувачот-даночен обврзник од член 14 став 2 на Законот го пресметува основниот данок на промет на производи во моментот на настанувањето на даночната обврска според член 22 став 2 точка 8 на Законот врз вредноста на набавените производи која е искажана во фактурата на добавувачот, а го плаќа според своето седиште во рок од 10 дена по истекот на месецот според сите фактури применети во текот на месецот (член 24 став 3 на Законот).

Даночните обврзници кои од склад или транзитно на начинот кој во смисла на Законот се сметаат за промет на производи на големо, продаваат алкохол (етанол) на трговски организации на здружениот труд, на аптеки и други општествени правни лица како крајни потрошувачи или кои продаваат преработки од тутун, вештачки безалкохолни пијалаци, сол, бомбони и други производи од шекер и производи од какао на угостителски организации на здружениот труд, се должни утврдените износи на аконтациите на данокот врз таа остварениот промет да ги уплатат врз соодветните уплатни сметки на онаа општина на чија територија е купувачот на тие производи.

Ако општината на чија територија се продаваат производите на мало по пат на подвижни продавници сместени во специјални возила и сл. не пропишала посебен начин за пресметување и плаќање на посебниот општински данок на промет на производите што ќе го извршат таквите подвижни продавници на нејзината територија, данокот на промет на производите се пресметува и плаќа според седиштето на организацијата на здружениот труд, односно според местото на продавницата и другата деловна единица што вршат продажба на производи преку подвижни продавници.

3. Промет на производи од консигнационен склад

Член 7

Врз производите што се продаваат од консигнационен склад во Југославија, држателот на консигнационен склад е должен данокот на промет да го пресмета со примена на пропишаните даночни стапки врз продавната цена на производите иска-

жана во динари во која, покрај царината и другите давачки што се плаќаат при царинењето, се содржани маржата и другите надомести што ги засметува и наплатува даночниот обврзник од купувачот за продадените производи (член 22 став 2 на Законот).

Ако од консигнационен склад се продаваат производи на општествени правни лица, се пресметува само основниот данок на промет на производи.

Ако од консигнационен склад се продаваат производи, освен моторни возила, на граѓани и граѓански правни лица, покрај основниот данок на промет на производи, се пресметува и посебен данок на промет на производи.

Даночниот обврзник — држател на консигнационен склад го пресметува данокот на промет на производи согласно со одредбите од член 22 став 2 точ. 1 до 5 на Законот.

При продажбата на производи за девизни средства, даночната основица је сочинува вредноста во динари според курсот по кој се врши пресметувањето на царината на која се додаваат царината и давачките што се плаќаат при продажбата на производи од консигнационен склад и трошоците што му се засметуваат на купувачот во фактурата за продажба.

При продажбата на моторни возила на граѓани и граѓански правни лица, држателот на консигнационот склад и купувачот на моторното возило се должни да постапуваат според ст. 3 и 5 на член 5 од овој правилник.

4. Увоз на производи за крајната потрошувачка

Член 8

Врз производите што ги увезува крајниот потрошувач за сопствена употреба или потрошувачка или кои за негова сметка ги увезува посредник (надворешнотрговска организација и др.), основниот данок на промет во производи го пресметува царинарницата во моментот на настанувањето на обврската на плаќање царински давачки за увезените производи, односно во моментот на царинскиот преглед на таквите производи ако не постои обврска за плаќање на царински давачки, (член 22 став 2 точка 6 на Законот), со примена на пропишаните стапки врз даночната основица што ја сочинува вредноста на увезените производи утврдена според царинските прописи вклучувајќи ја и царината и другите давачки што се плаќаат при увозот (член 17 на Законот).

Врз увозот на моторни возила што ќе го извршат граѓани и граѓански правни лица, односно на моторните возила што ќе ги внесат граѓани или граѓански правни лица, или врз увозот на моторни возила кој за сметка на граѓани и граѓански правни лица ќе го изврши посредник (надворешнотрговска организација и др) во поглед на пресметувањето на данокот на промет на производи се применуваат одредбите од член 33 став 5 на Законот и членот 6 став 5 на овој правилник.

При увозот на моторни возила што го вршат граѓани, односно граѓански правни лица и кој се врши за сметка на граѓани и граѓански правни лица, царинарницата, согласно со член 33 став 5 на Законот, не го пресметува и не го наплатува основниот данок на промет на производи и таа е должна за тоа да стави клаузула врз исправата за увоз (царинска декларација). Царинарницата е должна во рок од 5 дена од денот на царинењето на моторното возило да го извести за тоа писмено општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите според живеалиштето, односно седиштето на граѓанинот, односно граѓанското правно лице, со означување на вредноста на увезеното моторно возило и износот на царината и другите давачки што се платени при увозот (член 17 на Законот). Основниот и посебниот данок на промет на производи врз увезеното моторно возило, во смисла на одредбата од овој став, ги плаќа граѓанин, односно граѓанско правно лице пред регистрацијата на возилото, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на царинењето.

5. Комисиона продажба

Член 9

При комисионата продажба што ја врши комисиона или друга организација на здружениот труд — комисионер, даночен обврзник е таквиот комисионер кога ќе ги продаде производите, без оглед дали се нови или се употребувани.

Комисионерот е даночен обврзник и ако од продавницата или друга деловна единица што врши продажба на производи на мало, продаде неупотребувани (нови) производи за сметка на комитент.

По исклучок, ако е во прашање продажба на употребувани производи (предмети) на граѓани што комисионер ќе ја изврши за нивна сметка, основниот данок на промет на производи не се пресметува (член 5 став 6 на Законот). Како употребувани предмети од член 5 став 6 на Законот) се сметаат предмети кои поради нормалната употреба губат врз употребната вредност така што пазарната цена, по правило, да им е пониска од цената на такви нови предмети (облека, обувки, садови, мебел, теписи и др.). Производите од точка 1 алинеи 1 и 2, точка 2 алинеи 2 и 3 и точка 3 алинеја 1 од тар. број 9 на Тарифата немаат карактер на употребувани предмети и подлежат на плаќање на данок на промет на производи па и кога граѓаните ги продаваат преку комисионер или друг посредник, без оглед дали врз тие производи порано бил платен основниот данок на промет на производи.

Општествено правно лице што набавува употребувана опрема или употребувани делови на опрема, односно други употребувани производи непосредно од граѓани или граѓански правни лица, или преку посредник, или на друг начин (член 5 став 6 на Законот), се смета за даночен обврзник во смисла на член 13 став 2 на Законот и врз таков промет пресметува и плаќа, во рок од 5 дена по истекот на месецот во кој е извршена набавка, основен данок на промет на производи.

Посебниот данок на промет на производи се пресметува врз прометот на употребувани предмети што ги продаваат граѓани било преку комисионер или друг посредник, било кога ги продаваат самите или на некој друг начин, ако плаќањето на тој данок е пропишано.

Одредбите од ст. 4 и 5 на овој член не се однесуваат на индустриски и други отпадоци кои од граѓани или граѓански правни лица ги купуваат производителски организации на здружениот труд без плаќање данок на промет на производи (член 6 став 8 на Законот), ако ги купуваат како репродукционен материјал.

6. Промет на употребувани производи со потрајна употребна вредност

Член 10

Како употребувани производи со потрајна употребна вредност од член 16 ст. 8 и 9 на Законот, се сметаат следните производи што производителски, трговски, надворешнотрговски и други организации на здружениот труд ги откупуваат, односно ги преземаат и заменуваат по истекот на две години од денот на нивната прва набавка, односно увоз, под услов врз тие производи во поранешниот промет да е веќе платен данок, и тоа:

1) Производите од гранките 0114 и 0115 чии век на траење според прописите за амортизација е најмалку 5 години, а кои се опфатени со следните тарифни броеви од Царинската тарифа: 84.15 Машини и апарати за производство на студ (електрични или други) — ладилници, како што се: фрижидери, сандаци за длабоко замрзнување и др.; 84.41 Машини за шиење; 84.45 Машини алатлики за обработка на метали и метални карбиди (пневматски чекани, ковачки машини, преси, машини за свиткување и рамнење метални површини и др.; стругови, дупчалки, тоцилки, глодалки, рендисалки, пили и др.); 84.47 Машини алатлики за обработка на дрво, плута, коски, ебонит, вештачки пластични материи и др.; 84.51 Машини за пишување, освен машини за пишување со вградени механизми за сметање; 84.52 Машини за сметање; сметководствени машини за пишување, регистар-каси и др.; 84.54 Други канцелариски машини (машини за умножување, хектографски или шаблонски и др.); 87.02 Моторни возила за превоз на лица, стоки или материјали (патнички автомобили, цистерни, ладилници, камиони, кипери, дампери и др.); 87.03 Моторни возила за специјални цели (возила — дигалки, возила — подвижни работилници и др.); 87.09 Моторцикли, автоцикли и велосипеди со помошен мотор; 87.10 Велосипеди (вклучувајќи и трицикли за пренесување стоки) без мотор;

2) Производите од гранката 0117 — Електроиндустрија, за кои при продажбата се дава гаранција од најмалку 6 месеци, а кои се опфатени со следните тарифни броеви од Царинската тарифа: 85.04 Електрични акумулатори; 85.06 Електромеханички апарати за домаќинство, со вграден електричен мотор (смукалки на прав, апарати за мазнење и чистење подови, вентилатори, апарати за мелење и мешање прехранбени производи — миксери и др.); 85.15 Телевизиски приемници, комбинувани или не, со грамофон, магнетофон, магнетоскоп и сл., радио-приемници комбинувани или не, со грамофон, магнетофон и сл., и други слични производи; 90.26/1 Струјомери; 92.11 Грамофони, диктафони, магнетофони и други слични производи.

Како употребувани производи со потрајна употребна вредност од став 1 на овој член, не се сметаат деловите на тие производи, освен индустриски ремонтираните мотори за моторни возила (член 43 став 8).

Дека врз откупените, односно преземените употребувани производи со потрајна употребна вредност е платен данок во поранешниот промет, се утврдува:

1) со соодветни царински исправи или фактури на увозникот — за производи на странско производство.

2) со фактури на продавачот — за производи на домашното производство, ако се набавени во период пократок од 5 години, сметајќи од денот на откупот, односно преземањето. Ако се во прашање производи во сопственост на граѓани или производи од член 9 на Законот, се смета дека врз тие производи е веќе платен данок во поранешниот промет ако се набавени пред 5 или повеќе години, сметајќи од денот на нивниот откуп, односно преземање.

Член 11

Олеснението од член 16 став 8 на Законот важи само ако даночниот обврзник од тој став продава откупен употребуван производ со потрајна употребна вредност кој го поправил, или со други работи оспособил за редовна употреба (ги заменил дотрајаните делови, извршил измена на електричната инсталација, извршил бојосување, или премачкување со антикорозивни средства и сл.), што се докажува со работен налог, односно со фактура што ја испоставил извршителот на тие работи. Даночниот обврзник е должен во фактурата за продажба на употребуваниот производ од овој став поодделно да ја внесе вредноста на сите работи што се извршени врз производот, како и видовите, количините и вредноста на деловите што се заменети и материјалите што се потрошени на поправката на производот, заменатa на деловите и др. со означување на броевите од работните налози, односно на фактурата што ја испоставил извршителот на тие работи. Ова даночно олеснение не се однесува врз продажбата на поправените производи со потрајна употребна вредност која се врши посредно (член 6 став 1 точка 1 на Законот).

Даночната основица на данокот на промет на поправениот, обновениот или на друг начин оспособениот производ за употреба, ја сочинува износот кој претставува разлика помеѓу вкупниот надомест засметан на купувачот на тој производ, со сите засметани трошоци, и износот на надоместот по кој тој производ е откупен. Од така утврдената даночна основица пресметувањето на данокот на промет на производи се врши на следниот начин:

1) со примена на пропорционална даночна стапка — ако е во прашање производ врз чиј промет пресметувањето на данокот се врши со примена на пропорционални даночни стапки;

2) со примена на диференцирана изведена даночна стапка — ако оданочувањето на соодветниот производ се врши со примена на тие даночни стапки според вредноста на производи (патнички автомобили). Изведената деференцирана даночна стапка се утврдува така што износот на данокот на промет на производи кој се плаќа врз таков нов производ ќе се помножи со 100 и се подели со продажната цена на тој нов производ во која не е содржан данок на промет. На пример: ако употребуван патнички автомобил е откупен за износ од 30.000 динари а неговата продажна цена како нов автомобил (без данок на промет) изнесува 53.000 динари, па по извршената поправка се продава за 43.000 динари, пресметувањето на данокот на промет според изведена диференцирана даночна стапка се врши од даночната основица која сочинува износ од 13.000 динари (43.000 минус 30.000 изнесува 13.000), која служи за пресметување и плаќање и основниот и посебниот данок на промет на производи. Изведената диференцирана даночна стапка, утврдена на начинот одреден во оваа точка, се применува врз износот од 13.000 динари, и така се добива износот на данокот на промет кој се плаќа во промет на поправен патнички автомобил од домашно производство.

Ако е во прашање модел на поправен патнички автомобил од странско производство кој не се произведува повеќе, за утврдување на изведената диференцирана даночна стапка, во смисла на точка 2 став 2 на овој член, се зема цената на тој автомобил искажана во фактурата за купување во моментот на првиот промет, односно даночната основица утврдена според член 17 на Законот од царинската декларација ако е во прашање автомобил кој е увезен за сметка на крајниот потрошувач, и износот на основниот данок на промет на производи кој врз таа цена, односно даночна основица е платен. Ако не постои фактура или царинска декларација, за утврдување на изведената диференцирана даночна стапка се зема во пресметка вредноста која служи за царинење според царинските прописи што важат на денот на продажбата на поправениот патнички автомобил, наголемена за царината и другите давачки што се плаќаат при увозот, и износот на основниот данок на промет на производи кој врз така утврдената основица би се платил на денот на продажбата на поправениот автомобил. Ако со царински пропис не е утврдена вредноста за моделот на патнички автомобил, се зема во пресметка вредноста утврдена со тој пропис за модел на таков автомобил од најблиската година на производството.

Ако е во прашање поправен патнички автомобил од домашно производство, чиј модел во моментот на продажбата повеќе не се произведува, за утврдување на изведената диференцирана даночна стапка се земаат во пресметка цената од фактурата што е издадена во моментот на првиот промет на тој автомобил, и износот на основниот данок на промет кој е платен врз таа цена.

Член 12

Даночниот обврзник од член 16 став 9 на Законот кој врши замена на употребуван производ со потрајна употребна вредност со нов производ од ист вид, ја утврдува даночната основица така што од продажната цена на новиот производ, без данок на промет, кој го дава во замена за употребуван производ, ќе ја одбие вредноста што му ја признава на купувачот за преземениот употребуван автомобил. Врз таа даночна основица се применува пропорционална односно изведена диференцирана даночна стапка која се утврдува на начинот одреден во член 11 на овој правилник. Така, ако продажната цена на новиот производ на чиј промет се плаќа данок според вредноста по диференцирани даночни стапки, односно на патничкиот автомобил е 53.000 динари, а признаената вредност за преземениот употребуван автомобил изнесува 30.000 динари, даночната основица ја сочинува разликата, односно 23.000 динари. Врз таа даночна основица продавачот ја применува изведената диференцирана даночна стапка утврдена според член 11 став 2 точка 2 на овој правидник. Даночната основица од овој став важи и за пресметување и плаќање на посебниот данок на промет на производи.

Замена на употребувани производи со потрајна употребна вредност може да се врши само за нов производ од ист вид, а не и за употребуван производ. Како нов производ од ист вид, во смисла на член 16 став 9 на Законот, се смета производ со еднакви технолошки и други карактеристики и со еднаква намена како што е оној кој се заменува.

Ако даночниот обврзник од овој член продаде поправен преземен производ со потрајна употребна вредност на траен потрошувач, таквиот промет се смета како промет од член 16 став 8 на Законот.

Член 13

Даночните обврзници од чл. 11 и 12 на овој правилник што ќе им продадат моторни возила што се регистрираат на граѓани и граѓански правни лица, се должни во фактурата за продажба да ја искажат даночната основица, даночната стапка и износот на пресметаниот основен данок на промет на производи. Врз истата даночна основица се пресметува и се плаќа и посебен данок на промет на производи.

Пресметаниот основен данок на промет на производи искажан во фактурата го плаќа купувачот — граѓанин, односно граѓанско правно лице кој плаќа и посебен данок на промет, на начинот одреден во член 33 став 5 на Законот.

7. Продажба на производи со јавно наддавање

Член 14

Врз производите што на крајните потрошувачи им се продаваат со јавно наддавање (на лицитација и сл) даночниот обврзник — продавач го пресметува данокот на промет на производи со примена на пропишаните даночни стапки врз продажната цена постигната со јавно наддавање. Ако со условите на јавното наддавање е одредено продажбата со јавно наддавање да се врши по цените во кои е вклучен данокот на промет на производи, даночниот обврзник го пресметува тој данок со примена на пресметаната даночна стапка.

Ако со јавно наддавање се продадени производи на крајни потрошувачи — општествени правни лица, се пресметува и се плаќа само основен данок на промет на призводи, а ако производи се продадени на граѓани и граѓански правни лица, покрај основниот данок на промет за производи, се пресметува и посебен данок на промет на производи.

Основниот данок на промет на производи при продажбата со јавно наддавање на крајни потрошувачи се пресметува на начинот одреден во овој член без оглед дали се во прашање нови или употребувани производи и без оглед дали врз прометот на тие производи порано бил платен основен данок на промет на производи. По исклучок, ако е во прашање прадажба со јавно наддавање на употребувани предмети од член 9 став 3 на овој правилник која се врши за сметка на граѓани, не се плаќа основен данок на промет на производи. При продажбата на моторни возила на граѓани и граѓански правни лица основниот и посебниот данок на промет на производи го плаќа купувачот на начинот одреден во член 33 став 5 на Законот.

8. Давање производи без надомест

Член 15

Ако производи од сопствено производство, или производи на чиј промет кога се продаваат на крајните потрошувачи е пропишано плаќање на данок на промет на производи а кои се набавени без плаќање на тој данок се даваат без надоместок на краен потрошувач (подарок и сл.) — член 5 став 3 на Законот, даночниот обврзник — давателот на производот без надомест го пресметува данокот на промет со примена на пропишаните даночни стапки врз даночната основица утврдена според одредбата од член 16 став 4 на Законот. Општествено правно лице што набавува такви производи за давање без надомест за рекламни цели, како репрезентација и сл. должно е на продавачот на големо, односно за производителот од кој врши набавка да му поднесе писмена изјава во која изрично ќе наведе дека производите ги набавува исклучително за тие цели. Во тој случај продавачот е должен врз така продадените производи до го пресмета и основниот данок на промет на производи и посебниот данок на промет на производи.

Плаќањето на пресметаниот данок на промет за производите испорачани на крајни потрошувачи без надомест се врши во роковите одредени во член 24 став 2 на Законот.

Ако производи се дадени без надомест на краен потрошувач — општествено правно лице, се пресметува, по правило, само основен данок на промет на производи, освен ако производите му се дадени без надомест од продавница или друга деловна единица која врши продажба на производи на мало, во кој случај, покрај основниот данок на промет на производи, се пресметува и посебен данок на промет на производи.

Ако производи се дадени без надомест на граѓанин или граѓанско правно лице, се пресметува, покрај основниот данок на промет на производи, и посебен данок на промет на производи.

Ако организација на здружен труд (освен организацијата на здружениот труд која врши продажба на мало на одредени предмети за лична потрошувачка на граѓани) или друго општествено правно лице набавува (на пример, рачни часовници, пенкала, облека, обувки, значки, календари, придатоци и др.) од производителска или трговска организација на здружениот труд на начинот на кој се врши промет на стоки на големо, даночен обврзник е продавачот кој е должен да пресмета врз тие производи и основен данок на промет на производи и посебен данок на промет на производи без оглед за кои цели се набавуваат, па и кога се набавуваат заради давање без надомест (репрезентација, подарок и сл.), ако врз прометот на тие производи е пропишано плаќање на данок.

9. Земање производи за сопствена крајна потрошувачка, односно употреба

Член 16

Ако производи од сопствено производство, или производи што се набавени или увезени без плаќање данок на промет на производи а врз чиј промет е пропишано плаќање на тој данок кога му се продаваат на краен потрошувач, се зема за сопствена крајна потрошувачка или употреба, даночниот обврзник од член 13 став 1 на Законот го пресметува и го плаќа основниот данок, на промет на производи, а ако таквите производи ги зел од продавница или друга деловна единица која врши продажба на производи на мало — тој пресметува, покрај основен данок на промет на производи, и посебен данок на промет на производи.

Обврската за пресметување и плаќање на данокот на промет настанува во моментот на земањето на таквите производи за сопствена крајна употреба или потрошувачка, при што се зема како да е наплатата на тие производи извршена во моментот на настанувањето на даночната обврска во смисла на член 22 од Законот.

10. Кало, растур, крш или расипување на производи наменети за прадажба

Член 17

Врз вредноста на кало, растур, крш или расипување што го надминува дозволениот обем предвиден со општиот акт на даночниот обврзник, а што е уврден на производите во продавница или друга деловна единица која врши продажба на производи на мало, се пресметува и основниот данок на промет на производи и посебниот данок на промет на производи.

Ако кало, растур, крш или расипување е утврдено на производи на склад на производителска или трговска организација на здружениот труд или на увозник, од кој се врши продажба на производи на начинот на кој се врши промет на стоки на големо, даночниот обврзник го пресметува само основниот данок на промет на производи. По исклучок, ако кало, растур, крш или расипување е ставено на товар на одговорното лице на даночниот обврзник или на друго лице се пресметува, покрај основниот данок на промет на производи, и посебен данок на промет на производи.

Одредбите од овој член се однесуваат и на уништување на производи кое не настанало поради дејство на виша сила.

Обврската за пресметување и плаќање на данокот на промет на производи настанува во моментот на утврдувањето на калото, растурот, кршот, односно расипувањето.

Данок на промет на производи не се плаќа врз вредноста на производи што исчезнале или се уништени, односно оштетени како последица од провална кражба извршена во продавница или друга деловна единица. Во тој случај пресметаниот данок на промет на тие производи ќе се сторнира на следниот начин:

1) врз основа на податоците за вкупното задолжување на продавницата (пренесена состојба од изминатата година и задолжувања во текот на годината) и податоците за продажбата на стоки до денот на сторената штета, се утврдува вредноста на стоките кои треба да се наоѓаат на залихи во продавницата пред сторената штета. Од споредувањето на тој износ и износот на фактичните разлики утврдени со попис на денот на сторената штета, се добива износот на фактичната штета во која е содржан и пресметаниот данок на промет на производи;

2) утврдувањето на учеството на штетата врз одделни видови стоки во вкупната вредност на штетата установена врз основа на задолжување на продавницата и пописната состојба на денот на сторената штета се врши врз основа на поединечно учество на одделни видови стоки во однос на вкупното задолжување на продавницата пред настанувањето на штетата поради провална кражба, и тоа според тарифните броеви, односно даночните стапки, како и стоки кои не подлежат на обврската за плаќање данок на промет на производи,

3) со примена на така утврденото поединечно учество во однос на вкупната вредност на штетата се добива износот на штетата на трговските стоки по одделни тарифни броеви и даночни стапки и стоките што не подлежат на обврската за пресметување и плаќање данок на промет на производи во која е содржан и данокот на промет на производи.

4) пресметувањето на износот на данокот на промет кој е содржан во вредноста на утврдената штета на трговските стоки по одделни тарифни броеви и даночни стапки, се врши со примена на пресметаните стапки утврдени согласно со одредбите од член 59 на овој правилник. Така утврдениот износ на данокот на промет, кој е содржан во настанатата штета, ќе се сторнира во книговодствената евиденција и за тој износ ќе се намали обврската за плаќање данок на промет на производи.

11. Кусок на производите наменети за продажба

Член 18

Врз вредноста на утврдениот кусок на производи во продавница или друга деловна единица што врши продажба на производи на мало, како и на склад или друга деловна единица што врши продажба на производи на начинот на кој се врши промет на стоки на големо, за кои е пропишано плаќање на данок на промет на производи, даночниот обврзник пресметува и основен данок и посебен данок на промет на производи, без оглед на тоа дали кусокот го товари даночниот обврзник или одговорното или друго лице.

Обврската за пресметување на данок на промет настанува во моментот на утврдување на кусокот, а обврската за плаќање на данок во моментот на наплатата на кусокот, односно во моментот на отписот.

21. Кало, растур, крш, расипување и кусок на репродукциониот материјал и опремата набавени без плаќање на данок на промет на производи

Член 19

Врз вредноста на калото, растурот, кршот, или расипувањето што го надминува дозволениот обем предвиден со општ акт, што е утврдено на производите кои не се наменети за продажба а кои се набавени без плаќање на данок на промет на производи или со плаќање на тој данок по пониска даночна стапка (на пример, репродуционен материјал и опрема) — даночниот обврзник пресметува и плаќа основен данок на промет на производи, а и посебен данок на промет на производи ако калото, растурот кршот или расипувањето му се ставени на товар на одговорното или друго лице.

Врз вредноста на репродукциониот материјал и опремата што се набавени без плаќање данок на промет во смисла на член 6 од Законот а кои се уништени, исчезнати или оштетени при превозот во складот не се плаќа данок на промет на производи ако во надоместот на штетата што ќе го оствари купувачот според договорот за осигурување не е содржан и данок на промет.

Врз вредноста на утврдениот кусок на производи од став 1 на овој член, без оглед дали е ставен или не е ставен на товар на одговорното или друго

лице — даночниот обврзник пресметува и плаќа основен и посебен данок на промет на производи.

Обврската за пресметување и плаќање данок на промет на производи настанува во моментот на утврдувањето на калото, растурот, кршот или расипувањето.

Обврската за пресметување данок на промет на производи настанува во моментот на утврдувањето на кусокот, а тој данок се плаќа во моментот на наплатата на кусокот, односно во моментот на отписот.

13. Промет на производите од тар. број 1 од Тарифата

Член 20

Како вештачки безалкохолни пијалаци врз кои се плаќа основен данок на промет на производи според тар. број 1 од Тарифата се подразбираат освежувачки газирани безалкохолни пијалаци и ароматизирани шурупи од чл. 68 до 73а на Правилникот за квалитетот на алкохолните и безалкохолните пијачки, мраз и оцет („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/63, 25/65, 45/71, 59/72 и 25/75).

Како овошни сокови се подразбираат сокови од јагоди, праски, кајсии, вишни, боровници, лимони, портокали, и др., што се добиени со преработка на свежи или замрзнати овошни плодови со соодветна технолошка зрелост или со доработка на овошна каша или концентриран овошен сок, односно овошје конзервирано со топлина според физикална постапка, што се пуштаат во промет како бистри, метни или кашести, зависно од тоа како се декларираат. Тие овошни сокови спаѓаат во производите од член 36 став 1 точка 5 на Законот врз кои не се плаќа ниту основен ниту посебен (републички, односно покраински и општински) данок на промет на производи, ако се произведени во согласност со одредбите од Правилникот за квалитетот на овошјето, зеленчукот и печурките и производите од овошје, зеленчук и печурки („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/64, 25/65, 27/68 и 10/71).

Производителските, односно трговските организации на здружениот труд кои производите од ст. 1 и 2 на овој член им ги продаваат на големо на трговски и други организации на здружениот труд кои ќе им ги продаваат непосредно на крајните потрошувачи, се должни во фактурите за продажба кај секој од наведените производи да ја означат одредбата на правилникот од ставот 1, односно од ставот 2 на овој член, која се однесува на таа пијачка, и тарифниот број и даночната стапка по кои се врши пресметување и плаќање на основниот данок на промет на производи, односно даночното ослободување.

Според тар. број 1 од Тарифата се пресметува и се плаќа основен данок на промет на производи и на прометот:

1) на кујнска сол (NaCl): сол наменета за човечка исхрана; деватурирана сол за исхрана на животни; сол за посипување патишта и сол за други цели. Врз кујнската сол што производителските организации на здружениот труд ја набавуваат под условите и на начинот што се одредени во член 6 на Законот како материјал за репродукција, не се плаќа данок на промет на производи.

Сол за бањање, сол за нозе и други слични соли не спаѓаат во прехранбени производи туку спаѓаат во други производи од тар. број 1 на Тарифата врз кои, покрај основен данок на промет, се плаќа и посебен данок на промет;

2) на производите од тар. број 17.04 и 17.05 на Царинската тарифа (тврди бомбони, тврди полнети бомбони, свилени бомбони, свилени полнети бомбони, драже-бомбони, карамели, желе-производи, фондан-бомбони, гумени бомбони, жвакачки гуми во маса или обликувани, шеќерни фигури, компримати и пастили, лакриц-бомбони, пенести производи, ликерни бомбони, марципан-производи, персипан-производи, нугат-производи, грилаж-крскант-производи кои се третираат како бомбони; локум, таан-алва, кетен-алва, бела алва; екстракти од слатко дрво, меласа ароматизирана или обоена, ванила-шеќер, венилин-шеќер и др.);

3) на производите од сребро изработени во филигран и на производите изработени во комбинација од валано сребро и филигран (табакери, жардиниери и сл.);

4) на книги, списанија, брошури и други публикации, освен оние од член 36 став 1 точка 7 на Законот; календари, телефонски именици, редови на возењето, разни проспекти, ценовници и каталози, освен оние од член 36 став 1 точка 7 на Законот; обрасци, чековни книшки, штедни книшки, пасоши, влезни билети, патнички билети, и сл. Организациите на здружениот труд, органите на управата и други општествени правни лица можат штедните книшки, чековните книшки, пасошите, обрасците и други слични графички производи што во вршењето на својата дејност, ги даваат со надомест или без надомест на комитенти и други лица да ги набавуваат непосредно од производителот или од склад на трговска организација на здружениот труд која врши промет на стоки на големо, со плаќање само основен данок на промет на производи (член 37 став 1 точка 5 на Законот). При таква набавка даночен обврзник е продавачот на тие производи кој пресметува основен данок на промет на производи врз продажната цена по која тие производи му ги фактурира на купувачот од овој став. Купувачот не пресметува и не плаќа данок на промет на производи, ако така набавените производи од овој став ги даде со надомест или без надомест на комитенти или други лица.

5) на хартија за пишување, цртање или копирање, други хартии, хемиски моливи, пенкала, лепила, лепливи ленти, спајалки, печати и други слични производи, освен оние од член 36 став 1 точка 8 на Законот;

6) на телефонски апарати и куќни телефонски централи во станови и станбени згради, струјомери, водомери, бројачи на протекот на пара и гас, мерачи на калории, противструјни апарати, електрични часовници, прекинувачи и приклучни кутии, осигурувачи и други производи што се вградуваат врз разводни табли, грејачи од сите видови, вентилатори, ладилници и други справи за греење и ладење, апарати за перални и сушилници, санитарни уреди со прибор, расветни тела со припаѓачка арматура, сијалици и други производи што се вклучуваат врз инсталационата мрежа — освен оние за кои со Законот или со Тарифата е пропишано ослободување од плаќање на данок на промет кога се набавуваат за одредени цели;

7) на моторни и други возила, освен возилата од тар. број 6 на Тарифата и освен оние за кои со Законот или со Тарифата е пропишано ослободување од плаќање на данок;

8) на други производи освен оние на чиј промет се плаќа данок по други тар. броеви од Тарифата и освен оние врз чиј промет е воведено ослободување од плаќање на данок.

Производителот, увозникот, продавачот на големо или продавачот на мало се даночни обврзници и кога производите од став 1 и од став 4 точ. 1 и 2 на овој член ги продаваат на угостителски организации на здружениот труд.

14. Промет на производи од тар. број 2 на Тарифата

Член 21

При пресметувањето на килограми во литри се зема просечната специфична тежина, и тоа: за мо-

торен бензин од 86 октани 0,725, за моторен бензин од 98 октани 0,752, а за дизел — гориво, масло за горење екстра лесно (EL) и масло за горење лесно на Тарифата се сметаат и: вретенско масло, за фина

Како производи од тар. број 2 став 1 точка 6 на Тарифата се сметаат и: вретенско масло, масло за фина механика, лежишно масло, масло за пневматски алати, масло за ладење, масло за ладилници, вазелинско масло, турбо-масло, масло за вакуум-пумпи, циркулационо масло, осковно масло, цилиндер масло, масло за калење, масло за отпуштање, масло за мастење, масло за хонување, масло за режење, масло за дупчење, масло за кочници, масло за менувачи, масло за мотори на гас, изолационо масло, масло за воздушни лифтови, маст за топчести лагери, натриумова маст, маст за шасии, алуминиумска маст, литиска маст авто-универзална маст, маст за водени пумпи, графитна товотна маст, товотна маст, техничка маст, маст за јамски колички, маст за челични јажиња, технички вазелин, и други слични масла и масти.

За регенерирани масла, врз чии промет не се плаќа данок на промет на производи (точка 3 под 3 на забелешката кон тар. број 2 од Тарифата), се сметаат употребувани масла кои со дополнителна технолошка постапка се оспособени за употреба.

За даночни обврзници на данок на промет на производи според тар. број 2 од Тарифата се сметаат и производителска и трговска организација на здружениот труд на големо кои производите од тој тарифен број им ги продаваат на големо на големи потрошувачи (освен оние од точка 2 став 1 под 2 на забелешката кон тој тарифен број) или кои тие производи ги продаваат на мало преку сопствени пумпни станици или други продажни места што вршат продажба на производи на мало.

15. Промет на производи од тар. број 3 на Тарифата

Член 22

Според точката 3 од забелешката кон тар. број 3 на Тарифата, странски цигари можат да се пуштаат во промет заради натамошна продажба, односно потрошувачка само ако врз секое пакување од 20 парчиња цигари (односно помало или поголемо) е означена полната фирма на увозникот.

Ако врз пакувањето на цигари не е однапред втисната фирмата на увозникот, увозникот може да им продаде странски цигари на организациите на здружениот труд овластени за продажба на големо или на мало преработки од тутун и само ако кон фактурата за продажба на такви цигари им достави и потребен број налепници врз кои е напечатена фирмата на увозникот, под услов таквиот купувач да примил обврска дека врз секое пакување од 20 парчиња цигари (односно помало или поголемо ќе ги налепи применте налепници пред натамошната продажба

Се смета дека странски цигари се пуштени во промет заради натамошна продажба, односно потрошувачка, ако се наоѓаат во продавница или на некое друго место (стапбена просторија и сл.) од кое можат да им се продаваат непосредно на потрошувачите, односно на купувачите. За количините на странски цигари затечени во тие простории без ознака на полната фирма на увозникот, како даночен обврзник се смета лицето чии се тие простории, па надлежниот орган на контрола ќе пресмета и ќе наплати од тоа лице данок на промет на производи со примена на пропишаната стапка и против него ќе поднесе пријава до надлежниот орган заради примена на казнените санкции од член 50 на Законот.

Склад, односно друга работна просторија на организацијата на здружениот труд — купувач на цигари, во која се сместени странски цигари заради препакување, односно подготовка за продажба, не се смета за место предвидено за непосредна продажба на потрошувачите, ако таков купувач располага со потребен број налепници од став 2 на овој член. За количините на странски цигари затечени во тие простории за кои не достасуваат налепниците од став 2 на овој член, како даночен обврзник се смета организацијата на здружениот труд чиј е складот, односно друга работна просторија па надлежниот орган за контрола ќе постапи според став 3 од овој член.

Даночна основица во прометот на цигари е продажната цена со вклучениот основен данок на промет според која им се продаваат на крајните потрошувачи.

За странски цигари даночна основица е продажната цена во која е засметан основниот данок на промет по стапка од 90%, а по која цигарите им се продаваат на крајните потрошувачи. Таа основица се утврдува така што врз конечната продажна цена на продавачот на такви цигари на крајните потрошувачи (набавна цена, плус зависни трошоци, плус разлика во цената, плус други трошоци што се наплатуваат во цената) ќе се примени пресметаната даночна стапка од 900% која се утврдува според следниот образец:

$$\frac{100 \times 90}{100 - 90} = \frac{9.000}{10} = 900\%$$

16. Промет на производи од тар. број 4 на Тарифата

Член 23

Даночна основица за угостителски организации на здружениот труд при продажбата на алкохолни пијалаци од тар. број 4 на Тарифата е набавната цена на тие пијалаци, под кое се подразбира: цената на тие пијалаци искажани во фактурата на добавувачот, зависните трошоци што ги товарат набавените производи (трошоци за превоз и други трошоци) и цената на амбалажата. Врз така утврдената даночна основица се применува пропишаната даночна стапка, без оглед дали зависните трошоци за набавените производи на угостителска организација на здружениот труд посебно ги фактурирал продавачот на големо на тие пијалаци или производителот на тие пијалаци или посебно ги платила самата угостителска организација на друг (на превозникот и сл.).

Одредбата од член 16 став 4 на Законот, според која во даночната основица не влегуваат трошоците за превоз и другите трошоци што не се содржани во продажната цена туку продавачот ги плаќа по налог и за сметка на купувачот, се однесува врз случаите во кои производителска организација на здружениот труд или трговска организација на здружениот труд која алкохолните пијалаци ги продава на големо тие пијалаци им ги продава на угостителски единици од неугостителски организации, на самостојни дуќани и други потрошувачи, под услов продажбата да е извршена по цената франко продажното место, превозот да е извршен според нивно изрично барање и за нивна сметка и тие трошоци да се посебно искажани во фактурата испоставена на таков купувач. Кон копијата од фактурата, што ја вложува во својата книговодствена документација, продавачот е должен да ја приклучи и соодветната документација за тие трошоци.

Одредбата од точка 2 на тар број 4 од Тарифата, се применува врз прометот:

1) на алкохолни пијалаци што се увезени а кои без претходна доработка, преработка и др. можат непосредно да се пуштаат во промет на крајните потрошувачи во согласност со важечките прописи за производството и прометот на такви пијалаци. Разблажување, поточување, амбалажирање и сл. на такви пијалаци не се смета за преработка, дора-

ботка и слично во смисла на оваа одредба. Тие алкохолни пијалаци спаѓаат во алкохолни пијалаци во кои учеството на домашни суровини и друг репродукционен материјал е под 50% сметано според вредноста, па врз прометот на тие пијалаци се применува даночната стапка на основниот данок на промет на производи од 120%;

2) на алкохолните пијалаци што во Југославија ги произведуваат и ги пуштаат во промет според постапката и на начинот што се одредени со прописите за производството и прометот на такви пијалаци производителските организации на здружениот труд, а за кои во процесот на производството (дестилација, преработка, доработка и слично), покрај домашни, се употребени и увозни суровини и други репродукциони материјали што се користат во производството на алкохолни пијалаци вклучувајќи ја и амбалажата. Ако учеството на вредноста на увозните суровини и другиот репродукционен материјал вклучувајќи ја и царината и другите увозни давачки е поголемо од 50% во производителската цена на таквите алкохолни пијалаци, врз прометот на тие пијалаци се применува стапка на основниот данок на промет на производи од 120%.

Пиво, без оглед на содржината на чистиот алкохол, вклучувајќи го и производот кој се третира како безалкохолно пиво, се смета како производ врз кој се пресметува и се плаќа основен данок на промет на производи според точка 1 алинеја 1 тар. број 4 од Тарифата.

Врз прометот на природни вина, пенливи вина, вина од типот „бисер", природни десертни вина, медицински вина (кина-вино и др.), јаболкница и медовина, од точка 7 на забелешката кон тар. број 4 на Тарифата, без оглед дали се увезени или се произведени во Југославија, не се плаќа основен данок на промет на производи.

Како вињак од тар. број 4 на Тарифата се подразбира и дестилат на вино кој не содржи повеќе од 55 вол % чист алкохол и кој ги исполнува условите според прописите за производството и квалитетот на алкохолните пијалаци.

Како пенливи вина кои се ослободени од плаќање на основниот данок на промет според одредбата од точка 7 на забелешката кон тар. број 4 од Тарифата, се сметаат вината кои, покрај другите состојки (шеќер, алкохол, киселина и други состојки кои содржат природни вина), содржат и јаглен-диоксид во количините што се одредени со посебни прописи. Пенливи вина можат да бидат природни пенливи вина и вештачки (газирани) пенливи вина зависно од тоа дали јаглен-диоксидот настанал исклучително со алкохолно вриење или делумно е додаден под притисок. Зависно од содржината на јаглендиоксидот, пенливите вина можат да бидат полупенливи вина, пенливи вина и силно пенливи вина. Во овој вид вина спаѓаат вината кои се пуштаат во промет под називот: „Фрушкогорски бисер", „Грајски бисер", „Радгонски бисер", „Смедеревски бисер", „Бакарска водица", „Cuve Reserve" и други слични домашни и странски вина.

Во други алкохолни пијалаци од точка 1 алинеја 3 на тар. број 4 од Тарифата спаѓаат:

1) десертни вина кои се добиени со алкохолно вриење од презрело или превенато грозје од благородна винова лоза со додаток на шеќер. Во десертни вина спаѓаат и печени десертни вина кои се добиваат со алкохолно вриење на заварена (згусната) шира со додаток на шеќер;

2) ликерски вина кои се добиени од згусната и заблажена шира со додаток на виниски дестилат, како на пример: „Мистеле", „Косовски божур", „Црни опленачки бисер", „Диоклецијанова суза", „Нектар" и сл.;

3) ароматизирани вина кои се добиени од природни или специјални вина со додаток на мирисливи билки, како на пример, разни вермути, „Карловачки бермет" и слични вина;

4) десертни пијалаци кои се пуштаат во промет, како што се: „Рибизла-дезерт", „Шери-дезерт" и сл.;

5) ликери, односно алкохолни пијалаци кој според прописите со кои се регулира нивното производство и квалитет се сметаат како ликери;

6) жестоки алкохолни пијалаци кои се пуштаат во промет под називот: вотка, рум, виски, џин, коњак, арак, увозни ракии и слично без оглед дали се декларирани како природни или како вештачки пијалаци.

Како крајни потрошувачи, во смисла на тар. број 4 од Тарифата, се сметаат и единиците основани за давање угостителски услуги на членови на работните заедници и на членовите на организациите (угостителски единици на неугостителски организации), угостителски дуќани на самостојните угостители — во поглед на основниот данок на промет на производи, како и занаетчиските организации на здружениот труд што ги набавуваат производите од тој тарифен број заради продажба на крајните потрошувачи, односно заради сопствена крајна потрошувачка. Тие потрошувачи се должни врз прометот на алкохолните пијалаци што ќе го извршат, односно врз алкохолните пијалаци што ќе ги употребат за сопствена крајна потрошувачка самите да го пресметаат и платат посебниот данок на промет на производи.

Не се сметаат за крајни потрошувачи, во смисла на тар. број 4 од Тарифата, воено-угостителските установи кои во свој состав имаат погони — продажни места. Врз продажбата на алкохолни пијалаци на тие установи не се пресметува и не се наплатува данок на промет на производи, бидејќи тие се даночни обврзници кој тој данок го пресметуваат при продажбата на алкохолните пијалаци на крајните потрошувачи.

Производителските организации на здружениот труд, надворешнотрговските организации на здружениот труд и трговските организации на здружениот труд кои вршат продажба на алкохолни пијалаци на големо, можат алкохолни пијалаци да продаваат со плаќање на основен данок на промет само на оние самостојни угостители кои при набавката на тие пијалаци ќе го поднесат на увид одобрението за вршење угостителска дејност кон писмената порачка, издадено според важечките прописи. Тие продавачи се должни за секоја таква продажба, вклучувајќи ја и продажбата на природно вино, без оглед дали е извршена од склад, транзитно или на некој друг начин (од подвижна продавница и сл.), да испостават фактури, и копиите од фактурите да ги доставуваат до 10-ти во месецот, за промет извршен во изминатиот месец, до надлежниот општински орган кој му издал одобрение на самостојниот угостител, заедно со списокот на фактурите за продадените алкохолни пијалаци, кој содржи лично име на купувачот — самостојниот угостител, број на секоја фактура и вредност на призводите продадени според фактурата (член 37 став 1 точка 5 на Законот). Одредбите од овој став се однесуваат и врз индивидуалните занаетчии, производители на силни алкохолни пијалаци кога таквите пијалаци им ги продаваат на самостојни угостители.

Продажбата на алкохолни пијалаци на бродови на крајбрежната и внатрешната пловидба или во други превозни средства, подлежи на плаќање на основниот данок и на посебниот данок на промет на производи во матичната лука на бродот, односно во домицилната станица или местото за регистрација на превозното средство.

Како даночен обврзник во прометот на алкохолни пијалаци се смета, во смисла на член 12 став 1 на Законот, и граѓанин кој алкохолни пијалаци им продава на крајни потрошувачи. Даночната основица ја сочинува пазарната цена по која алкохолниот пијалак се продава во местото во кое е извршен прометот а неа ја утврдува општинскиот орган на

управата надлежен за работите на приходите. При утврдувањето на даночната обврска пресметувањето и наплата на данокот на промет на производи во прометот на алкохолни пијалаци што го вршат граѓани, се применуваат одредбите од член 24 став 8 на Законот.

Производителската организација на здружениот труд, увозникот и продавачот на големо се должни, во смисла на член 15 став 1 на Законот, во фактурата за продажба на алкохолни пијалаци на продавач на мало за секој продаден пијалак да го внесат неговиот вид и др., како и тарифниот број и стапката по која врз неговиот промет се плаќа основен данок на промет на производи.

17. Промет на производи од тар. број 5 на Тарифата

Член 24

Врз продажбата на алкохол (етанол) од тар. број 5 на Тарифата, даночниот обврзник врши пресметување на данок со примена на пропишаните даночни стапки од тој тарифен број зависно од намената за која алкохолот им го продава на купувачите.

Пресметувањето на данокот се врши со примена на пропишаната даночна стапка во фиксен износ врз даночната основица што ја сочинува еден хектолитарски степен на чист алкохол.

Купувачот на алкохол е должен да води посебна евиденција за набавка на алкохол ослободен од плаќање данок на промет, односно алкохол набавен за натамошна продажба или за потребите од точ. 1 и 2 на Тар. број 5 од Тарифата, која пред употребата мора да ја завери службата на општественото книговодство надлежна според седиштето на купувачот. На купувачот кој неточно или неуредно ја води евиденцијата од овој став на сите набавени количини на алкохол ќе му се наплати данок по стапка од точка 3 на тар. број 5 од Тарифата (точка 5 на забелешката кон тар. број 5). Се смета дека купувачот води евиденција, ако во своето книговодство има податоци предвидени во овој став.

Како денатуриран алкохол за гориво, на чии промет се плаќа данок според точка 4 од став број 5 на Тарифата, се подразбира алкохол кој пред пуштањето во промет е денатуриран со средство кое се состои од суров метил алкохол (метанол) и дрвно масло во волуменски размер од 8 : 0,5 (на осум литра метил-алкохол доаѓа 0,5 литра дрвно масло). Метил-алкохолот и дрвното масло мораат претходно да се измешаат и таа мешавина во количина од 4 кг. се додава на секој 100 hl° алкохол кој се денатурира. За денатурирањето и продажбата на алкохол за гориво води посебна евиденција производителот.

Како производители на алкохолни пијалаци кои алкохолот за производството на алкохолни пијалаци можат да го набавуваат со плаќање на данок на промет на производи по стапката од точка 1 на тар. број 5 од Тарифата, се подразбираат само производителските организации на здружениот труд што вршат производство на жестоки алкохолни пијалаци, специјални вина (ликерски, ароматизирани и сл.) и други алкохолни пијалаци, кои се произведуваат со додаток на етанол, и кои се регистрирани за вршење на таа дејност. Продавачите — даночните обврзници се должни во фактурата за продажба да означат, врз основа на изјавата од купувачот и со повикување на бројот и датумот на истата, за кои цели е продаден алкохолот. Се смета дека алкохолот е набавен за производство на алкохолни пијалаци (точка 1 на тар. број 5 од Тарифата) и кога производителските организации на здружениот труд го набавуваат под условите од член 6 на Законот како репродукционен материјал за производство на есенции, ароми, масерати и други полупроизводи што служат за производство на алкохолни пијалаци.

Производителската организација на здружениот труд која набавува алкохол под условите од точка 3 на забелешката кон тар. број 5 од Тарифата е должна во писмената изјава, што му ја дава на продавачот, изрично да наведе за кој вид производство набавува алкохол како репродукционен материјал без плаќање данок на промет на производи.

Врз алкохолот (етанол) кој се набавува на начинот и под условите од точка 3 на забелешката кон тар. број 5 од Тарифата за производство на индустриско вино (Brennvein) за извоз, не се плаќа данок на промет.

Врз алкохолот кој производителските и други организации на здружениот труд го набавуваат за пулпирање овошје кое не се извезува, се пресметува данок на промет според точка 1 од тар. број 5 на Тарифата.

Организацијата на здружениот труд која изведува пулпирано овошје може, во смисла на член 36 став 1 точка 2 на Законот, да набавува под условите од член 6 став 4 на Законот, алкохол (етанол) за пулпирање на тоа овошје без плаќање данок на промет на производи. Во писмената изјава што му ја поднесува на продавачот на алкохол, таа организација на здружениот труд е должна да наведе дали пулпирното овошје за кое набавува алкохол без плаќање данок на промет ќе го извезе сама или извозот за нејзина сметка ќе го изврши друга организација на здружениот труд. За така набавените и употребени количини на алкохол за пулпирање на овошјето што е извезено купувачот е должен да води посебна евиденција одредена во точка 5 од забелешката кон тар. број 5 од Тарифата и да обезбеди царинска документација за извршениот извоз. Врз алкохолот содржан во алкохолизираниот сок кој ќе престане по издвојувањето на пулпираното овошје што е извезено се пресметува и се плаќа данок на промет според точка 1 тар. број 5 на Тарифата. Ако алкохолизиран сок кој ќе преостане по издвојувањето на пулпираното овошје им се продава на крајните потрошувачи од тар. број 4 на Тарифата, таквиот производ во поглед на данокот на промет се третира како пијалак од точка 1 алинеја 3 на тој тар. број. Ако таков производ се продава под условите пропишани во член 6 на Законот на производителски организации на здружениот труд за натамошна преработка, или се продава на трговски организации на здружениот труд за натамошна продажба, не се плаќа данок на промет на производи.

Врз вински дестилат со јачина над 55 vol% алкохол се плаќа основен данок на промет на производи според точка 2 или точка 3 на тар. број 5 од Тарифата, а врз вински дестилат со јачина до 55 vol% алкохол — според точката 1 алинеја 3 на тар. број 4 од Тарифата, освен ако се набавува под условите и на начинот од член 6 став 4 на Законот од страна на производителските организации на здружениот труд за производство на алкохолни пијалаци во кој случај не се плаќа данок на промет на производи.

Право на набавка на вински дестилат без плаќање данок на промт на производи, имаат, под условите од член 6 став 4 на Законот, само производителските организации на здружениот труд од став 5 на овој член ако тој дестилат го набавуваат исклучително за производство на алкохолни пијалаци. Тие производи се должни за така набавените и потрошените количини на вински дестилат да водат посебна евиденција од точка 5 забелешка коч тар. број 5 од Тарифата.

18. Промет на производи од тар. број 6 на Тарифата

Член 25

Врз прометот на патнички автомобили од тар. број 6 на Тарифата, даночниот обврзник врши пресметување на данокот на промет на производи со примена на пропишаните даночни стапки одредени според вредноста на автомобилот која ја сочинува даночна основица.

Даночен обврзник е продавачот на автомобили од став 1 на овој член кој е должен да врши пресметување и плаќање на данокот во прометот што ќе им го изврши на општествени правни лица. Во прометот што ќе им го изврши на граѓани и граѓански правни лица данок на промет на производи плаќа самиот купувач спрема местото на своето живеалиште, односно седиште.

Како патнички автомобил, од тар број 6 на Тарифата се подразбираат автомобилите за превоз на патници со најмногу 9 седишта, вклучувајќи го и седиштето за возачот, кои се опфатени со југословенскиот стандард JUS M. N0.010 со децимална ознака 1—5 и 2. Според тај тарифен број данок се плаќа и на прометот на комбибуси (од децималната ознака 1—65 на тој стандард) кои имаат 7 до 10 седишта за патници, едно седиште за возачот и голем простор за багаж, ако продажбата се врши на граѓани и граѓански правни лица. Општествените правни лица можат под условите од член 6 на Законот да набавуваат комбибуси како своја опрема (член 7 на Законот) без плаќање данок на промет на производи.

Даночната основица за патнички автомобил од увозот ја сочинува вредноста на тие автомобили утврдена според царинските прописи, заедно со царината и со другите царински давачки што се плаќаат при увозот. Ако продажбата се врши од консигнационен склад, даночната основица се утврдува според одредбите од член 7 на овој правилник.

Врз прометот на резервни делови и надворешни и внатрешни гуми за патнички автомобили од тар. број 6 на Тарифата се плаќа основен данок на промет на производи според тар. број 1 од Тарифата.

Како единствена продажна цена во прометот кој се врши во Југославија за динари, која во смисла на точка 3 од забелешката кон тар. број 6 на Тарифата ќе ја одреди домашен производител, се смета цената на патничкиот автомобил без данок на промет која како единствена цена е утврдена во важечкиот ценовник на производителите за промет во Југославија.

Производителот е должен, во смисла на член 15 став 1 на Законот, во фактурата за продажба на производи на продавачите на мало да изјави дека малопродажната цена од став 1 односно став 2 на овој член е единствена.

Како единствена продажна цена во прометот на мало кој се врши во Југославија за девизи, или делумно за девизи а делумно за динари, се смета продажната цена на мало искажана во динари која во таквиот промет е единствена.

Амбулантите за превоз на болни опфатени со југословенскиот стандард JUS M.N0.010 децимална ознака 4—1 и други специјални санитетски возила со вградени потребни уреди за болни, специјалните противпожарни возила, погребните моторни возила, специјалните возила за потребите на милицијата и патролната служба со вграден радио-уред и други уреди, како и теренските автомобили, не спаѓаат во производите од тар. број 6 на Тарифата туку во производите од тар. број 1 на Тарифата па под условите од чл. 6 и 7 на Законот можат да се набавуваат како опрема без плаќање данок на промет за производи. Возилата изведени од патнички автомобили, како што се амбулантни возила за превоз на медицински персонал и подвижни болни, возилата за ПТТ, возилата за лесни сервиси и други слични возила, се сметаат како патнички автомобили од тар. број 6 на Тарифата.

19. Промет на производи од тар. број 7 на Тарифата

Член 26

Пакување на хартија за цигари од тар. број 7 на Тарифата во книшки и пуштање во промет таква хартија може да врши исклучително производителот. Увозник може да пушта во промет хартија за цигари во листови (книшки) само ако е увезена во Југославија веќе пакувана во книшки.

Даночниот обврзник е должен, во смисла на член 3 од овој правилник, врз фактурата за продажба на хартија за цигари што ја пушта во промет несечена или сечена (точка 2 алинеја 2 тар. број 7 на Тарифата) да стави клаузула дека се продава хартија за цигари (а не пелир-хартија и сл.), како и дека данокот на промет на производи е пресметан по стапка од 500% врз даночната основица утврдена според одредбите од чл. 16 и 17 на Законот.

20. Промет на производи од тар. број 8 на Тарифата

Член 27

Како козметички, парфимериски и тоалетни производи во точка 1 тар. број 8 на Тарифата се подразбираат: парфеми, колонска вода и сл.; кремови, млеко, лосиони и други производи за нега на кожата, кремови, пени и слично кои се употребуваат за бричење; ружеви за усни, шминка, пудер и други препарати за маскирање; лакови за нокти, пасти за нокти препарати за полирање нокти, растворачи за нокти и слично; масло, вода и помади за коса; препарати за ондулација за коса, бојсување на коса, одбојадисување на коса; фиксантери за коса и други препарати за коса; кремови и моливи за трепки и други слични производи; препарати за отстранување влакна; препарати за отстранување непријатни мириси (дезодоранси и др.); кремови за нозе како и други слични производи. Не се сметаат како производи од овој став: сапуни од сите видови (во цврста, полуцврста или текушта состојба или во прав); освежувачки и хигиенски шамивчиња; капки за очи; заштитни кремови за раце; средства за вадење жулеви; средства против реума; шампони за коса; сапуни за бричење од сите видови; пасти и прашоци за заби и лосиони за уста; пудер, кремови, беби-масла, беби-млеко и пенливи купки за деца.

Како природни крзна врз кои се плаќа основен данок на промет на производи според тар. број 8 од Тарифата, се подразбираат крзната од: ангорска коза, дабар, видра, дива мачка, 'ртица, вевер ица, леопард, јагуар, пантер, хиена, шакал, ирвас, куна, нутрија, мали американски мечки, кенгур, опозум, бизам, мрзливец, мајмун, сребрена, сина, платинска, црна, сива и бела лисица, астраган, перзијанер, чинчила, хермелин, скункс, како и рисови крзна, самуровина, вомбат, балабај крзна и други крзна од дивеч(од зајак, волк, лисица, јазовец и др). Не се смета за природно крзно од тар. број 8 на Тарифата кожа од домашни животни со длака или без длака (овца, јагне, коза, коњ, магаре, теле и др), бидејќи тие производи спаѓаат во производите од тар. број 11 став 1 точка 16 на Тарифата, врз чиј промет се применува даночна стапка од 8%.

21. Промет на производи од тар. број 9 на Тарифата

Член 28

Како производи од точка 1 на алинеја 2 тар. број 9 од Тарифата се подразбираат сите предмети што се изработени од леано (небрусено) оловно стакло бојосано или небојосано во кои учеството на увозни суровини и материјали е 50% или повеќе од 50% во продажната цена во која не е засметан данокот на промет на производи. Ако во тие производи учеството на тие материјали и суровини е под 50%, данок на промет на производи се плаќа според тар. број 1 од Тарифата. Како оловно стакло од овој став се подразбира калиумово стакло кое

содржи 18% или повеќе оксиди на олово и калиум-калциумово стакло („чешки кристал" и „штрас стакло") кои содржат 50% до 55% оксид на олово.

Како украсни стоки од точка 2 алинеја 3 тар. број 9 од Тарифата се подразбираат фигури и други украсни предмети за стан или мебел, кои се изработени од подрцулан, мајолика, теракота, фајанас и друг керамички материјал (на пример, украсни чинии, свеќници, вази, пепедници, лустери, светилки со постамент од керамички материјал, фигури на луѓе и животни и др.). Меѓутоа, врз садовите за јадење (чинии, чанаци, шоли, чаши и др) поединечно или во сервиси и сетови, кои секојдневно се употребуваат а се изработени од порцулан, мајолика, фајанс и од друг керамички материјал. данокот на промет на производи се плаќа според тар. број 1 од Тарифата

Како природни скапоцени камења од точка 3 тар. број 9 од Тарифата се подразбираат: дијамант; корунд со своите вариетети (рубин, сафир, источњачки смарагд, аметист, аквамарин, хризонит и хијасинт, источњачки топаз); спинел (рубин-спинел Балос-спинел — рубин, син спинел-сафир и црн спинел); берил (смарагд, аквамарин, златен берил и морганит); хризоберил.

Како природни полускапоцени камења врз кои се плаќа данок според тар. број 1 од Тарифата, се подразбираат:

1) опал (благороден опал, огнен, обичен и полуопал, хидрофан, кашалонг), циркон-хиацинтин; топаз, хризолит и оливин;

2) гранит (гросулар, црн меланит, пироп, чешки гранат, аламан, аламандин, аперсартин, топазолит, уваровит и др.); турмалин; тиркиз, вазувијан;

3) фелдспати (амазонски камен, жолт ортоклас, сончев камен, месечев камен, лабрадор и др.); кварц (горски кристал, сиѓав кварц, аметист, розикав кварц, цитрин, чешки топаз, авантурин, мачкино око, тигрово око, јаспис и др.); ортокласиглинеленец (прозирен месечев камен, зелен амазонец и др.).

Како природен бисер од точка 3 тар. број 9 на Тарифата се подразбира вистински природен бисер кој е производ од бисерни остриги или школки добиен по природен пат без посредство на човек. Култивираниот бисер кој е производ од тие мекушци со уфрлување на зрнциња од седеф во поглед на данокот на промет се смета за полускапоцено камење.

Како крајни потрошувачи во прометот на сурово, печено и мелено кафе и екстракт од кафе се сметаат и угостителските организации на здружениот труд.

22. Промет на производи од тар. број 10 на Тарифата

Член 29

Како бетонски челик од точка 2 тар. број 10 на Тарифата се подразбираат и сите други метални производи кои според своите карактеристики можат да служат за целите за кои се користи бетонски челик (железо) без оглед под каков трговски назив се пуштаат во промет (на пример: и како влечена или некаква друга жица, арматура и сл.). Ако такви производи им се продаваат на граѓани и други купувачи кои немаат право на набавка на репроматеријал без плаќање данок на промет, се третираат како бетонски челик или како валана жица.

Како производи од точка 5 тар. број 10 на Тарифата се подразбираат: бои (маслени бои, битуменски бои, подводни бои, маслени бои специјални, печатарски бои и сл.); анилински бои и пигменти (директни бои, индантренски и редуктивни бои, урсоли, казеински бои, сулфурни бои, пигмент-бои, бои за козметика, нитроцелулозни бои, органски премази, бои за гума, природни бои и екстракти, природни и вештачки органски бои — лакмус и сл.; суви бои, минерални бои, литопон, оксиди, поликолор и сл.); фирниси (фирнис ленен, фактор фирнис, фирнис врз база на други технички масла и др.); лакови (маслени лакови, изолациони лакови и др.); емајли (маслени емајли), маслени емајли врз база на глиптоли, маслени емајли врз база на колофониум, нитролакови и емајли, целонски лакови и емајли (шпиритни лакови и емајли и др.); разредувачи (разредувачи за маслени лакови и емајли, шпиритни разредувачи, нитро-разредувачи и др.); премазни средства (сите средства што служат за обработка на дрвенарија и мебел); глазури (премазен материјал за завршни работи, како и разни средства за политирање).

Врз туткал и други лепила, китови, гипс, штрицла, каолин, магнезит, „фасапласт", „терапласт" и слични производи што се користат во областа на градежништвото, данокот на промет на производи се пресметува според тар. број 1 од Тарифата кога тие производи им се продаваат на крајните потрошувачи.

Данокот на промет според точка 7 тар. број 10 од Тарифата се плаќа по стапка од 20% врз сите предмети изработени од брусено кристално (оловно) стакло, боено или небоено, вклучувајќи и садови за јадење и сл. (чаши, шишиња одделно или во сервиси, итн.).

Како производи изработени од брусено кристално (оловно) стакло се сметаат сите брусени предмети изработени од калиумово стакло (оловно стакло) кое содржи околу 18% и повеќе оксид на олово, предмети изработени од калиум-калциумово стакло („чешки кристал") и предмети изработени од брусено „штрас стакло" кое содржи 50 до 55% оксид на олово.

Ако во производите од ст. 3 и 4 на овој член учеството на увозните суровини според вредноста е 50% и над 50% во продажната цена во која не е вклучен данок на промет, данок се плаќа по стапка од 45%.

23. Промет на производи од тар. број 11 на Тарифата

Член 30

Врз продажбата на лекови од точка 19 тар. број 11 на Тарифата на медицински центри, домови на здравје и други здравствени организации на здружениот труд и на крајни потрошувачи, продавачот-даночен обврзник пресметува данок на промет на производи со применување на даночна стапка од 8% врз даночната основица — цената по која производителот, увозникот или продавачот на големо ги продаде лековите.

Како даночни обврзници во прометот на лекови се сметаат и апотеките, дрогериите и другите организации на здружениот труд што вршат промет на лекови од точка 19 тар. број 11 на Тарифата — на крајните потрошувачи без оглед дали работат самостојно или во рамките на медицински центри или други здравствени организации на здружениот труд. Тие обврзници набавуваат лекови без плаќање данок на промет на производи при задолжително давање писмена изјава на продавачот во која мора да биде изрично наведено дека лековите се набавуваат без данок на промет заради натамошна продажба. Ако тие обврзници не му ја поднесат на продавачот писмената изјава од овој став прават стопански престап од член 50 став 1 точка 3 на Законот.

Лековитите супстанци што се користат при изработката на магистрални лекови или лекови што се изработуваат по рецепт се сметаат за про-

изводи од точка 19 тар. број 11 на Тарифата врз кои се плаќа основен данок на промет.

Како лекови од точка 19 тар. број 11 на Тарифата се сметаат производите од член 2 став 2 точ. 1, 2, 5 и 7 и став 3 на Законот за пуштањето на лекови во промет (освен производите од точка 3 став 4 на забелешката кон тар. број 11 од Тарифата), како и завојниот материјал и средствата за шиење рани, гумени чорапи, пластични завои за вени и појаси за реума од чиста рунска волна.

Не се плаќа данок на промет врз производите од точка 3 став 4 на забелешката кон тар. број 11 од Тарифата, врз лековити билки и други производи од член 2 став 2 точ. 3, 4 и 6 на Законот за пуштање на лекови во промет, како ниту на инфузиони раствори за парантерална исхрана, растворите за регулирање на електролитите, диететските препарати со тераписка индикација, против отрови, (антидоти), контрастни и други дијагностички средства.

Како украсен камен, мермер и гранит од точка 20 тар. број 20 на Тарифата се подразбираат производите од тар. бр. 25.15 и 25.16 на Царинската тарифа.

24. Промет на производи од тар. број 12 на Тарифата

Член 31

Данок на промет на производи според тар. број 12 од Тарифата не се плаќа на прометот на ткаенини и други текстилни производи изработени од над 20% вигоњ-предиво, или од предиво со над 50% до 70% руска или табачка волна со квалитет од повеќе од 30 микрони, или од предиво со над 20% вештачки влакна врз база на регенерирана целулоза или синтетички полиакрилни, полиамидни и полиестерски влакна под називот „Малон", „Супрален", „Ултралон", „Супрал", „Тафтилон", „Призенит", „Маклен" и „Белира".

Како вештачки влакна врз база на регенерирана целулоза се подразбираат сечени влакна и бескрајни влакна (цел-влакно, рајон и ацетатна вештачка свила).

Учеството на одделни материјали од тар. број 12 на Тарифата во одделни производи во поглед на видот, финоста и процентот на содржината, се утврдува според соодветните југословенски стандарди за соодветните материјали. Учеството на тие материјали во теписи, душеци, јоргани и перници се утврдува според флор-основата, односно според лицето на тепихот, јорганот, душекот и перниците.

Суровинскиот состав на вигоњ-предиво во производите изработени и од тоа предиво, се утврдува според југословенскиот стандард JUS F.B2.021.

Производителите, увозниците и продавачите на големо се должни при продажбата на производите од овој член што ја вршат на продавачи на мало кои се даночни обврзници на данокот на промет да постапуваат според одредбата од член 5 став 1 на овој правилник.

Како други текстилни производи од тар. број 12 на Тарифата се подразбираат готовите стоки изработени од текстил или претежно од текстилни материјали, текстилни предива и конец; тил, панделки, ленти, везови и други позамантериски стоки; специјални текстилни ткаенини (филцеви, превлечени или импрегнирани ткаенини вклучувајќи и еластични ткаенини и еластична позамантерија); јажиња, кабли и ортоми од текстилни материјали и изработки од нив (рибарски мрежи и други мрежи изработени од јажарија); тулци за шапки; вата и предмети од газа, завои, фитили од текстилни влакна, ткаенини и други текстилни предмети за техничка употреба; цевки за пумпи и слични цевки од текстилни материјали, ремења за транспортери и трансмисии од текстилни материјали и други производи од текстилни материјали (вреќи и кеси, чиради, шатори, платнени покриви, едра и други стоки од чиради); кебиња и патнички покривки; креветска рубелина и други предмети за преслекување вклучувајќи и трпезни чаршави и салвети; јоргани, душеци, перници и сл.; пешкири, завеси, драперии, прекривачи за кревети и софи и други текстилни предмети за домаќинство; ткаенини за чадори и чадори и сонцобрани изработени претежно од тие ткаенини; пневматски текстилни перници, мрежи за купување, знамиња и сл.; покривки за под (теписи, килими и простирки); таписерии; облеки и рубелина од текстилни ткаенини, плетени и преплетени ткаенини (шамивчиња, шалови, шамии, велови, кравати, околувратници, манжети, панделкави набори, стезници, нараменици, подврзници, нараквици, чорапи, сокни и сл.); капи и шапки и др.

Врз теписите јазлувани со рака со повеќе од 120.000 јазли на 1 m^2, без оглед на суровинскиот состав, како и врз волнените простирки ткаени со рака, еднобојни или мелирани, данок на промет на производи се плаќа според точка 3 тар. број 8 од Тарифата.

III. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ

Член 32

Со Законот се предвидени факултативни (условни) и облигаторни (задолжителни) ослободувања од плаќање данок на промет на производи.

Како факултативни (услови) ослободувања се подразбираат ослободувањата од плаќање на данок на промет на производи во врска со исполнувањето на одредените услови за набавка на опрема која служи како основно средство на организацијата на здружениот труд или друго општествено правно лице, или за набавка на материјали за репродукција што ги набавуваат производителските организации на здружениот труд заради користење во процесот на производството и др. За факултативно ослободување од плаќање на данок на промет на производи мораат при набавката да бидат исполнети условите пропишани со закон, и тоа:

1) купувачот на таквите производи да е овластено лице кое според законот е одредено како такво;

2) купувањето на опрема, материјали за репродукција или производи наменети за натамошна продажба да се врши непосредно од производителот, увозникот или продавачот на големо.

3) купувачот да му даде на продавачот, пред испоставувањето на фактурата, односно пред преземањето на производот, писмена изјава дека купените производи ќе ги користи за намената која му дава право односните производи да ги набавува без плаќање данок на промет.

Трговската организација на здружениот труд која во смисла на член 6 став 1 точка 1 на Законот, набавува производи без плаќање данок на промет на производи заради натамошна продажба е должен да му поднесе на продавачот — општествено правно лице врз порачката или како посебен прилог кон порачката, писмена изјава дека порачаните производи ги набавува исклучително заради натамошна продажба. Продавачот е должен со повикување на таа изјава, во фактурата за продажба да внесе клаузула дека врз продадените производи не е пресметан данок на промет на производи, бидејќи е во прашање промет од член 6 став 1 точка 1 на Законот. Ако во текот на годината се вршат сукцесивни набавки на производи според еден договор, трговската организација на здружениот труд — купувач може да даде изјава само кон првата порачка во која изрично ќе наведе дека и сите производи што ќе ги набавува сукцесивно подоцна според соодветниот дого-

вор ќе ги набавува исклучително заради нивна натамошна продажба, а продавачот при подоцнежните испораки ќе се повикува во фактурите за продажбата на договорот и на бројот и датумот од таа изјава.

Како облигаторни (задолжителни) ослободувања се подразбираат ослободувањата од плаќање на на данок на промет на одредени производи, кои му овозможуваат на секој купувач (општествено правно лице, граѓанин и др.) тие производи да може да ги набавува без клаќање данок на промет кај секој продавач.

1. Ослободување од плаќање данок на промет на репродукционен материјал

Заеднички одредби

Член 33

Производителските и со нив изедначените организации на здружениот труд, производителските договорни организации на здружениот труд, производните погони и производните работни единици, предвидени со статутот, односно со друг општ акт, во состав на непроизводни организации на здружениот труд или други општествени правни лица, како и научноистражувачките институти или заводите што имаат лаборатории, експерименталните работилници или погони за унапредување на производството (член 6 ст. 2 и 3 на Законот), можат да набавуваат материјал за репродукција без плаќање данок на промет на производи (основен и посебен), и тоа:

1) од производителска организација на здружениот труд која произведува репродукционен материјал, или

2) од трговска или надворешнотрговска организација на здружениот труд која врши промет на стоки на големо (продажба од склад или друга деловна единица или транзитно и при задолжително водење посебна евиденција за таква продажба и издавање фактура), или

3) од самостоен занаетчија — производител кој произведува репродукционен материјал и кој води деловни книги или книга на прометот и испоставува фактури за продажба на производи, или

4) од увозот.

Како репродукционен материјал што купувачите од став 1 на овој член можат да го набавуваат без плаќање данок на промет се подразбираат производите одредени во член 8 на Законот, освен оние за кои со Законот е пропишано дека можат да се набавуваат само ако е платен основниот данок на промет на производи (течни горива и мазива и др.).

Како репродукционен материјал кој под одредени услови купувачите од став 1 на овој член можат да го набавуваат без плаќање данок на промет, се сметаат и палети, жици конопи, манила, рафија, лепливи ленти, пакартија, етикети, налепници, винети, упатства за употреба на производи, писмена гаранција и слични производи што се лепат или се прицврстуваат врз финалниот производ, односно што се стават во амбалажата, како и полиетиленски платна што се користат во земјоделството и средства за сушење тутун што им се даваат на индивидуалните производители кои произведуваат тутун во кооперација со задружни или други производителски организации на здружениот труд.

Како репродукционен материјал, во смисла на овој член, се сметаат и производите кои како помошен или потрошен материјал се трошат во процесот на производството или кои служат за ситни поправки, одржување и чистење опрема и производни простории (сапун, детерценти, крпи, волна за чистење — пуцвол, метли, четки и сл.).

Репродукционен материјал набавен без плаќање данок на промет може да се користи исклучително во производството (за репродукција).

Врз откупот, односно преземањето на употребувани производи со потрајна употребна вредност кој ќе се изврши според одредбите од член 16 ст. 8 и 9 на Законот, не се плаќа данок на промет на производи.

При набавката на индустриски и други отпадоци (крпи и други текстилни отпадоци, старо железо, стакло, отпадна хартија, картон, лепенка и др.) што ќе ја изврши од граѓанин или од граѓанско правно лице исклучително за потребите на сопствената репродукциона потрошувачка без плаќање основен и посебен данок на промет на производи, производителската организација на здружениот труд од член 6 ст. 2 и 3 на Законот е должна во налогот за исплата на договорената цена да внесе податоци за видот и количината на набавените отпадоци, цената по која се набавени и клаузула дека е во прашање промет од член 6 став 7 на Законот кој е ослободен од плаќање данок на промет на производи. Согласно со член 10 од Законот, производителската организација на здружениот труд е должна да води евиденција за купените количини и за видовите на таквите отпадоци, како и за нивното движење и потрошок.

Одредбите од ст. 6 и 7 на овој член не се однесуваат на случаите во кои општествено правно лице купува од граѓанин или од граѓанско правно лице негов употребуван предмет како опрема, односно како резервен дел за замена на својата опрема или кога тие предмети, кои не спаѓаат во отпадоците од став 7 на овој член, ги набавува производителска организација на здружениот труд како репродукционен материјал, па врз таквиот промет се пресметува и се плаќа данок на промет на производи (член 13 став 2 на Законот). Даночен обврзник на основниот данок на промет на производи во таквиот промет е купувачот.

Член 34

Купувачите од член 33 на свој правилник се должни при набавката, пред испоставувањето на фактурата за продажба, односно пред испораката на репродукциониот материјал ако кој се испорачува пред издавањето на фактурата, да му поднесат на продавачот, односно на царинарницата ако односниот материјал се увезува, писмена изјава во која, покрај другото, го наведуваат законскиот основ врз основа на кој таквата набавка е ослободена од плаќање данок на промет, односно врз основа на кој врз таквата набавка данок се плаќа по пониска даночна стапка (член 6 ст. 4 и 5 на Законот).

Изјавата од став 1 на овој член мора да биде дадена или непосредно врз самата порачка или врз посебен прилог кон порачката и мора да биде нумерирана, датирана и потпишана од одговорните лица на купувачот. Во порачката мора да биде наведен видот и количината на репродукциониот материјал кој се набавува без плаќање данок на промет на производи.

Изјавата мора да биде изрична, потполна и уредна. Изјавата мора да ги содржи податоците пропишани во член 6 став 4 на Законот и да ги исполнува условите што се предвидени за книговодствен документ, бидејќи ако не ги исполнува не се смета за изјава во смисла на член 6 од Законот и овој член.

Продавачот е должен врз фактурата за продажба да стави клаузула дека материјалот за репродукција е продаден без пресметување данок на промет на производи врз основа на писмената изјава од купувачот, со повикување на бројот и датумот од таа изјава, и таа изјава да ја приклучи кон копијата од фактурата за продадениот репродукционен материјал како доказ врз основа на кој врз тој материјал не е пресметан данок.

Царинарницата ја приклучува писмената изјава кон другите исправи за цариќење како доказ врз

основа на кој врз увезениот материјал не е пресметан данок.

Ако од одредбите на Законот или одредбите на овој правилник очигледно произлегува дека производите што се увезуваат за сметка на купувачите од член 33 на овој правилник не се сметаат за репродукционен материјал изземен од плаќање данок или дека тие производи го немаат тој карактер во однос на купувачот, царинарницата, без оглед на формалната исправност на поднесената писмена изјава, ќе го предупреди купувачот, односно увозникот на последиците предвидени во член 50 став 1 точка 3 на Законот и за тоа ќе стави забелешка во исправите за увоз. Ако и покрај предупредувањето увозникот инсистира на ослободување од плаќање данок на увезените производи, царинарницата по завршување на постапката за царинење ќе достави извештај со потребни податоци до надлежната служба на општественото книговодство кај која купувачот — давателот на писмена изјава има своја жиро-сметка, заради евентуално поведување на постапка.

Производителската организација на здружениот труд, трговската организација на здружениот труд која продава производи на големо и самостојниот занаетчија-производител од член 33 на овој правилник, не можат производите да му ги продадат на купувач без пресметување на пропишаниот данок ако од одредбите на Законот или одредбите на овој правилник очигледно произлегува дека тие производи не се сметаат како репродукционен материјал изземен од плаќање данок или дека тие производи го немаат тој карактер во однос на купувачот без оглед што купувачот дал формално исправна писмена изјава од овој член. Ако така не постапат подлежат на санкции од член 50 став 1 точка 4 на Законот.

Член 35

Ако производителските организации на здружениот труд од член 33 на овој правилник продаваат репродукционен материјал кој го набивиле без плаќање данок на промет или делумно го користат за други цели а не за репродукција, должни се при продажбата на тој материјал на купувачите кои немаат право на набавка без плаќање на данок, односно при земањето за потрошок за други ненаменски цели — да го пресметаат данокот на промет според пропишаната стапка и доказот за пресметаниот и платениот данок да го приложат кон евиденцијата за употреба на тој материјал. Доказот за пресметаниот и уплатениот данок ја отстранува во тие случаи примената на казнената санкција предвидена во член 50 на Законот. Во случај на продажба на тој материјал данокот на промет на производи се плаќа во рокот одреден во член 24 став 3 на Законот.

Ако репродуционен материјал купува друга производителска организација на здружениот труд, тој материјал може да ѝ се продаде без плаќање данок на промет под условите од чл. 33 и 34 на овој правилник.

Репродукционен материјал кој се користи во градежништвото

Член 36

Како градежни објекти од член 8 став 1 точка 4 на Законот се сметаат и монтажни згради, како и киосци, продавници, гаражи, станичните објекти на градскиот сообраќај, јавни телефонски говорници и други слични објекти — кои со цврст материјал се врзани за земјиштето на локацијата одредена од страна на надлежниот орган и кои имаат вградени инсталациони мрежи и уреди неопходни за функционирање на таквите објекти. Како градежни објекти се подразбираат и гробници, споменици и други слични обележја кои според важечките прописи се сметаат како градежни објекти.

Како организации на здружениот труд од областа на градежништвото и градежното занаетчиство од член 6 став 2 на Законот се подразбираат организациите на здружениот труд што се регистрирани за:

1) вршење работи на градење: во високоградба, во нискоградба и одржување патишта, вклучувајќи го и одржувањето на пловните патишта, во хидроградба; или

2) вршење работи на монтажа; или

3) вршење работи на завршните работи во градежништвото: ѕидарски, молерско-фарбарски, фасадерски, градежно-лимарски, браварски, стаклорезачки работи; работи на поплочување, асвалтирање, покривање покриви и сл.; внатрешни инсталатерски работи за водовод, канализација, електрика, гас, пара и сл. или

4) изведување инвестициони работи во сопствена режија.

Градежните погони и градежните единици во состав на организации на здружениот труд вон областа на градежништвото можат да набавуваат градежен репродукционен материјал без плаќање данок на промет само ако се регистрирани за вршење инвестициони работи во сопствена режија (член 37).

Организациите на здружениот труд од областа на градежништвото и градежното занаетчиство, како и градежните погони и градежните единици можат, под условите од член 6 на Законот, да набавуваат градежен репродукционен материјал без плаќање данок на промет на производи само ако, покрај регистрацијата кај надлежниот суд за вршење работи од став 2 на овој член, имаат соодветна опрема и стручен кадар за вршење на тие работи, како и ако ги изведуваат тие работи сами во свое име и за своја сметка.

Репродукциониот материјал кој организациите на здружениот труд од областа на градежништвото и градежното занаетчиство можат да го набавуваат под пропишаните услови без плаќање данок на промет на производи, можат тие организации да го употребат за сите работи на изведба, реконструкција, адаптација, поправки, како и за редовно и за инвестиционо одржување на градежните објекти — без оглед дали односниот објект се наоѓа во општествена сопственост или во сопственост на граѓани и граѓански правни лица.

Како репродукционен материјал кој го употребуваат организациите на здружениот труд од областа на градежништвото и градежното занаетчиство се подразбираат и производите на градежната столарија кои тие организации ги вградуваат во градежните објекти (врата, прозорци, ролетни, пердиња, шалони, капаци, рагастови, паркет и сл.) без оглед од кој материјал се изработени (дрво, метал, пластика и др.).

Занаетчиските и комуналните организации на здружениот труд кои покрај градежно вршат и други дејности, можат да го користат правото на набавување градежен репродукционен материјал без плаќање данок на промет само ако имаат посебен градежен погон или градежна работна единица во смисла на член 6 став 3 на Законот, основана и регистрирана за вршење градежна дејност, односно дејност на некој од градежните занаети.

Ако комуналните организации на здружениот труд се регистрирани за вршење градежни работи на нискоградба (изградба и одржување на улици или водоводна или канализациона, односно гасна мрежа и сл.), а покрај таква дејност вршат и други производни дејности или услужни дејности (на пример: одржување паркови, изнесување ѓубре, чистење облеки, перење рубелина и сл.) можат за вршењето на тие други производни дејности да набавуваат без плаќање данок на промет репродукционен материјал само ако имаат посебен производен погон или производна работна заедница ос-

нована во смисла на член 6 став 3 на Законот. За услужните дејности тие организации можат да користат само репродукционен материјал врз кои е платен данок.

Производителските организации на здружениот труд и организациите на здружениот труд на производното занаетчиство, кои од неоданочениот репродукционен материјал производат градежна столарија, односно други производи, можат тие производи да ги вградуваат во градежниот објект, без пресметување и плаќање данок на промет на производи.

Ако производителска организација на здружениот труд изврши само обликување на бетонски челик и негово поставување врз градежниот објект во сопственост на граѓани или граѓански правни лица без наливање бетон, не се смета дека извршила вградување на производи во смисла на овој член. Таквото обликување и поставување на бетонски челик се третира како промет на производи остварен непосредно со краен потрошувач-граѓанин.

Производите што се вклучуваат врз инсталациона мрежа за кои е пропишано плаќање данок на промет (член 3 став 1 точка 4 на Законот) можат организациите на здружениот труд од областа на градежништвото и градежното занаетчиство да ги набавуваат само со плаќање данок на промет, освен ако тие производи ги вградуваат како делови во опремата која со Законот е ослободена од оданочување, или ако тие производи ги вклучуваат врз инсталационата мрежа во производни погони, хали и други работни простории (но не во канцеларии и други слични административни простории и станови) Данокот на промет на тие производи го пресметува продавачот без оглед дали организацијата на здружениот труд ги набавува во свое име и за своја сметка или ги намалува во свое име и за сметка на инвеститорот и сл.

Котлите за централно греење со вградени апарати за греење, телефонските централи, радио-станиците, телепринтерите и други слични производи, освен во станбени згради и други неделовни објекти и простории и освен кога им се продаваат на граѓани и граѓански правни лица, се сметаат како опрема на организациите на здружениот труд, та тие организации на здружениот труд како и организациите на здружениот труд од областа на градежништвото и градежното занаетчиство, можат да ги набавуваат и монтираат под пропишаните услови без плаќање данок на промет на производи.

Ослободувањето од плаќање данок на промет се однесува и на составните делови на градежните објекти што ги вградуваат организациите на здружениот труд од областа на градежништвото и градежното занаетчиство во градежните објекти, ако со соодветниот објект се поврзани со цврст материјал и со него сочинуваат целина. Како такви делови се сметаат и топлите подови („подолит", „виназ", „тафтинг", „таписон" и сл.), шахтовите со капак, хидрантите, вентилите, вратичињата за оџаци и сл.

Како градежен репродукционен материјал кој наведените организации на здружениот труд можат да го набавуваат без плаќање данок на промет, се подразбираат и: дрвени, алуминиумски и пластични ролетни од типот „еслингер", челични и детектив-ролетни, пердиња и тенди, метални шалони „перзијанер", шалони- капаци од дрво (гриле), засенувачи од платно, со механизам за навиткување и одвиткување, „венецијанер" — ролетни, платнени ролетни — класични, завеси заштитни од рологрдл на потегање лево и десно и сл.

Член 37

Ако има потребен кадар со соодветна стручна спрема и практика и ако има основан градежен погон, односно градежна единица во смисла на член 6 став 3 на Законот, инвеститорот може за изградба, одржување, адаптација, реконструкција, поправка и сл. на инвестиционот објект во сопствена режија да набавува, под исти услови како и организација на здружениот труд од областа на градежништвото, градежен репродукционен материјал без плаќање данок на промет на производи.

Градежната единица од став 1 на овој член, што ја основал општина или месна заедница заради електрификација на населба, изградба на водовод или други комунални и слични објекти на својата територија, може за целите од тој став да набавува, без плаќање данок на промет на производи, градежен и друг репродукционен материјал под следните услови:

1) во порачката или во посебен прилог кон порачката да му поднесе на продавачот писмена изјава заведена, датирана и потпишана од раководителот на таквата единица и заверена од овластените претставници на основачот (општина, месна заедница) во која мора да биде потврдено:

— дека купувач на градежен и друг репродукционен материјал е градежна единица од став 1 на овој член;

— дека таа единица води потребна евиденција за видот и количината на градежниот и друг репродукционен материјал набавен без плаќање на данок на промет на производи и за потрошокот на тој материјал;

2) дека во фактурата за продажба на градежен и друг репродукционен материјал продавачот ја внел клаузулата дека тој материјал е продаден без пресметување данок на промет врз основа на писмена изјава од купувачот;

3) продавачот на градежен и друг репродукционен материјал да приклучи кон копијата од фактурата писмена изјава на купувачот за набавката на репродукционен материјал, како доказ дека тој материјал е продаден без пресметување данок на промет на производи.

Земјоделските и други организации на здружениот труд кои склучиле договори за долгорочна производствена кооперација со индивидуални земјоделски производители можат да набавуваат, под условите и на начинот што се одредени во член 6 на Законот и член 33 на овој правилник, градежен и друг репродукционен материјал за изградба, одржување, адаптација, реконструкција и поправка на објектите кои според тој договор служат исклучително за договорно производство во кооперацијата. За набавката, движењето и потрошокот на тие материјали, организацијата на здружениот труд е должна да ја води евиденцијата одредена во член 10 на Законот и во овој правилник.

Земјоделска, односно друга организација на здружениот труд е должна, во смисла на член 10 од Законот, да го пресмета и плати, во рок од 15 дена пропишаниот данок на промет на производи врз материјалот од став 3 на овој член кој му го отстапува на кооперантот со надомест или без надомест, освен за целите одредени од став 3 на овој член.

Ако се раскине договорот за долгорочна производствена кооперација, земјоделската односно друга организација на здружениот труд ќе го пресмета и ќе го плати врз вредноста на материјалот кој е вграден во објектите на индивидуалниот земјоделски производител — кооперант пропишаниот данок на промет на производи.

Како договор за долгорочна производствена кооперација, во смисла на овој член, се подразбира договор чиј рок на траење е 3 и повеќе години.

Материјал кој се користи за вршење услужни дејности

Член 38

За вршење услужни дејности може да се набавува односно да се употребува само материјал врз

кој е платен данок на промет на производи, ако со овој правилник не е одредено поинаку.

Врз материјалот на кој при набавката е платен данок на промет на производи а кој е употребен за вршење услужни дејности, како и врз прометот на производите и деловите што се изработени од тој материјал, не се плаќа данок на промет на производи.

Кога организациите на здружениот труд на услужните дејности набавуваат материјал за вршење на тие дејности на начинот предвиден за вршење промет на стоки на големо, плаќаат само основен данок на промет на производи.

Како услужна дејност на занаетчиските организации на здружениот труд и на самостојните занаетчии се сметаат поправката и одржувањето на производи, изработката на обувки и облека по мера, како и вршењето на лични, занаетчиски услуги (перења алишта, чистење и бојосување облеки, фризерски, козметичарски, фотографски и други слични услуги).

Производителските организации на здружениот труд од областа на индустријата и занаетчиството, како и самостојниот занаетчија — производител кој води деловни книги или книга на прометот, што изработуваат финални производи од материјал кој во целина или делумно го дал порачувачот, го пресметуваат данокот на промет на производи врз даночната основица која во себе, покрај надоместокот за извршената услуга, ја содржи само вредноста на материјалот кој го дава извршителот на услугите, а кој како репродукционен материјал е набавен без плаќање данок на промет на производи.

Занаетчиска организација на здружениот труд која е регистрирана за вршење и производство и услуги, може да набавува репродукционен материјал за производство без плаќање данок на промет на производи само под условите од чл. 6 и 8 на Законот ако за вршење на производната дејност има организиран посебен производен погон од член 6 на Законот. Таквата организација на здружениот труд е должна за тој материјал да ја води евиденцијата одредена во член 10 став 2 на Законот и, ако дел од тој материјал употреби за вршење на услужните дејности, да постапи според став 7 од овој член.

Производителска организација на здружениот труд која има посебен услужен погон може на тој погон да му отстапи, односно продаде репродукционен материјал набавен без плаќање данок на промет под услов врз исправата за отстапување, односно продажба на тој материјал, да го пресмета основниот данок на промет на производи и да го уплати на соодветната сметка во рок од 5 дена од денот на истекот на периодот од 15 дена во кој материјалот е отстапен, односно продаден.

Како услужна дејност се смета и поправка на гуми за моторни возила која по порачка ја врши производителска или друга организација на здружениот труд или самостоен занаетчија.

Поправката на откупени употребувани гуми за моторни возила, што ќе ја изврши производителска организација на здружениот труд, во поглед на плаќањето данок на промет се смета за производство. Врз продажбата на такви гуми на крајни потрошувачи се плаќа данок на промет на производи.

Репродукционен материјал кој се користи во производствена кооперација со самостоен занаетчија-производител

Член 39

Данок на промет на производи не се плаќа врз репродукциониот материјал кој производителска организација на здружениот труд врз основа на писмен договор за производствена кооперација, ќе му го испорачи на самостоен занаетчија — производител заради изработка за сметка на таа организација на полупроизводи, производи, делови, склопови или амбалажа што ќе ѝ служат како репродукционен материјал под следните услови:

1) самостојниот занаетчија-производител да води деловни книги, односно даночни евиденции според видот и количеството на применетиот и потрошениот материјал за сметка на порачачот;

2) при пресметката на потрошокот на материјал да се придржуваат кон договорените нормативи;

3) за состојбата (видот, количеството и вредноста) на испорачаниот а непресметаниот материјал, во период од најмалку секои три месеци, да имаат согласни евиденции како испорачуваат така и примателот на тој материјал;

4) производителската организација на здружениот труд да му достави, без одлагање, на органот на управата надлежен за работите на приходи на општината во која на занаетчијата му е издадено одобрение за работа, еден примерок од договорот за производство на кооперација, како и на тој орган во рок од 5 дена од денот на извршената исплата да му достави извештај за секоја исплата што ќе му ја изврши на таков занаетчија според тој договор или според некој друг деловен однос.

За испорачаните материјали кои во текот на изминатото тримесечје не се оправдани со испорачани производи, односно извршени работи, или не се наоѓаат на залихи на самостојниот занаетчија-кооперант, организацијата на здружениот труд како испорачувач на тие материјали е должна да го пресмета и во рок од 10 дена да го уплати како основниот данок на промет така и посебниот републички, односно покраински и општински данок на промет на производи.

Самостојниот занаетчија-производител од став 1 на овој член може и самостојно, под условите одредени во член 6 на Законот да продава свои производи, кои се репродукционен материјал од член 8 на Законот, на производителска организација на здружениот труд без пресметување и плаќање на данок на промет на производи.

Како производен погон, односно производна работна единица од член 6 став 3 на Законот се подразбираат и производните единици (печатници, градежни погони и други производни погони и единици што се наоѓаат во состав на воени единици или други организациони единици на Југословенската народна армија) за кои во книговодството се обезбедени податоци за набавката, движењето и потрошокот на репродукциониот материјал и готовите производи.

За производителски организации на здружениот труд од член 6 став 4 од Законот се сметаат и организациите на здружениот труд за вршење деловни услуги регистрирани, покрај работи на економска пропаганда, да даваат и идејни решенија и да изработуваат и монтираат разни производи за внатрешно и надворешно уредување, павилјони, штандови, како и реклами и каталози, календари и др., и кои со своите комитенти ја договараат целокупната работа, било тие производи да ги изработуваат и да ги вградуваат преку своите производни погони или производни единици или во кооперација со други производители. Тие организации на здружениот труд можат, под пропишаните услови, да набавуваат репродукционен материјал за изработка на своите производи без плаќање данок на промет на производи.

Организациите од став 5 на овој член го пресметуваат и го плаќаат данокот на промет на производи врз фактурната вредност на така изработените и продадени производи.

При испораката на производите на организациите од став 5 на овој член врз основа на договор за производствена кооперација не се пресметува и не се плаќа данок на промет на производи.

Репродукционен материјал кој се користи во производствена кооперација со самостоен занаетчија за изведување градежни работи

Член 40

На начинот и под условите што се утврдени во член 39 на овој правилник, организациите на здружениот труд од областа на градежништвото и градежното занаетчиство што склучиле писмен договор за производствена кооперација со самостоен занаетчија на градежното занаетчиство за изведување одделни градежно-занаетчиски работи врз градежен објект, можат на тој занаетчија за изведување на таквите работи да му даваат потребен градежен репродукционен материјал без пресметување и плаќање на данок на промет на производи. При тоа, тие организации се должни претходно за секој вид работи да го утврдат нормативот на потрошокот на материјал и нормативот на работната сила, во границите на важечките просечни норми во градежништвото. Тие нормативи се утврдуваат спрема позициите на работите. Врз основа на така утврдените нормативи на материјал спрема количествата според позициите на работите, го изработуваат нормативот на вкупните количество и видот на градежниот репродукционен материјал кој му се дава на занаетчијата за изведување на договорените работи. Ако во текот на изведувањето на работите на занаетчијата му е дадено повеќе материјал според видот и количеството одошто е утврдено со нормативите, давачот на материјал е должен врз тој материјал, покрај основниот данок на промет на производи да пресмета и уплати и посебен данок на промет на производи. Организацијата на здружениот труд од областа на градежништвото е должна да организира и контрола на потрошок на градежниот репродукционен материјал даден без пресметување данок на промет на самостоен занаетчија, а особено контрола дали даденият материјал во целина е употребен при изведувањето на договорените работи, па ако се утврди дека тоа не е случај, е должна врз тој материјал да пресмета и уплати основен данок и посебен данок на промет на производи

Со нормативите на работната сила се утврдува потребниот број норма часови по одделни категории на стручноста на работниците, а зависно од рокот на траењето на договорените работи се утврдува и потребниот број на работниците според стручноста. Градежна организација на здружениот труд може, врз основа на нормативот на работната сила, да му дава, без пресметување и плаќање данок на промет на производи, потребен градежен репродукционен материјал на самостоен занаетчија-кооперант, само ако бројот на работниците според нормативот за одделна позиција и вид работи не го преминува максимумот кој според важечките прописи е утврден за дејноста на соодветниот занаетчија. Ако бројот на работниците утврден со нормативот на работната сила за одделен вид работи по одделни позиции го преминува тој максимум, градежната организација на здружениот труд може на занаетчијата да му дава потребен градежен материјал за изведување на договорените работи само со пресметување и плаќање на основниот и посебниот данок на промет на производи.

Градежниот погон, односно градежната работна единица од член 6 став 3 на Законот, која има потребен кадар со соодветна стручна спрема а која е во состав на градежната занаетчиска задруга која градежните и градежно-занаетчиските работи ги врши и преку самостојни занаетчии кои се членови на задругата, може градежниот репродукционен материјал за вршење на тие работи да го набавува под условите од тој член без плаќање на данок на промет на производи и да го дава (но не и продава или на друг начин отуѓува) на самостојните занаетчии — свои членови преку кои ги врши тие работи под условите од овој член. Задругата е должна за набавката и потрошокот на тој материјал да ги води пропишаните евиденции.

Репродукционен материјал кој се дава за работа дома или на преработка на занаетчиски дуќани и самостојни занаетчии

Член 41

Трговските и други организации на здружениот труд вон областа на производството можат, под условите пропишани во член 6 на Законот, да набавуваат репродукционен материјал без плаќање данок на промет на производи заради давање на работници и граѓани за работа дома (работа „на сиц") или на занаетчиски дуќани и самостојни занаетчии за преработка во одредени производи (член 6 на Законот).

За работа дома (работа „на сиц") се подразбира работата што работник, односно граѓанин ја врши во својот стан со рачен алат и без употреба на моторна сила, сам или заедно со членовите на своето семејство, изработувајќи при тоа производи по порачка и за сметка на организацијата на здружениот труд од овој член која го дала материјалот за изработка.

Организациите на здружениот труд од став 1 на овој член се должни при давањето на материјалот според одредбите од овој член да постапат согласно со член 39 од овој правилник.

Производи што граѓанин сам ќе ги изработи за сопствена крајна потрушувачка или употреба

Член 42

Врз производите што граѓани сами ќе ги изработат од сопствен материјал и за сопствена крајна потрошувачка или употреба не се плаќа данок на промет на производи.

Одредбата од став 1 на овој член не се однесува на производите што самостоен занаетчија ќе ги изработи во рамките на својата занаетчиска дејност.

2. Ослободување од плаќање данок на промет на опрема

Заеднички одредби

Член 43

Како опрема на општествени правни лица од член 7 на Законот се сметаат како основните средства од став 1 така и производите од ст. 2 и 3 на тој член па и кога не спаѓаат во основни средства.

Ослободувањето од плаќање данок на промет на производи во смисла на член 7 на Законот се однесува на опремата и деловите на опремата, освен на деловите од производите за кои е пропишано плаќање на тој данок, како и на материјалот неопходен за вградување на делови на опремата и за одржување на опремата (кабли, спроводници, жици, лимови, шрафови, и др.) што ги набавуваат организациите на здружениот труд и други општествени правни лица врз основа на писмена изјава. Во материјалот за одржување на опремата од овој став спаѓа и сол за посипување патишта, како и бојата со која по патиштата се обележуваат правецот на движењето, премините и др.

Одредбите од член 34 на овој правилник согласно се применуваат и врз набавката на опрема и делови на опремата, како и на материјал неопходен за вградување на тие делови и за одржување на опремата.

Ремонтните претпријатија, занаетчиските организации на здружениот труд, сервисите со средства во општествена сопственост, како и сервисите на Авто-мото сојузот на Југославија — што се зани-

маваат со поправка и одржување на опрема, се сметаат како организации на здружениот труд кои продаваат, односно вградуваат резервни делови во опремата непосредно на потрошувачите-корисници. Тие организации можат да набавуваат резервни делови и материјал неопходен за вградување на тие делови (шрафови, електроди, лимови, оксиген и др.) од производителска организација на здружениот труд, од трговска организација на здружениот труд што врши продажба на производи на големо или од увозот, без плаќање данок на промет на производи со поднесување писмена изјава до продавачот во која се повикуваат на член 6 од Законот и на одредбите од овој став. Ако тие делови се заменуваат врз производи што се сметаат како опрема во општествена сопственост (опрема на општествени правни лица) од член 7 на Законот, и фактурирањето на вградените делови нема да се пресмета данок на промет на производи, а во фактурата ќе се назначи дека данок не е платен во смисла на тој член.

Ако резервни делови се вградуваат во производи кои не се сметаат како опрема на општествени правни лица од член 7 на Законот, данокот на промет на производи ќе се пресмета при фактурирањето врз продажната (фактурната) цена на вградениот резервен дел.

Организациите од став 4 на овој член што се занимаваат со поправка и одржување на производите кои не се сметаат како опрема од член 7 на Законот и кои резервните делови за тие производи им ги продаваат (вградуваат) непосредно на потрошувачите — корисници, можат тие делови да ги набавуваат од производителска организација на здружениот труд, од трговска организација на здружениот труд која, врши продажба на производи на големо, или од увозот — без плаќање данок на промет, со тоа што се должни да го пресметаат данокот на промет на производи врз продажната цена на вградените делови и материјали. Ако деловите и материјалот се вградуваат во производи чии сопственици се граѓани или граѓански правни лица, покрај основен данок се пресметува и посебен данок на промет на производи.

Исклучително, врз деловите кои во гарантен рок се заменуваат без надомест, не се плаќа данок на промет на производи ниту кога резервните делови и материјалот се вградуваат во производи кои не спаѓаат во опремата од член 7 на Законот ниту кога се вградуваат во производи чии сопственици се граѓани или граѓански правни лица. Организациите од став 4 на овој член се должни да водат евиденција за потрошокот на деловите што се заменуваат во гарантниот рок.

Производителската организација на здружениот труд, односно неѕин производен погон или производна работна единица кои, покрај производство на нови мотори за моторни возила, вршат и таканаречен индустриски ремонт на стари (употребувани) мотори, не ја засметуваат во даночната основица вредноста што му ја признаваат на купувачот за преземениот стар мотор Во даночната основица на данокот на промет на производи влегува само вредноста на деловите и на материјалот што се вградени во индустриски ремонтираниот мотор а што таа организација, односно неѕиниот погон или работна единица ќе ја искажат во фактурата. Во даночната основица не влегуваат ниту надоместот за вградување на тие делови во индустриски ремонтираниот мотор ниту надоместот за демонтирање на стариот и монтирање на ремонтираниот мотор во моторното возило.

Мебел

Член 44

Како опрема од член 7 на Законот врз која не се плаќа данок на промет на производи се смета и мебелот што општествените правни лица го набавуваат од пропишаните услови, освен мебелот за уредување на канцеларии и други административни простории. За административни простории, во смисла на член 9 став 1 точка 2 на Законот, се сметаат и просториите на банките, на осигурителните организации, органите на управата и слично.

За мебел од став 1 на овој член се подразбираат: шкафови од сите видови, комбинувани шкафови, роло-шкафови и регистратури, ноќни шкафови, кревети од сите видови, психи за спални, каучи, шкафови до каучи, отомани, маси обични, маси пишувачки, маси за цртање, маси за конференции, маси за пишување и други канцелариски машини, маси за телефон, радио, телевизор и др., столици обични и тапацирани и други, столици, клупи, потпирки, фотеља и полуфотеља, клуб фотеља и сл., креденци и витрини за трпезарии, креденци кујнски, тезги (пултови), полици (сталажи), гарнишни претсобни стени, дрвено поплочување на ѕидови, ламперии и сл., лежалки, закачалки за облеки (ѕидни и стоечки), мебел школски и дрвен, мебел за луксузни работни соби, трпезарии и спални, умивалници, гардеробни шкафови, влошки за постели и каучи со федери, маски за радијатори, шалтери и друг мебел во банки, пошти, органи на управата и др.

За опрема врз која не се плаќа данок на промет на производи се сметаат и полици, гондоли и друга опрема за изложување производи, шкафови и друг мебел за уредување на работнички гардероби, бањи и други слични простории, како и пултови со разладни уреди за држење прехранбени производи и храна, дозери и други уреди за подготвување, издавање и пакување храна и други производи во самопослуги.

За опрема од член 9 точка 2 став 2 на Законот врз која не се плаќа данок на промет на производи се сметаат и светлечки фирми, реклами и сл. на организациите на здружениот труд и на други општествени правни лица.

Заштитни средства

Член 45

Како средства на лична заштита при работата и за лична заштитна опрема која спаѓа во опремата ослободена од плаќање данок на промет на производи, се подразбираат средствата кои, во смисла на чл. 35 до 40 на Основниот закон за заштита при работата, имаат за цел да ги штитат животот и здравјето на работниците при работата, односно да попречат оштетување на организмот на работниците од штетни влијанија од хемиско, механичко, топлинско, биолошко и друго потекло а кои како такви со општ акт на организациите на здружениот труд се одредени во смисла на тој закон и Правилникот за средствата за лична заштита при работата и личната заштитна опрема. Во писмената изјава дадена на продавачот купувачот е должен да се повика на одредбите од својот општ акт со кои производите што ги купува се третирани како опрема од овој член која е ослободена од плаќање данок на промет.

Опрема за подготвување јадења и пијалаци

Член 46

Како уреди за ладење, машини и друга опрема за подготвување јадења и пијалаци од член 7 на Законот се подразбираат, покрај разладните пултови, витрини, шкафови и сл., машини за перење и сушење садови и производите од следните групи на Номенклатурата на основните средства:

776-1	Кујнски садови, алати и справи
776-2	Сервисни садови и прибор
776-31	Уреди за ладење
776-32	Уреди за производство на мраз
776-33	Пултови за точење пијалаци
776-34	Пултови за бар
776-35	Пултови за сладолед
776-36	Пултови за слатки
776-41	Експрес-апарати и други апарати за варење кафе
77-42	Автоматски дозери
77-43	Конзерватори за кафе и млеко
77-44	Турмикс-апарати
776-45	Грил-апарати
791-1	Големи шпорети за употреба во угостителството, освен шпоретите на течни горива
791-2	Скари, пултови и линии за затоплување и ладење
791-16	Слаткарски печки
792-1	Уреди и машини за подготвување на храна
792-2	Машини за маси
792-3	Машини за производство на сладолед

Медицински уреди и инструменти

Член 47

Како медицински уреди и инструменти од член 7 на Законот се подразбираат медицинските уреди и опремата за операциони сали и забни амбуланти, рендген-уреди (вклучувајќи и рендген-филмови), други медицински и електромедицински уреди, апарати и инструменти (вклучувајќи и рачни), како и системи за трансфузија и инфузија и други медицински инструменти и уреди од Номенклатурата на основните средства во здравствените установи, освен производите од член 9 на Законот.

Механографски машини на средна и висока механизација

Член 48

Како механографски машини на средна и висока механизација од член 9 став 1 точка 4 на Законот за кои не се плаќа данок на промет на производи, се подразбираат: електромеханички и електронски пишувачки машини со уред за дупчење лента или картичка и со примена на магнетна лента; сите видови роботпишувачи; телепринтери со дупчач на лента за електронска обработка на податоци; адресувачи врз плочки со електромеханичко, односно електронско програмирање на селекциите, сите офсетни умножувачи; канцелариски умножувачи за висок печат; хектографски умножувачи врз редови (за лансирање производ на документација и сл.); апарати за суво и влажно копирање; електронски пржалки на оппени матрици; ксерографски пресликувачи; микрофилмска техника (микроснимачи, проектори, чистачи и сл.); касирски собиралки (регистар-каси); регистратори на податоци врз дупчена лента или картичка; собиралки и множалки механички и електромеханички, со уред за дупчење лента или картичка; електронски множалки од сите видови; книжачки и фактурирки од сите видови; статистичка многуколонска собиралка (логабокс); машини од системот на дупчени картички со периферни машини и направи; електронски уреди за обработка на податоци со периферни машини и направи (дигитални, аналогни и хибридни); апарати за адресирање и електронски бројачи на банкноти и вредносници и безжични интерфони од групата 68 на Номенклатурата на основните средства.

8. Ослободување од плаќање данок на промет на други производи

Пребивање данок на промет кој вршат самостојни занаетчии

Член 49

Правото на олеснение од член 16 став 7 на Законот го имаат само оние самостојни занаетчии чија регистрирана дејност е производство на одредени производи (не и градежна и градежно-занаетчиска дејност) и кои ги исполнуваат условите од тој член (уредно водат деловни книги, односно книга на прометот, издаваат фактури за продажбата на производи, располагаат со фактури и со друга документација за набавка на репродукционен материјал врз кои е платен данок и др.).

Самостојните занаетчии од став 1 на овој член можат да го користат олеснението од тој став исклучително кога се тие само даночни обврзници, односно кога сопствените производи изработени од материјали за кои е платен основен данок на промет на производи им ги продаваат непосредно на крајните потрошувачи, ако врз прометот на тие производи е пропишано плаќање на тој данок.

За промет на сопствените производи изработени од материјал за кој е платен основен данок на промет, а кои не подлежат и на оданочување (на пример, продажба на трговски организации за натамошна продажба, или продажба на производи како репродукционен материјал на производителски организации на здружениот труд под условите и на начинот што се одредени во член 6 на Законот) самостојниот занаетчија не може да го користи олеснението од член 16 став 7 на Закон во поглед на основниот данок на промет на производи платен врз потрошениот репродукционен материјал.

Самостоен занаетчија не може да го користи олеснението од член 16 став 7 на Законот ниту кога од материјалот за кој платил основен данок на промет на производи изработи и пушти во промет производи кои како стока се ослободени од плаќање данок на промет на производи (на пример, детски обувки, детска конфекција и сл.).

Одбивањето на основниот данок на промет на производи, во смисла на овој член, се врши според одредбите од одлуката за посебниот данок на промет на собранието на општината на чија територија се плаќа основен данок на промет на финалниот производ.

Ослободување од плаќање данок на промет на производи според член 36 на Законот

Член 50

Како производи што служат за човечка исхрана од член 36 точка 5 на Законот, на кој не се плаќа данок на промет на производи се подразбираат прехранбени производи што се употребуваат за човечка исхрана (освен оние на чии промет е воведено плаќање на основниот данок на промет), во непреработена или преработена состојба, како и зачините и сите други материи што се додаваат на тие прехранбени производи заради конзервирање, поправање на изгледот, бојосување, вкусот и мирисбата, збогатување на составот или постигнување на некоја друга особина — врз кои се однесуваат соодветните одредби од прописите за здравствениот надзор над прехранбените производи, и одредбите од другите прописи за нивното производство и квалитет. Во такви производи спаѓаат: производи од овошје (џем, мармелада, пекмез, компот, кандирано — зашеќерено — овошје, овошни сокови, концентрирани овошни напивки, концентрати на овошен

сок во прав, сушено овошје, сушено овошје во прав, овошно желе, овошно сирење, каша од овошје и сл.); производи од скроб и брашно и кондиторски и други фини пекарски производи (кекс, наполитанки, слатки); скроб наменет за човечка исхрана кој како таков се накува и се пушта во промет според важечките прописи за производството и квалитетот и др;

Како книги, брошури и други публикации од областа на науката, уметноста, културата, образованието и воспитувањето и за стручни и други публикации и производи од член 36 став 1 точка 7 на Законот, за кои е пропишано ослободување од плаќање на данок на промет, се подразбираат и картографски производи и музикалии.

Издавачот е должен пред пуштањето во промет на производите од член 36 став 1 точка 7 на Законот од надлежниот републички односно покраински орган да прибави писмено мислење за тоа дека се во прашање такви производи. На книгите, брошурите или другите производи за кои е дадено мислење дека не спаѓаат во тие производи, издавачот е должен да ја напечати (натисне, пред нивното пуштање во промет клаузулата дека врз тие производи се пресметува и се плаќа данок на промет на производи.

Како производи од член 36 став 1 точка 8 од Законот, што купувачите можат да ги набавуваат без плаќање данок на промет на производи, се подразбираат: обични моливи, водени бои, перца и држалки, гуми за бришење, школски комплети за пишување и цртање, пастели во дрво и комплети во сектори за ликовно образование, комплети на школски мерила за класова и предметна настава, училишни шестари и комплети на прибор за предметна настава на техничко образование и геометрија, сметачи (шибери) и џебни електронски калкулатори (дигитрон и др.), специјални моливи за ликовно образование, маслени и прашниви пастели, училишни кистови, мастила и тушеви, пластелин, темпери, маслени бои, школски тетратки, вежбанки, нотни тетратки, блокови за цртање и ликовно образование и други слични производи за предметна и класова настава во училиштата и други образовно-воспитни установи.

За спортски и физкултурни реквизити и опрема од член 36 став 1 точка 9 на Законот врз кои не се плаќа данок на промет се сметаат, и тоа:

1) атлетика: стартни блокови, препони, пречки за стиплчез, ѓулиња, кладива, дискоси, копја, заштитни мрежи, сталци и летвички за скокови, колови за скокање, шпринтерици и други реквизити и справи за тренинг и натпревар;

2) авто-мото спорт, мотонаутика, моделарство, едриличарство, спортско воздухопловство, и спортско падобранство: справи, реквизити и опреми кои исклучително се употребуваат во овие спортови, освен автомобили, мотоцикли, едрилици, авиони, хидроглисери и моторни чамци;

3) велосипедизам: велосипедски шпринтерки и тркачки велосипеди;

4) боќање: ѓулиња (боќи);

5) бокс: боксерски нараквици, шадо-нараквици за тренинг, специјални боксерски гаќички, боксерски вреќи и круши, заштитна гума за заби, специјални боксерски чевли, комплетен ринг и делови од ринг, други реквизити и справи за тренинг и натпревар;

6) дигање: тегови буќички, постаменти и уреди за сместување справи;

7) џудо и карате: специјални кимонои и појаси и специјални струњачи;

8) фудбал: голови, мрежи, топки, плитки и длабоки копачки;

9) гимнастика: разбој, двовисински разбој, школски разбој, мал разбој, вратило, високо вратило пригодливо, вратило нидно, кругови високи, кругови пригодливи, ортома за качување колови за качување (метални вертикални и коси), колови за качување (дрвени), скали фиксни, скали подвижни, скали морнарски, квадрант фиксен и подвижен, рипстол фиксен и подвижен, коњ со и без рачки, козлиќ, олимписка греда, ниска греда, клупа, отскочна штица без федер, отскочна штица со федер, сандак, сандак мал, маса, еластична маса, струњача, струњача во вид на тепих, струњача за партерна гимнастика, медицинка, ортома за надвлекување, виjача куса и долга, летна конструкција (вратило, кругови, ортома за качување), експандер, палка куса и долга, чуњ, хрптењача, штица преносна со кукалки, количка за пренос на разбој, количка за пренесување струњача, сад за држење магнезиум, уред за безбедност на вежбачите при вежбањето на справи, сталци за стоење врз рацете, обрач, топки со котолка и други реквизити и справи за тренинг и натпревар;

10) хокеј по трева: голови, мрежи, палки, топки за хокеј по трева и копачки;

11) едрење: спортски едрилици од сите класи и видови конструирани за најмногу две лица и прибор за тие едрилици;

12) лизгање и хокеј на мраз: лизгалки, специјални чевли, стапови, пакови, голови, мрежи и лична опрема за хокејашите;

13) коњички спорт: специјален ам за сулки, специјални седла и препони;

14) ролшуи и хокеј на ролшуи: ролшуи, специјални чевли, голови, мрежи, стапови и топки за хокеј на ролшуи;

15) кошарка: преносна и висечка конструкција за рамови (табла, обрачи и мрежи) и топки;

16) куглање; ѓулиња, чуњеви и специјални чевли за куглање;

17) мечување: флорет, меч, сабја, резервни сечива, апарат за регистрација на погодци, мечевалечка облека (пластрони) и заштитни маски;

18) одбојка: direци, мрежи, постаменти, седишта за судии и топки;

19) планинарство: специјални ортоми, лавинека врвна, клинови, карабини, стапови, планинарски санки, планинарски чамци и носила за спасување, чевли планинарски, чевли за алпинисти и спелеолошки скали;

20) пливање и скокање во вода и ватерполо: уред за обележување на патеките во пливалиштa и базени, штици за скокови во вода, топки, голови и мрежи за ватерполо;

21) рагби: голови, топки и копачки;

22) борење: врекишта; кукли, специјални боречки чевли, специјални боречки дресови и појаси;

23) ракомет: голови, мрежи и топки;

24) смучање: смучки, окови за смучки (везови, рабници, делови), стапови и специјални смучарски чевли;

25) пинг понг: маси, мрежи, рекети, греди за мрежи и топчиња;

26) стреличарство: лак, стрели, тоболец и нишани;

27) стрелаштво: сите видови пушки и муниција за пушки, нишани, прибор за нишани и специјални стрелачки дурбини;

28) тенис: direци, мрежи за тениски игралишта, седишта за судии, рекети, рамови за рекети и тениски топки;

29) веслање, кајакарење и каноистика: сите видови чамци за спортско и школско веслање, кајакарење и каноистика, со прибор за едно, две четири или осум лица, конструирани исклучително за погон со сопствената сила на веслачите. Ако такви чамци се конструирани да можат да се движат и со

мотор, не спаѓаат во производите од овој став па врз нивниот промет се пресметува и се плаќа данок на промет на производи.

30) спортски риболов; стапови, чекреци, флакс, јадици, мамачи и лажачки;

31) спортски подводен риболов: пушки и пиштоли за подводен риболов, маски, пераи, дишалки, облеки и комплети за кислород за подводен риболов;

32) автономен нуркачки спорт: пераи, маски, дишалки, „водени" облеки (комплет), појаси со натези, појаси за спасување (нуркачки), спремници за воздух (едностранични, двостранични, тристранични), респиратори, апарати за кислород, нуркачки спортски длабиномер, нуркачки часовник, нуркачки нож, декомпресиометар, нуркачки компас, нуркачка светилка, декомпресивна комора, компресор за воздух со висок притисок од 400 m³ во минута (спортски), како и резервни делови за респираторите и компресорите и резервни филтери за компресорите;

33) шах: шах-гарнитури, шах-часовници, и демонстрациони шах табли;

34) други спортски и фискултурни реквизити и опрема: санки, смучки за смучање по вода, гумени и пластични чамци без мотор конструирани за најмногу две лица; вртешки, лулашки, нишалки, качувалки, скали, тобогани, мали вратила и мали разбои, тротинети, трицикли и дресини — за деца, рекети и топчиња за бадмингтон; лична опрема: (специјални заштитни очила, заштитни хауби, каџиги и шлемови), и штитници на телото (костобрани, раменици, членкобрани, суспензори, коленици, бутњачи, заштитни маски за боксери, стегачи за раце и сл.): светлосни и звучни уреди за опремање спортски хали и стадиони; специјални мерни инструменти за контрола на резултатите и времето на трчинзи и натпревари; специјални мерни инструменти за контрола на физичките и функционалните способности на граѓаните од разни возрасти; апарати за мерење на крвниот притисок самомерачи и др.), специјални реквизити, справи и опрема за унапредување на психофизичките способности (сила, брзина, издржливост и итрина).

За огревно дрво на кое не се плаќа данок на промет се сметаат дрво на пен и разни материјали добиени од спроведување и чистење шуми, како и пилански и други отпадоци од техничко и друго дрво — за кои организацијата на здружениот труд — продавач, како даночен обврзник, комисиски утврдува дека можат да се користат исклучително за огрев а не и за други цели. Меѓутоа, ако од дрво на пен или од други материјали може да се добие делкана или режана граѓа, данок на промет на производи се плаќа врз проценетата количина на таква граѓа (техничко дрво) а даночна основица сочинува продажна цена на мало која би се постигнала во местото на продажбата.

За прибор и материјал што исклучително се користат во пчеларството, врз кои не се плаќа данок на промет, се сметаат: кошари со подвижно саќе, нуклеуси, рамки (рамки за кошари, отстојанија за рамки во кошари, матични решетки за кошари, дупчалки за нажичување рамки за кошари, тркалце за нажичување саќи), чадилки за чадење пчели, специјални пчеларски капи и шапки, штрпалки за роеви, кавези за матици, хранилки за прифаќање пчели, врталки за цедење мед, погони за врталки за цедење мед, тапани за врталки за цедење мед, славини за врталки за цедење мед, — топилници за восок, уреди за зацврстување на кошарите при селидбата на пчели, ножеви за отворање на кошарите, ножеви и вилушки за отворање на саќите при цедење мед, чешели за лето и поелин за прихранување пчели.

За производи од член 36 став 1 точка 14 на Законот, на кој не се плаќа данок на промет на производи се сметаат производите што се опфатени со следните групи на Номенклатурата на основните средства, без оглед за каква влеча се конструирани и без оглед на јачината на коњските сили, и тоа: 421-1 трактори на тркала и приколки, 421-2 полугасеници за трактори, 421-3 трактори гасеничари, 421-4 товарачи на предниот и задниот дел на тракторот, 422-1 плугови, 422-2 дрлачи, чинијарки, ротациони ситначки и преден и заден рамнач, 422-3 железни валци, 422-4 тракторски копачки, 422-5 култиватори, 422-6 расадувачи, 423-1 растурачи на ѓубре, 423-2 сејалки, 423-3 садачки на компири, 424-1 косачки, 424-2 самоврзачки, 424-3 комбајни, 424-4 гребла и превртувачи, 424-5 ваѓалки, 425-1 вршалки, 426-1 моторни сечки, 426-2 репари, 426-3 прекрупувачи, роналки, чеканари и ротациони секачи, 426-4 стационарни преси за сено и слама, 426-5 млекарски машини, 426-6 гмечалки и рулјачи, 429-11 штркалки и запрашувачи и 429-2 машини за стрижење овци, како и: машини за нижење тутун и уреди за сушење тутун од типот „Powell" и сл., вентилатори за досушување и транспорт на сено и други земјоделски производи; машини за симнување хмел; инкубатори за производство на пилиња, автоматски поилки и хранилки во штали и живинарници, цистерни за млеко, канти за млеко, уреди за молзење, кафези за живина, уреди за климатизација во штали, живинарници и котари; врски и постаменти со решетки во штали, апарати за напасење (електрични „овчари"); базени за ладење млеко, молекулатори и атомизери; батерии (метални и пластични) за носиљки и гоење пилиња; котли (казани) за варење храна за добиток; цистерни за течно ѓубре и осока; уреди за наводнување освен хидрофори; машини за лупење пченка; дрвени и пластични силоси за силажа; преси за сено и слама од сите видови; самонатоварни приколки и запрежни коли со гумени тркала; уреди за сортирање јајца, уреди за сортирање други земјоделски производи; пумпи за текушто ѓубре; транспортни уреди за собирање и растоварање сено и слама; автоматски машини за калемење винова лоза; пумпи за вино (наменети за преточување шира, вино и сл.), самоодни машини за сечење трева и др. во земјоделството со зафат од 0,75 м и повеќе; машини за подготвување земја — „мулчер"; моторни дупчалки за отворање дупки за садење овошје и сл.; мотики, трнокопи, крампови (казми), лопати, рилеци, вили, гребала, коси, српови, чакии, ножеви за режење винова прачка, ножеви за сено и слама и калемарски ножеви.

Како ортопетски справи и помагала и други производи од член 36 став 1 точка 15 на Законот, врз кои не се плаќа данок на промет, се подразбираат и: ортопедски обувки што се изработуваат по мера, протези за горните и долните екстремитети, апарати за регулација на 'рбетницата, апарати за подобрување на слухот, корзети, мидери и појаси ортопедски, пателици и стапови, кожни нараквици за протези за горните екстремитети, ортопедски апарати врз нозете и рацете и други слични ортопедски помагала, инвалидска количка, вештачки бубрези, очила и стакла за корекција на видот (освен рамки за очила), очни и забни протези, како и делови за производите.

Средствата содржани во списокот кој го донесува сојузниот секретар за финансии во смисла на член 36 став 1 точка 17 на Законот овластениот купувач може да ги набави без плаќање на данок на промет, ако ѝ поднесе на производителската или трговската организација на здружениот труд на големо писмена изјава (потврда) во која е должен да наведе изрично дека спаѓа во купувачите што се овластени соодветните производи да ги набавуваат без плаќање на данок на промет и да се повика на законскиот основ по кој го остварува тоа право. Писмената изјава (потврда) мора да биде дадена од надлежната воена пошта или друга во-

ена установа или од надлежниот орган на управата или од милиција или од друг овластен купувач и мора да биде нумерирана, датирана и со печат и потпис заверена било врз самата порачка или како посебен прилог кон порачката. Во изјавата мора да се наведе и редниот број од списокот под кој се опфатени соодветните производи. Продавачот ја задржува писмената изјава (потврда) како правдачки документ за продажба на производите без пресметување на данок на промет, а врз фактурата ја става клаузулата дека производите врз основа на таа изјава (потврда) и член 36 став 1 точка 17 од Законот се продадени без пресметување данок на промет на производи. Ова ослободување важи под исти услови и за увозот на тие производи, со тоа што потврдата за ослободување од плаќање царина служи истовремено и како потврда за ослободување од плаќање данок. Општествено-политичките заедници и стопанските и други организации на здружениот труд набавуваат под исти услови без плаќање данок на промет средства за резервите за вонредни потреби.

При набавката на минимум задолжителни средства за заштита од воени дејства, на кои не се плаќа данок на промет, надлежните органи на општинското собрание или месната заедница му поднесуваат на продавачот на големо или на производителската организација на здружениот труд од која вршат набавка на тие производи писмена изјава кон порачката со повикување на одредбата од член 36 став 1 точка 17 на Законот, а набавените средства од заштита им ги издаваат по список на граѓаните.

На производите кои, врз основа на посебни потврди од Сојузниот секретаријат за надворешни работи, им се продаваат на странски дипломатски и конзуларни претставништва и на странски дипломатски персонал и на конзуларни функционери во смисла на член 36 став 1 точка 20 на Законот, не се плати данок на промет Купувачите можат тие производи да ги набавуваат, со поднесување на таква потврда, само непосредно од производителска или трговска организација на здружениот труд која врши промет на големо, а продавачот е должен бројот и датумот на потврдата, како и името и презимето и функцијата на лицето или називот на дипломатското или конзуларното претставништво на кои продажбата им е извршена без пресметување на данок на промет, да ги внесе во фактурата со одлагање на таквата потврда во книговодствената документација за продажба. На тој начин тие купувачи можат без плаќање данок на промет да ги набавуваат сите производи, под услов да постои реципроцитет, освен дериватите на нафта за кои во точка 3 под 3 на забелешката кон тар број 2 од Тарифата е пропишано од тие деривати да можат да набавуваат без плаќање данок било непосредно од производителот или од складот или на пумпни станици само моторен бензин и дизел-гориво.

Ако Југословенскиот црвен крст, штабовите и други организации за одбрана од елементарни и други непогоди набавуваат како крајни потрошувачи за сопствени потреби производи за кои е пропишано плаќање данок на промет (на пример, пишувачки машини, канцелариски маси, пишувачка хартија и др.), а не за целите заради кои се основани тие производи можат да им се продаваат или даваат само со пресметување на пропишаниот данок на промет на производи.

Како трајно-жаречки печки и шпорети за етажно греење за кои, во смисла на член 36 став 1 точка 22 на Законот, не се плаќа данок на промет на производи се подразбираат точките и шпоретите за горење со јаглен и брикети од јаглен, кои се изработени за комбинувано согорување на доведеното гориво со дополнително согорување на шверцуваните гасови. Тие печки и шпорети имаат голем простор за гориво со широка решетка за согорување во текот на подолг временски период, при што е овозможено двојно согорување со носење додатен воздух во зоната на несогорените гасови.

Данок на промет на производи не се плаќа на производите од член 36 став 1 точка 24 на Законот (телевизиски приемници стандардни и во боја и друга опрема и наставни средства), ако образовно-воспитните установи ги набавуваат врз основа на писмено мислење од републичкиот, односно покраинскиот орган надлежен за образование и воспитување. Овие купувачи можат тие производи да ги набавуваат без плаќање данок на промет или непосредно од производителска или трговска организација на здружениот труд која врши промет на големо или од увозот со поднесување писмена изјава, која мора да биде нумерирана, датирана и потпишана од одговорните лица, дека спаѓаат во купувачи кои можат да ги набавуваат тие производи без плаќање данок на промет на производи и производите што ги набавуваат да спаѓаат во производите од член 36 став 1 точка 24 на Законот. Како образовно-воспитни установи се подразбираат организациите на здружениот труд распоредени во областа 12 во групата 1201 и подгрупата 120331 на Единствената класификација на дејностa („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/76).

Данок на промет на производи не се плаќа за сликарски и скулпторски прибор и материјал од член 36 став 1 точка 25 на Законот, ако тие производи ги набавуваат организациите на Здружението на ликовните уметници на Југославија непосредно од производителска или трговска организација на здружениот труд која врши промет на големо или од увозот, но само за потребите на своите членови. Врз порачката или во посебниот писмен прилог, тие организации се должни да му дадат на продавачот изјава во која ќе се повикаат на одредбите од член 36 став 1 точка 25 на Законот со која тие производи под одредени услови се ослободени од плаќање на данок, како и да наведат дека тие производи ги набавуваат исклучително за потребите на своите членови. Писмената изјава мора да му биде дадена на продавачот пред испораката на купените производи, односно пред испоставувањето на фактурата за продажба. За набавката или движењето на тие производи, организациите на Здружението на ликовните уметници на Југославија должни се да водат евиденција. Ако производи набавени без плаќање на данок се продадат или на друг начин отуѓат, освен на членовите на Здружението според набавните цени вклучувајќи ги и фактичните трошоци за набавка, или се употребат за други цели, организациите на Здружението на ликовните уметници на Југославија се должни да го пресметаат и уплатат пропишаниот данок. Продавачот е должен во фактурата за продажба на стоките да ја внесе клаузулата дека врз основа на писмената изјава од купувачот данок на промет не е пресметан.

Данок на промет на производи не се плаќа врз амбалажата што трговските и други организации на здружениот труд ја набавуваат за пакување на производите што ги продаваат (член 36 став 1 точка 26 на Законот). За таа амбалажа се подразбираат сите видови амбалажа (кесиња, кутии, сандаци, шишиња, лименки, стаклени, итн) без оглед од каков материјал се изработени, како и палети, жици, ленти, конец, манила, рафија, пакхартија, лепливи ленти, етикети налепници, вињети, упатства за употреба на производите и други слични производи кои се лепат или на друг начин се прицврстуваат врз производот или се ставаат во амбалажата. При набавката на амбалажата тие организации поднесуваат писмена изјава за целта заради која ја вршат набавката на тие производи и должни се да водат евиденција за набавената амбалажа според видот и количината и за нејзиното движење.

Ако амбалажа набавена без плаќање данок на промет ја продадат или му ја отстапат на друг кој нема право на купување на амбалажа без плаќање на данок на промет на производи, или ја продадат како стока на мало на крајни потрошувачи, должни се да го пресметаат и уплатат пропишаниот данок. Како амбалажа се сметаат и картонски, пластични и други слични чаши и садови во кои продавачот му испорачува одреден производ на крајниот потрошувач заради конзумирање, а кои по употребата се фрлаат (на пример, чаши во кои продавачот точи овошен сок, пиво и др.). Комуналните организации на здружениот труд може за вршење на својата дејност на собирање и однесување ѓубре да набавуваат без плаќање данок на промет производи од производителска или трговска организација на здружениот труд, пластични кеси или друга слична амбалажа што им ја дала без надомест на граѓани и др. за одлагање на ѓубрето, во кој случај, врз таквото давање не се пресметува и не се плаќа данок на промет на производи.

Како конфекција на облека и рубелина за деца со големина до бројот 16 заклучно врз која, во смисла на член 36 став 1 точка 32 на Законот, не се плаќа данок на промет на производи се подразбираат сите видови облека и рубелина за деца од текстил, кожа или друг материјал или во комбинација на разни материјали, освен од опашлии и природни крзна и тар. број 8 од Тарифата, а особено производите, како што се: горната облека за деца и горната облека плетена и преплетена, детски палта, детски фустани и детски облекла, рубелина за деца и девојчиња вклучувајќи и рубелина плетена и преплетена, детска рубелина свилена и друга детска рубелина, детски плетени нараквици и детски чорапи, детски капи и шапки плетени и преплетени.

Како детски обувки врз кои, во смисла на член 36 став 1 точка 35 на Законот, не се плаќа данок на промет на производи се подразбираат обувките големи до бројот 34 заклучно без оглед од каков материјал се изработени, освен обувките изработени од кожа од опашлините од точка 2 на тар. број 8 од Тарифата.

Не се плаќа данок на промет на производи врз противпожарните автомобили и приколки и врз други противпожарни возила, противпожарните пумпи и други производи од член 36 став 1 точка 34 од Законот вклучувајќи ги и противпожарните средства за лична заштита и личната противпожарна заштитна опрема која и организациите на здружениот труд можат да ја набавуваат без плаќање на данок, ако тие производи противпожарните единици, противпожарните друштва и другите противпожарни организации ги набавуваат непосредно од производителска или трговска организација на здружениот труд кога врши промет на големо или од увозот, со поднесување на писмена изјава, која мора да биде нумерирана, датирана и со печат и потписи од одговорните лица заверена дека спаѓаат во повластени купувачи и дека набавените производи ќе ги користат исклучително за целите поради кои се ослободени од плаќање на данок. Купувачите се должни да водат евиденција за набавката и движењето на тие производи.

За погребна опрема од член 36 став 1 точка 38 на Законот, која е ослободена од плаќање данок на промет на производи, се сметаат следните производи кога ги продаваат организациите што вршат работи на продажба на погребна опрема, како и работи на погребение, закоп и одржување на гробишта и гробници и самостојни занаетчии — производители кои водат деловни книги или книги на приметот, кои за секој промет што ќе го извршат испоставуваат фактура и ги водат пропишаните евиденции според одредбите од овој правилник: сандак за закоп и лимена влошка за тој сандак, погребен симбол (крст, пирамида, нишан и др.): урна и кутија за транспортирање на урната; сандак за пренесување мртовец со авион и др.; покров, чаршав, душек, перница и тапацирунг — за сандаците за закоп и патики за мртовецот. За погребна опрема се сметаат и венците од вештачко и природно цвеќе и лентите за тие венци.

Правото на набавка на патнички автомобил, без плаќање данок на промет на производи во смисла на член 36 став 1 точка 39 од Законот го имаат инвалидите под следните услови:

1) набавката да ја вршат непосредно од производител или од трговска организација на здружениот труд или од увозот;

2) на продавачот, односно на царинарницата да ѝ поднесат писмено мислење од инвалидската комисија, односно од комисијата на надлежниот завод за рехабилитација, за инвалидноста поради која се трајно врзани за употребата на инвалидски колички и поради која им е неопходен патнички автомобил, дека се способни да го управуваат таквото возило, како за денот на настапувањето на инвалидноста;

3) на продавачот, односно на царинарницата, при купувањето, односно при увозот, да ѝ ја поднесат на увид возачката исправа која мора да биде издадена на нивно име и во која мора да биде запишан денот на настапувањето на инвалидноста со консултација дека се способни да го управуваат возилото.

Продавачот, односно царинарницата е должна во фактурата, односно во исправата за увоз, да го внесе бројот и датумот на писменото мислење од инвалидската комисија, односно комисијата за надлежниот завод за рехабилитација, како и бројот и датумот на возачката исправа.

Купувачот-инвалид е должен да му поднесе на надлежниот орган за регистрација на патничкиот автомобил фактура за купувањето која мора да ги содржува сите наведени податоци, а регистрација на патничкиот автомобил може да се изврши само на името на таквиот купувач.

Не се плаќа данок на промет на оние производи што се произведени исклучително во заштитни работилници за професионална рехабилитација и вработување на инвалидите на трудот, односно во ученички работилници и кои како такви и се реализирани непосредно или преку сопствени продавници без оглед кој е купувач на тие производи, а под услов за таквите продажби да се обезбедени потребни евиденции.

Ослободување од плаќање данок на промет на масло за горење

Член 51

Масло за горење екстра-лесно (El) и масло за горење лесно-специјално (V) можат, под условите пропишани во точка 8 на тар. број 2 од Тарифата, да купуваат покрај купувачите од таа точка и единиците и установите на Југословенската народна армија и на милицијата, амбулантите и други здравствени установи во кои се врши преглед и лекување на болни, како и детските и социјалните установи, ако кои порачката приложат писмена изјава дека спаѓаат во купувачите од таа точка и дека маслото ќе го користат исклучително за целите наведени во таа точка.

Купувачот кој во писмената изјава даде неточни или невистински податоци е должен да пресмета и уплати данок на промет на производи за сите количини на масло за горење што ги купил врз основа на таква изјава без плаќање данок на промет.

Кон копијата од фактурите за продажба на производи од став 1 на овој член продавачот приложува писмена изјава од купувачот.

Купувачот е должен посебно да ги евидентира набавените и потрошените количини на производи од став 1 на овој член.

Како социјални и детски установи, во смисла на овој член, се сметаат:

1) установите за социјална заштита на децата и младината (установи за деца без родителски грижи, установи за изгрижување потешко инвалидни деца, установи за воспитно запуштени деца, установи за школување и сместување инвалидни деца и младина и домови за доенчиња и мали деца);

2) установите за социјална заштита на возрасните (прифатилишта за возрасни, домови за стари и изнеможени, домови за згрижување возрасни инвалиди и комбинувани установи),;

3) установите за социјален труд (центри за сместување деца во семејства и центри за социјален труд);

4) установите за дневен престој на деца (детски јасли, градинки и забавишта).

Ако производите од став 1 на овој член купувачот од овој член ќе ги продава на други лица или ги употреби за други цели освен за горење во печки е должен врз така употребените количини да пресмета и уплати данок на промет на производи.

IV. Даночни евиденции

1. Содржина на даночните евиденции

Член 52

Заради обезбедување правилно и благовремено пресметување и плаќање данок на промет на производи, основните организации на здружениот труд и други општествени правни лица кои во смисла на член 12 од Законот, се сметаат како даночни обврзници на тој данок, должни се во своето книговодство да обезбедат податоци за даночните основици според тарифните броеви и истите даночни стапки врз основа на кои се врши утврдување, плаќање и насочување на аконтациите, како и податоци врз основа на кои се врши периодично и конечно пресметување на тој данок.

Аналитичко евидентирање на даночните основици врз кои се применуваат различни даночни стапки од ист или различни тарифни броеви, даночниот обврзник може да обезбеди и со вонкниговодствена евиденција, која мора да биде усогласена со соодветните книговодствени податоци.

Ако за одделни производи како даночна основица е предвидена единица на мера на производ (литар, хектолитарски степен, парче во одредена форма или пакување) или вредност по единица на производ, даночниот обврзник е должен по пат на книговодствената и вонкниговодствената евиденција да ја следи состојбата и движењето на тие производи така што врз секој вид за кој е пропишана различна даночна стапка на данок на промет, да може да се примени соодветната даночна стапка.

2. Применување на овој правилник врз самостојните занаетчии

Член 53

Ако со прописите на републиката, автономната покрајина или општината, со кои се предвидува обврската за водење на деловни книги или книга на прометот за самостојните занаетчии-производители или за самостојно вршење со лична работа, трговска, угостителска или друга услужна дејност, не се посебно регулирани посебни евиденции и начин на нивното водење, врз тие даночни обврзници ќе се применуваат соодветните одредби од овој правилник.

3. Евидентирање на набавените репродукциони материјали и опрема

Член 54

Производителска организација на здружениот труд или друго општествено правно лице кое, врз основа дадената изјава на продавачот, набавува без плаќање данок на промет на производи, односно со плаќање данок на промет по пониска стапка, репродукционен материјал, резервни и други делови, опрема и други производи, е должно во своето книговодство, односно во вонкниговодствената евиденција да обезбеди податоци за набавката, движењето и потрошокот на тие материјали во готови производи, како и за набавката и движењето на опремата и другите производи што ги набавило без плаќање на данок на промет, односно со плаќање на данок на промет на производи по пониска стапка.

4. Обврски на даночните обврзници во смисла на член 14 од Законот

Член 55

Заради насочување на данокот на промет на производи според седиштето на купувачот — големо потрошувач, односно според седиштето на купувачот кој е продавач на мало кој не се смета за даночен обврзник на данок на промет на одредени производи во случаите во кои е тоа со Законот или со Тарифата одредено, производителските организации на здружениот труд, надворешнотрговските организации на здружениот труд и трговските организации на здружениот труд што вршат продажба на производи на тие купувачи на начинот предвиден за вршење промет на стоки на големо, се должни како даночни обврзници од член 14 став 1 на Законот да обезбедат таква даночна евиденција од која ќе се видат износите на даночните обврски од тој основ за секоја република односно автономна покрајина, и тоа по општини.

5. Обврска за доставување податоци и документација на продавници, односно на општинските органи на управата надлежни за работите на приходите

Член 56

Ако со евиденциите за следење на прометот на производите и цените, кои се водат во продавниците и во други деловни единици што вршат промет на производи на мало и кои се наоѓаат на територија од други општини надвор од општината на седиштето на организацијата на здружениот труд во чиј се состав, не се обезбедуваат во потполност и податоците за даночните основици за пресметување и плаќање на данокот на промет, даночниот обврзник е должен да обезбеди и податоци за даночните основици на таква продавница или друга деловна единица, и тоа посебно за секој вид производи подложни на данок според тарифни броеви и исти даночни стапки.

Даночниот обврзник од став 1 на овој член доставува до секоја продавница, односно деловна единица за која посебно утврдува и плаќа аконтации на данок на промет, копија од пресметката на аконтациите со копии на вирманските налози за уплатата на тие аконтации, а ако аконтации утврдува и уплатува за сите продавници на територијата од една општина доставува копија од пресметката на аконтациите со копии на вирманските налози за уплатата на тие аконтации од општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите.

Ако основна организација на здружениот труд — даночен обврзник, во смисла на член 27 став 3 на Законот, пренела работи на евидентирање и пресметување на данок на промет врз продавници и други деловни единици што вршат промет на производи

вон територијата на општината на која е седиштето на основната организација на здружениот труд — пресметувањето на аконтациите на данокот на промет го вршат тие продавници и други деловни единици но при тоа мораат да располагаат со сите податоци и евиденции што се одредени со овој правилник. Плаќањето на аконтациите на данок се врши од жиро-сметката преку која даночниот обврзник располага со средствата со кои управува.

6. Евиденции што водат самостојни занаетчии кои вршат преработка и производство на предмети од кршено злато

Член 57

Самостојните занаетчии што вршат преработка и производство на предмети од кршено злато (златари) се должни да водат евиденција за купување на кршено злато, евиденција за преработка на кршено злато и евиденција за производството и продажбата на предмети од злато. Тие даночни обврзници се должни за секоја количина купено кршено злато да му издадат потврда на продавачот на тоа злато.

Евиденцијата за купување кршено злато мора да содржува: реден број и датум на потврдата за купување на златото; презиме, име и адреса на продавачот на златото; податок за купената количина на злато во грамови; податок за финоста на златото (на пример, 950, 840, 750, 583).

Евиденцијата за преработка на кршено злато мора да ги содржува податоците: за залихите на злато од претходната година по тежина во грамови и по финоста на златото; за преработените количини на тоа злато во текуштата година, за вкупната количина на кршено злато во грамови и по финоста и за потрошокот на златото за услуги изразен во грамови и по финоста.

Евиденцијата за производство и продажба на предмети од злато мора да ги содржува податоците. за залихите на злато од претходната година според бројот на парчињата, тежината во грамови и по финоста; за производството во текуштата година според бројот на парчињата, тежина во грамови и по финоста; за вкупната количина во примероци, грамови и по финоста; за продажбата во текуштата година на одделни предмети од злато со ознака на финоста и продажната цена со засметани даноци (основен и посебен) врз прометот на производите.

Потврдата за купување кршено злато мора да содржува: презиме и име на продавачот на златото, негова адреса и број на личната карта; податоци за видот на предметите од кршено злато, тежината и финоста на златото; цена според еден грам злато со финоста од 999/1000 и вкупен износ на вредноста на купеното злато. Потврдата мора да биде нумерирана, датирана и потпишана од продавачот и купувачот на златото.

Евиденциите од ст. 2, 3 и 4 на овој член мора претходно да ги завери месно надлежниот општински орган на управата за работите на приходите.

V УТВРДУВАЊЕ НА АКОНТАЦИИТЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ СО ПРИМЕНА НА ПРЕСМЕТАНИТЕ ДАНОЧНИ СТАПКИ И ПРЕСМЕТАНИТЕ ПРОСЕЧНИ ДАНОЧНИ СТАПКИ

1. Утврдување на аконтациите за продавници и други деловни единици

Член 58

Даночните обврзници кои во свој состав имаат продавници и други деловни единици (во натамошниот текст: продавници) преку кои вршат продажба на стоки на мало, можат да ги пресметуваат аконтациите на данокот на промет на производи содржан во наплатените продадени производи за тие продавници врз основа на податоците за вкупниот промет на сите тие продавници од територијата на една општина и за наплатените побарувања од екстерни купувачи од кои тие продавници веднаш не ги наплатиле продадените стоки. Даночните обврзници можат да ги пресметуваат аконтациите на данокот на промет на производи во смисла на овој став и за секоја продавница посебно.

2. Пресметани даночни стапки

Член 59

Заради упростување на техниката за утврдување на аконтациите на данокот на промет на производи, даночните обврзници можат, во смисла на член 25 од Законот да го пресметуваат тој данок од вкупната продажна цена која содржи основен и посебен данок на промет, со примена на соодветните пресметани стапки на секој од тие даноци.

Пресметаните даночни стапки се добиваат со сведување на пропишаните даночни стапки врз стапки „од сто“ (најмалку на два децимала), според следниот образец:

$$\frac{100 \times \text{пропишаната стапка на основниот, односно посебниот данок}}{100 + \text{збир на сите даночни стапки}}$$

3. Пресметани просечни даночни стапки

Член 60

Даночните обврзници кои не се во можност за секој вид продадени производи преку продавници посебно да ја евидентираат наплатата на данок според даночни основици врз кои се применуваат еднакви даночни стапки од ист тарифен број, можат за утврдување на аконтациите на данокот на промет внатре во пресметаниот период да применуваат пресметани просечни стапки.

Член 61

Како пресметана просечна даночна стапка на данок на промет на производи се подразбира стапка која се добива од односот на масата на вкалкулираниот данок на промет со кој се задолжува продавницата, вклучувајќи и данок во побарувањата и залихите на продавницата со состојбата на 1 јануари текуштата година — според збирот на износите на ненаплатените побарувања од купувачите што односната продавница ги има на почетокот на годината, износот на вредноста на производите на залихи на односната продавница на почетокот на годината и износот на вредноста на испорачаните ѝ производи од почетокот на годината до крајот на периодот за кој се утврдува пресметнатата просечна даночна стапка според продажната цена со данок на промет на производи.

Член 62

Пресметнатните просечни даночни стапки се утврдуваат посебно за оние видови производи за кои е предвидена посебна сметка за уплатување на данокот.

Пресметнатите просечни даночни стапки можат да се утврдуваат и за оние производи за кои како даночна основица е предвидена единица на мера на производот (килограм, литар, хектолитарски степен, единица на пакување итн.). Сите количини на тие производи (од пренесените ненаплатени побарувања од купувачите на почетокот на годината, од почетните залихи и од вредноста на набавените производи од почетокот на годината) претходно се пресметнуваат врз вредноста според продажните цени на мало (со вклучените даноци), а потоа добиената вредност се споредува со масата на пресметнатиот и задолжениот данок на продавницата врз тие количини на начинот предвиден во член 61 на овој правилник.

VI. УТВРДУВАЊЕ НА АКОНТАЦИИТЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ ВРЗ СМЕТКИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

1. Основица за утврдување на аконтацијата на данокот на промет

Член 63

Аконтациите на данокот на промет на производи се пресметуваат на тој начин што ќе се утврди даночната основица и врз таа основица ќе се применат даночните стапки (пропишани, односно пресметнати или пресметнати просечни стапки).

Основицата за пресметување на аконтацијата го сочинува:

1) остварениот промет според наплатените продадени производи за секои 15 дена во месецот, или

2) остварениот промет според фактурираната реализација за секој изминат месец, ако даночниот обврзник одбрал таков начин на плаќање согласно со член 24 став 5 на Законот. Даночниот обврзник кој одбрал врз прометот на производи на мало да утврдува и плаќа аконтации на данок на промет на производи според фактурираната реализација, ги утврдува и ги плаќа аконтациите на тој данок на начинот пропишан во оваа точка и во член 64 на овој правилник.

2. Наплатени продадени производи

Член 64

Како наплатени продадени производи во прометот на мало и во прометот на големо, во смисла на чл. 24 и 25 на Законот, се подразбираат производите што се наплатени во периодот за кој се утврдува аконтацијата на данокот на промет на производи, и тоа:

1) збир на наплатите во готови пари;

2) збир на наплатите преку жиро-сметката;

3) износи на побарувањата содржани во инструментите за обезбедување на плаќањата според Законот за обезбедување на плаќањата помеѓу корисниците на општествени средства, примени до крајот на последниот ден на периодот за кој се врши пресметување на данокот на промет на производи;

4) вредност на производите продадени за потрошувачки кредит;

5) вредност на производите земени за сопствена крајна потрошувачка, односно употреба;

6) вредност на производите што се дадени без надомест на краен потрошувач.

Даночниот обврзник го утврдува износот на данокот на промет на производи кој е содржан во наплатените продадени производи од став 1 на овој член на следниот начин:

1) врз основа на податоците од книговодството, односно книговодствената евиденција, за продадените и наплатените производи, ако располага со такви податоци, распоредени по тар. броеви и еднакви даночни стапки од ист тарифен број — со примена на пресметнатите стапки, или

2) ако не располага со податоците од точка 1 на овој став — со примена на пресметнатите просечни стапки врз вредноста на продадените производи (фактурирана реализација), со тоа што од така утврдениот износ на данокот на промет на производи да го одбие износот на тој данок кој е содржан во продадените а ненаплатени производи според фактурите распоредени според одделни уплатни сметки, освен за продажбите на потрошувачки кредит. Износот на данокот на промет на производи во продадените а ненаплатени производи, се утврдува во посебен список кој даночниот обврзник го приложува кон пресметката на аконтациите на данокот на промет на производи.

Даночниот обврзник е должен најдоцна до 10 јануари текуштата година да ја извести надлежната служба на општественото книговодство кој начин од став 2 на овој член одбрал за пресметување и плаќање данок на промет на производи.

3. Утврдување на аконтациите на данокот на промет

Член 65

Врз утврдената основица од член 63 став 2 на овој правилник, даночниот обврзник ги применува:

1) пропишаните, односно пресметнатите даночни стапки врз сите продадени производи за кои во Тарифата е предвидена посебна даночна стапка ако со книговодствените или вонкниговодствените евиденции се обезбедени податоци за одделни даночни основици врз кои можат да се применуваат соодветни даночни стапки;

2) пресметнатите просечни даночни стапки врз групи продадени производи за кои даночните обврзници се должни со книговодствени или вонкниговодствени евиденции да обезбедат податоци за даночните основици (на пример: за деривати од нафта, преработки од тутун, алкохолни пијалаци, патнички автомобили, лекови) посебно за секоја од тие групи на производи;

3) пресметнатите просечни даночни стапки врз целиот промет на другите производи, освен производите од став 1 точка 2 на овој член, продадени во периодот за кој се утврдува аконтација на данокот.

Пресметнатите просечни даночни стапки се применуваат, и тоа:

1) врз целокупниот промет на одделни или сите продавници од територијата на иста општина, остварен во изминатиот период за кој се утврдува аконтацијата на основниот и посебниот данок на промет за сите производи за кои се уплатува данок врз една (иста) уплатна сметка кај службата на општественото книговодство;

2) врз дел на прометот на одделна или на сите продавници од територијата на иста општина, остварен во изминатиот период за кој се утврдува аконтацијата на основниот и посебниот данок на промет за сите производи за кои се уплатува данок врз една (иста) уплатна сметка кај службата на општественото книговодство.

Ако не може да утврди пресметнатите просечни даночни стапки за секои 15 дена, даночниот обврзник ќе примени пресметнати просечни даночни стапки утврдени со последната пресметка.

Даночниот обврзник може да утврдува, односно да плаќа аконтации и во височина на една половина или во височина на една шестина на утврдените аконтации од претходниот месец, односно тримесечје, ако составува и поднесува пресметки на аконтации месечно, односно тримесечно (член 26 став 2 на Законот).

4. Обврска за посебно утврдување на аконтациите на данокот на промет на мало и на прометот на големо

Член 66

Даночниот обврзник кој еден дел на производите од сопствено или туѓо производство, што подлежат на плаќање на данок на промет, продава непосредно од свој склад или транзитно, а друг дел од таквите производи продава преку свои продавници, ги утврдува аконтациите на данокот на промет посебно за прометот извршен од склад или транзитно, а посебно за прометот извршен преку продавници.

Одредбите од став 1 на овој член се однесуваат и на надворешнотрговските организации и на трговските организации на здружениот труд на големо, кои во свој состав имаат продавници.

5. Пренесување на техниката за утврдување и плаќање на данок на промет на производи врз продавниците

Член 67

Ако има во повеќе општини продавници од кои од оправдани причини не може да прибави на време податоци за остварениот промет, даночниот обврзник може одделни или сите продавници во другите општини да ги овласти самите да ја евидентираат и да ја пресметуваат аконтацијата на данокот на промет согласно со член 27 став 3 на Законот, под услов да располагаат со податоци потребни за такво евидентирање или пресметување на аконтациите (водење на пропишани евиденции во смисла на овој правилник, докази за уплатениот данок на општествено-политичката заедница на која ѝ припаѓа данокот и др.).

Уплатата на аконтациите и поднесувањето на пресметката на данокот на промет на производи за продавниците од став 1 на овој член се врши кај службата на општественото книговодство кај која се води жиро-сметката преку која основната организација на здружениот труд — даночен обврзник во чиј состав се наоѓаат тие, располага со средствата што ги управува.

6. Уплата на данокот врз уплатни сметки

Член 68

Сите утврдени износи на аконтациите на данокот на промет на производи се управуваат со вирмански налог на начинот и врз сметките што се одредени со посебни прописи во роковите предвидени во член 24 на Законот.

Основниот данок на промет на производи и посебниот републички, односно покраински данок на промет на производи, се уплатуваат со посебни налози во корист на сметките одредени со посебен пропис од став 1 на овој член по општините кај службата на општественото книговодство кај која се води жиро-сметката на општината.

VII СОСТАВУВАЊЕ И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКИТЕ НА АКОНТАЦИИТЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ И НА КОНЕЧНАТА ПРЕСМЕТКА

1. Составување и поднесување на пресметките на аконтациите на данокот на промет на производи

Член 69

Ако даночниот обврзник до 10 јануари текуштата година не ја известил надлежната служба на општественото книговодство дека пресметката на аконтацијата на данокот на промет ќе ја составува и поднесува месечно или тримесечно (член 26 став 2 на Законот), таа пресметка мора за прво полугодиште да се состави и поднесе до 20 јули текуштата година.

За второто полугодиште не се составува посебна пресметка на аконтациите туку утврдените аконтации за тоа полугодиште заедно со аконтациите од првото полугодиште — конечно се пресметуваат со завршната сметка за изминатата година.

Даночниот обврзник на данокот на промет на производи кои одлучил, и, до 10 јануари текуштата година, ја известил надлежната служба за општественото книговодство дека ќе плаќа аконтации на данок на промет, според фактурираната реализација, составува пресметка и ја поднесува до таа служба во рок од 20 дена од денот на истекот на месецот за кој се поднесува пресметката

Купувачите на деривати од нафта, кои се даночни обврзници според одредбата под 2 точка 2 на забелешката кон тар. број 2 од Тарифата, наместо пресметката од овој член, се должни да состават преглед за даночните основици и за износот на данокот за секој вид на деривати, и тоа според сите фактури применети во изминатиот месец за кои е предвидена посебна даночна стапка. Тој преглед, заедно со еден примерок од налогот за уплата, претставува книговодствен документ со кој се докажува уплатата на пресметаниот данок. Еден примерок од тој преглед се доставува до надлежната служба на општественото книговодство кон вирманскиот налог за уплата на пресметаниот данок.

Член 70

Со пресметката на аконтациите на данокот на промет се утврдуваат основицата на данокот на промет и износот на пресметаниот данок, според наплатените продадени производи, односно според фактурираната реализација ако таквиот начин на пресметување го одбрал самиот даночен обврзник. Тие износи се утврдуваат за целиот временски период од почетокот на годината до крајот на периодот за кој се составува пресметка (кумулативно), и тоа посебно за прометот на производи извршен на начинот предвиден за вршење промет на големо, а посебно за промет на производи на мало.

Член 71

Пресметка на аконтациите на данокот на промет се составува врз Образецот ПП-а Пресметка на данокот на промет на производи и услуги за периодот од ——— до —— 19— година, кој е единствен за сите даночни обврзници од член 52 на овој правилник. Тој образец е напечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Даночниот обврзник е должен, во смисла на член 27 став 2 на Законот, да доставува копии од пресметките на аконтациите на данокот и од вирманските налози за уплатата на тие аконтации во рок од 1 месец од денот на истекот на пресметковниот период за сите продавници на територијата од една општина до општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите.

Пресметките се составуваат одвоено за целиот промет на производи на мало и одвоено за целиот промет на производи на големо, што ги извршил во одреден период даночниот обврзник.

Член 72

Од износот на пресметаниот данок на промет според пресметката на аконтациите на данок на промет. се одбиваат износите на сите уплатени аконтации од почетокот на годината до крајот на периодот за кој се составува пресметката, под услов уплатите да се извршени до денот на поднесувањето на пресметката.

Ако збирот на износите на уплатените аконтации од почетокот на годината до крајот на пресметковниот период е помал од износот на аконтациите на данокот на промет утврден со пресметката, разликата претставува остаток на стасаниот данок за кој мора да се поднесе вирмански налог за уплата врз соодветната уплатна сметка кај службата на општественото книговодство во рок во кој се поднесува и пресметката. (член 26 став 4 на Законот).

Ако збирот на износите на уплатените аконтации е поголем од износот на данокот на промет утврден со пресметката, даночниот обврзник одлучува дали ќе бара враќање на преплатата на данокот со издавање на вирмански налог на товар на соодветната уплатна сметка кај службата на општественото книговодство кај која се води жиро-сметката на општината на чија територија е извршен прометот, или износот на преплатата ќе го користи како аванс за идните аконтации (член 26 став 4 на Законот).

2. Составување и поднесување на конечна пресметка на данок на промет

Член 73

Конечно пресметување на данокот на промет се врши врз основа на податоците за извршениот промет и за остварените надомести за услугите, согла-

сно со одредбите од Законот и овој правилник, како и одредбите од републичките, покраинските и општинските прописи за посебните даноци на тие општествено-политички заедници.

Конечно пресметување се врши посебно за данокот на промет на производи во прометот на мало, за данокот на промет на производи во прометот извршен на начинот предвиден за вршење промет на големо, односно за данокот на надоместите за услуги.

Конечно пресметување на данок на промет на производи во прометот на мало, што даночниот обврзник го врши непосредно или преку продавници (пумпни станици и сл.), се врши на следниот начин:

1) даночните обврзници што го следат движењето на стоките по видот и количината — ја утврдуваат својата конечна годишна даночна обврска врз основа на податоците за движењето на стоките, податоците утврдени со пописот и податоците за наплатените и продадените производи;

2) даночните обврзници што располагаат со соодветни податоци, директно од книговодството или од вонкниговодствената евиденција, и тоа со податоци за даночните основици врз кои се применуваат пропишаните даночни стапки и со податоци за секој вид данок кој се пресметува и плаќа — ја утврдуваат својата конечна годишна даночна обврска врз основа на тие податоци и врз податоците утврдени со пописот.

Даночните обврзници што не ги исполнуваат условите од став 3 на овој член и кои стоките ги водат според продажните цени со вкалкулираниот данок на промет на производи и според тие цени вршат задолжување и раздолжување на продавниците што вршат промет на стоки на мало — ја утврдуваат својата конечна годишна даночна обврска на следниот начин:

1) на износот на долгувањето на купувачите на стоки распоредени во смисла на одредбите од член 65 од овој правилник и на износот на залихите на стоки на 1 јануари во година за која се утврдува конечна пресметка распоредени по групации на производи што имаат иста даночна стапка со вкалкулираниот данок на промет на производи, му ги додаваат сите набавки на стоки од 1 јануари до 31 декември на соодветната година според продажните цени со вкалкулираниот данок на промет, заради утврдување на вкупното задолжување (влез) на стоки во тој период;

2) од вкупното задолжување на стоките, утврдено на начинот од точка 1 на овој став, се одбиваат:

— вредноста на залихите на стоките според продажната цена со вкалкулираниот данок на промет на производи, утврдена со состојбата на 31 декември на годината за која се врши пресметување, распоредена по групации на производите кои имаат иста даночна основица и иста даночна стапка;

— долгувањата на купувачите на стоки со состојбата на крајот на годината, односно на 31 декември, распоредени во смисла на одредбите од член 65 на овој правилник;

— вредноста на утврдените износи на име нормално кало, растур, крш и расипување на производи наменети за продажба на мало, кои не го надминуваат калото, растурот, кршот и расипувањето што се дозволени со општиот акт на даночниот обврзник и кои посебно се распоредуваат врз одделни групации на производи;

— уништувањата и кусоците утврдени поради дејство на виша сила и провални кражби;

3) остатокот на прометот, по одбивањето на износите наведени во точка 2 на овој став од износите наведени во точка 1 на овој став, претставува конечна годишна даночна основица врз која се применуваат соодветните стапки на данок на промет и се утврдува конечниот годишен износ на тој данок.

Конечна годишна пресметка на данок на промет на производи за промет извршен од склад, односно за прометот извршен на начинот предвиден за прометот на стоки на големо, се врши на следниот начин:

1) даночните обврзници ја утврдуваат својата конечна годишна даночна обврска врз основа на фактичните податоци за наплатените продадени производи содржани во евиденцијата за прометот и данокот на промет што ја водат тие;

2) даночните обврзници кои не располагаат со податоци од точка 1 на овој став вршат конечно пресметување на данокот на промет според одредбите од член 64 на овој правилник;

3) даночните обврзници кои во текот на годината плаќале аконтации во височина на пресметанист данок според издадените фактури согласно со член 24 став 6 на Законот, вршат конечно пресметување на данокот на промет на производи според одредбите од член 28 на Законот.

Даночните обврзници што вршат и промет на стоки на мало и промет на стоки на начинот предвиден за вршење промет на големо, вршат конечно пресметување на данокот на промет на производи, и тоа посебно за прометот на стоки на мало на начинот пропишан во став 3, односно став 4 на овој член, а посебно за прометот на стоки на големо на начинот пропишан во став 5 на овој член.

Даночните обврзници составуваат и поднесуваат конечна пресметка на данок на промет на производи врз Образецот ПП-к — Конечна пресметка на данок на промет на производи и услуги за 19—— година, кој е напечатен кон овој правилник и негов е составен дел, и тоа:

1) посебно за прометот на производи во прометот на мало, и тоа збир на пресметка за целиот промет кон кој приложуваат и посебни пресметки за прометот на производи извршен преку продавниците што се наоѓаат на територијата од одделна општина;

2) посебно за промет на производи извршен на начинот предвиден за вршење на промет производи на големо.

Врз основа на посебните пресметки од став 7 на овој член, даночните обврзници составуваат и поднесуваат врз истиот образец збирна конечна пресметка на данок на промет на производи во која ја внесуваат и конечната пресметка на данокот врз надоместот за услуги.

Даночните обврзници ги доставуваат збирните пресметки од став 8 на овој член во два примерока, а посебните пресметки од став 7 на овој член во по еден примерок до службата на општественото книговодство преку која вршат плаќање на данокот на промет.

Даночните обврзници доставуваат еден примерок на посебните пресметки од став 7 точка 1 на овој член до органот на управата надлежен за работите на приходите на општината на чија територија се наоѓаат продавниците односно другите деловни единици.

Образецот ПП-к — од овој член мора да биде приспособен за механографска статистичка обработка.

3. Обврска за попис на производи заради составување на конечната пресметка на данокот на промет

Член 74

Заради утврдување на конечната пресметка на данокот на промет, даночниот обврзник е должен во текот на декември да изврши попис на производите кои подлежат на пресметување и плаќање на данокот на промет. За да ја утврди конечната пресметка на данокот на промет содржан во реализацијата на стоките остварена од денот на пописот до 31 декември, даночниот обврзник кој поради својата организација и начин на работење не е во

можност да ја следи наплатата на секој вид продадени производи врз кои се применуваат еднакви даночни стапки од истиот тарифен број, ќе изврши сведување на залихите утврдени со пописот по структурата на производите распоредени според тарифните броеви и пропишаните даночни стапки.

Залихите утврдени со сведување на начинот од став 1 на овој член, во поглед на конечно пресметување на данокот на промет на производи, се сметаат како залихи утврдени со редовниот попис на крајот на годината.

Даночните обврзници кои ажурно и уредно го водат материјалното (стоковно) книговодство и кои во текот на годината врз основа на тоа книговодство непрекинато и секојдневно го утврдуваат натуралниот попис на стоките, не се должни да вршат и попис според одредбите од овој член.

VIII. ПОПИШУВАЊЕ НА ЗАЛИХИТЕ НА СТОКИ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА ПОРАДИ ПРОМЕНА НА ДАНОЧНИТЕ СТАПКИ И УПЛАТА НА РАЗЛИКАТА НА ДАНОКОТ

Член 75

Организациите на здружениот труд кои, во смисла на член 12 став 1 на Законот, се сметаат како даночни обврзници на данокот на промет на производи, се должни, за производите за кои во текот на годината се зголемува, намалува или укинува данокот на промет, со денот на влегувањето во сила на прописот со кој се врши зголемување, намалување или укинување на тој данок, да извршат попис на производите на залихи во продавницата или друга деловна единица и врз натамошниот промет на тие производи да ги применат променетите даночни стапки и да ги утврдат новите малопродажни цени. Освен тоа, тие даночни обврзници ќе ја утврдат врз тие залихи и разликата помеѓу вкалкулираниот данок на промет според дотогашните даночни стапки и данокот на промет по новите даночни стапки. Така утврдената разлика на данокот на промет, даночниот обврзник ќе ја книжи во корист или на товар на соодветната сметка на вкалкулираниот данок на промет зависно од тоа дали таа разлика е позитивна или негативна. Даночните обврзници кои ажурно и уредно водат материјално (стоковно книговодство) по продавници и кои во текот на годината врз основа на тоа книговодство непрекинато и секојдневно утврдуваат натурален попис на стоките, можат, наместо со попис од овој став, да ги утврдуваат залихите на производите врз основа на состојбата од материјалното (стоковно) книговодство.

По исклучок од одредбите на став 1 од овој член, попис не се должни да извршат производителските и трговските организации на здружениот труд кои производите на залихи во своите складови не ги водат по цените со вкалкулираниот данок на промет на производи. Меѓутоа, ако во продавниците или други деловни единици во состав на тие организации овие производи се водат по продажните цени со вкалкулираниот данок на промет, за производите во тие продавници или единици ќе се постапи според одредбата од став 1 на овој член.

Член 76

Организацијата на пописот на залихите за производите за кои во текот на годината се зголемува, намалува или укинува данокот на промет на производи, ја вршат даночните обврзници од член 75 на овој правилник на начинот и по постапката по кои вршат попис на стоки при менувањето на продажните цени на стоките во кои е вкалкулиран данокот на промет на производи (комисиско мерење, броење).

За извршениот попис се составува записник кој го потпишуваат членовите на комисијата и одговорното лице. По еден примерок од записникот за попис се доставува веднаш до службата на општественото книговодство кај која даночниот обврзник има жиро-сметка и до месно надлежниот општински орган на управата за работите на приходите.

Член 77

Пописот на залихите на производите за кои во текот на годината се зголемува, намалува или укинува данокот на промет на производи, за самостојните занаетчии — производители и за самостојно вршење со лична работа трговска, угостителска или друга услужна дејност го организираат надлежните општински органи на управата.

За извршениот попис се составува записник кој го потпишуваат членовите на комисијата и лицето што ги врши дејностите од став 1 на овој член.

Записникот за попис мора, покрај податоците за називот (името) на даночниот обврзник и за местото и времето на вршењето на пописот, да ги содржи и следните податоци:

1) назив на производот;
2) единица на мера;
3) попишаните количини на производи;
4) досегашната продажна цена по единица на производ со даноците на промет на производи (основен и посебен);
5) вкупен износ на вредноста на попишаните производи според досегашната продажна цена со даноците на промет на производи;
6) новата продажна цена по единица на производ со даноците на промет на производи;
7) вкупен износ на вредноста на попишаните стоки по новата продажна цена со даноците на промет на производи;
8) вкупен износ на разликата помеѓу новата и досегашната продажна цена со данок на сите попишани производи.

Член 78

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите кој организира попис на залихите на производите во смисла на член 77 на овој правилник ќе ги одреди со решението за пописот:

1) членовите на комисијата за попис на залихите;
2) уплатните сметки на приходите врз кои се уплатува позитивната разлика на данокот на промет утврдена врз производите затечени на залихи на даночниот обврзник;
3) рокот во кој ќе се уплати утврдената позитивна разлика на данокот на промет на производи;
4) височината на патните трошоци на членовите на пописната комисија и изворот од кој ќе се изврши исплатата на тие трошоци.

IX. ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 79

Даночниот обврзник на данок на промет на производи може да бара враќање на погрешно или повеќе платен данок кој не требало да го плати само ако купувачот од кој е наплатен тој данок побарал од даночниот обврзник враќање на тој данок. Даночниот обврзник е должен кон барањето за враќање кое се поднесува до надлежната служба на општественото книговодство, која врши контрола на пресметувањето и плаќањето на данокот од страна на таквиот даночен обврзник, да го приложи, покрај потребната документација, и барањето од купувачите за враќање на погрешно или повеќе платен данок.

Даночниот обврзник, вклучувајќи го и граѓанинот, кој самиот платил данок на промет или од кој се наплатени затезна камата, трошоци за присилна наплата и парична казна што не бил должен да ги плати, поднесува барање за враќање на платениот данок, односно затезна камата, трошоци за

присилна наплата и парична казна до надлежната служба на општественото книговодство во свое име и за своја сметка.

Службата на општественото книговодство врши враќање на платените даноци на промет во случаите од став 1 на овој член врз жиро-сметката на општественото правно лице — купувач кој како платец на данокот барал враќање, а во случајот од став 2 на овој член — врз жиро-сметката на даночниот обврзник на товар на соодветната уплатна сметка.

Враќањето на платениот данок на промет на граѓанин кој нема жиро-сметка, се врши во готови пари.

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 80

Производителските и трговските организации на здружениот труд кој вршат продажба на производи на големо, а кои до 3 февруари 1977 година биле даночни обврзници за преработки од тутун, лекови, кибрит и цигарет хартија во прометот, кој е извршен на продавачи на мало (член 14 став 1 на Законот), се должни основниот данок на промет на производи, содржан во таквиот промет, да го уплатат на начинот и во роковите што се одредени во овој правилник, а најдоцна до 30 јуни 1977 година.

Како промет кој, во смисла на став 1 од овој член, е извршен до 3 февруари 1977 година, се смета и испораката на производи што е извршена заклучно со тој ден, без оглед дали за соодветните производи е испоставена фактура.

Продавачите на мало на алкохол (етанол) за широка потрошувачка и за употреба и продажба во аптеки, како и на денатуриран алкохол за гориво, се должни да извршат попис на залихите на тие производи и да го вкалкулираат основниот данок на промет според пропишаните даночни стапки. Утврдената разлика во данокот ќе ја уплатуваат врз база на реализацијата на овие производи во пропишаните рокови врз одредената уплатна сметка — со тоа што таа разлика мора во целина да биде уплатена најдоцна до 30 јуни 1977 година.

Член 81

Во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник, даночните обврзници се должни, во смисла на чл. 64 и 69 на овој правилник, писмено да ја известат надлежната служба на општественото книговодство за одбраниот начин на пресметување и плаќање на данокот на промет.

Известувањето на даночниот обврзник дадено во смисла на став 1 од овој член ги содржи следните податоци:

1) назив и место на основната организација на здружениот труд — даночен обврзник;

2) назив и место на продавниците и другите деловни единици чии седишта се на територијата од други општини со назначување дека даночниот обврзник ги пренесол врз нив работите за евидентирање и пресметување на данокот на промет на производи (член 67);

3) број на жиро-сметката преку која даночниот обврзник располага со средствата што ги управува;

4) податок за тоа каде се води книговодството на даночниот обврзник (во самата основна организација на здружениот труд, во работна заедница, кај друга организација на здружениот труд);

5) податок за тоа како се утврдуваат аконтациите на данокот на промет (со примена на пропишаните, пресметнатите или пресметнатите просечни стапки, според фактурираната или наплатената реализација;

6) рокови во кои ќе се врши пресметувањето на аконтациите на данокот на промет (месечно, тримесечно или полугодишно);

7) рокови и начин на уплатувањето на аконтацијата на данокот на промет (месечно според фактурираната реализација, петнаесетдневно врз основа на прометот, во височина на една половина, односно една шестина на пресметаниот данок на промет во претходниот месец, односно претходното тримесечје).

Пријавениот начин за пресметување и плаќање на данокот на промет во смисла на став 1 од овој член не може да се менува во текот на годината.

Член 82

По исклучок од член 64 на овој правилник, даночните обврзници се должни за периодот од 1 јануари до 30 јуни 1977 година да ги утврдуваат и плаќаат аконтациите на данокот на промет на начинот кој го одбрале и ќе го пријавиле на службата на општественото книговодство до 10 јануари 1977 година.

Даночните обврзници се должни:

1) да состават и да поднесат пресметка на данокот на промет за периодот од 1 јануари до 3 февруари 1977 година, врз Образецот „ПП“ од член 83 на Правилникот за примена на даночните стапки и за начинот на водење на евиденција, пресметување и плаќање на данокот на промет на производи и услуги, кој важи до денот на влегувањето во сила на овој правилник, кој ќе се приложи кон пресметката што ја составуваат и поднесуваат врз образецот од член 71 на овој правилник, без пополнување на колоните 5 и 6 за периодот од 4 февруари до 31 март, односно до 30 јуни 1977 година ако пресметката ја составуваат и поднесуваат шестмесечно;

2) да состават и да ја поднесат до 20 јуни 1977 година пресметката на данокот на промет за периодот од 4 февруари до 30 јуни 1977 година врз Образецот ПП-а од член 71 на овој правилник, без пополнување на колоните 5 и 6 на тој образец.

Од 1 јули 1977 година, даночните обврзници, освен оние што плаќаат данок според фактурираната реализација, ги утврдуваат и плаќаат аконтациите на данокот на промет на производи на начинот одреден во член 64 став 2 на овој правилник во рок од 5 дена од денот на истекот на секои 15 дена во месецот, односно од денот на истекот на месецот, со тоа што се должни данокот содржан во ненаплатените продадени производи за периодот од 1 јануари до 30 јуни 1977 година да го уплатат, и тоа во сразмерни износи и истовремено со уплатата на тие аконтации почнувајќи со уплата која стасува на 20 јули па најдоцна до 20 октомври 1977 година.

Даночните обврзници се должни на начинот одреден во член 64 на овој правилник да состават и да поднесат до 20 октомври 1977 година пресметка на данокот на промет на производи и за периодот од 1 јули до 30 септември 1977 година врз Образецот ПП-а од член 71 на овој правилник.

Член 83

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за примена на даночните стапки и за начинот на водење на евиденцијата, пресметувањето и плаќањето на данок на промет на производи и услуги („Службен лист на СФРЈ“, бр 37/72 4/73, 13/73, 37/73, 3/74, 20/74, 3/75, 26/75, 4/76 и 53/76).

Член 84

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на „Службен лист на СФРЈ“.

Бр 5-4034/1
11 април 1977 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Момчило Цемовиќ, с. р.

Образец ПП-а

Основна организација на здружениот труд ————

Место ———— Општина ————

Шифра на дејноста на ООЗТ ————

Организација на здружениот труд ————

Место ———— Општина ————

Број на продавници и други деловни единици што ООЗТ ги има на територијте од други општини ——

ПРЕСМЕТКА НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД ———— ДО ———— 19—— ГОДИНА

Реден број	Тарифен број	Број на уплатната сметка	Износ на пресметката на данокот на промет на производи и услуги	Износ на данокот според списокот на фактурите што не се наплатени	Износ на данокот за уплата (4 минус 5)	Износ на уплатениот данок на промет	Разлика	
							повеќе (7 минус 6)	помалку (6 минус 7)
1	2	3	4	5	6	7	8	9
1		ОСНОВЕН ДАНОК НА ПРОМЕТ (2 до 18)						
2	1	840-2010						
3	2	840-2101						
4	3	840-2117						
5	4	840-2122						
6	4	840-2138						
7	4	840-21184						
8	5	840-2143						
9	6	840-2159						
10	7	840-2026						
11	8	840-2031						
12	9	840-2047						
13	10	840-2052						
14	11	840-2068						
15	11	840-2164						
16	12	840-2073						
17		840-21100						
18		840-21116						
19		Вкупно во тоа:						
20		СР Босна и Херцеговина						
21		СР Црна Гора						
22		СР Хрватска						
23		СР Македонија						
24		СР Словенија						

1	2	3	4	5	6	7	8	9
25		СР Србија						
26		САП Војводина						
27		САП Косово						
28		ПОСЕБЕН (републички, односно покрајински) ДАНОК НА ПРОМЕТ (29 + 42)						
29		Производи (30 до 41)						
30		840-2208						
31		840-22204						
32		840-22001						
33		840-22017						
34		840-22022						
35		840-22038						
36		840-2213						
37		840-22225						
38		840-2297						
39		840-22230						
40		840-22108						
41		840-22197						
42		Услуги (43 до 47)						
43		840-2255						
44		840-2260						
45		840-2276						
46		840-2281						
47		840-22181						
48		ПОСЕБЕН (општински) ДАНОК НА ПРОМЕТ (49 + 62)						
49		Производи (50 до 61)						
50		840-2304						
51		840-23173						
52		840-23201						
53		840-23217						
54		840-23222						
55		840-23238						
56		840-2325						
57		840-23189						
58		840-2393						
59		840-23194						

1	2	3	4	5	6	7	8	9
60		840-23105						
61		840-23168						
62		Услуги (63 до 66)	-					
63		840-2351						
64		840-2367						
65		840-2372						
66		840-2388						
67								
68								

Прилог:

Список на фактурите за кои не е извршена наплата во пресметковниот период со износ на ненаплатениот данок од колоната 5 на овој образец

На денот ———— 19— година

Раководител
на книговодството,

Директор,

Образец ПП-к

Основна организација на здружениот труд ————

Место ———— Општина ————

Шифра на дејноста на ООЗТ ————

Организација на здружениот труд ————

Место ———— Општина ————

Број на продавници и други деловни единици што ООЗТ ги има на територијата од други општини ——

КОНЕЧНА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗА 19—— ГОДИНА

Реден број	Тарифен број	Вид на производите (стоките) — услугите	Стапка на данокот на промет	Количество	Основица: Износ на продажната цена без данок, односно надомест	Износ на пресметаниот данок на промет	Износ на данокот на промет според списокот на фактурите што не се наплатени	Износ на данокот на промет за уплата (7 минус 8)	Износ на уплатениот данок на промет	Разлика: повеќе (10 минус 9)	Разлика: помалку (9 минус 10)
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
1		Основен данок на промет (2 + 10 + 22 + 32 + + 37 + 42 + 47 + 52 + 55 + 60 + 64 + 73 + 82 + + 102 + 104 + 109 + 111)	x	x	x						
2	1	Уплатна сметка 840-2010 (3 до 9)	x	x	x						
3	1	Сите производи што служат за крајна потрошувачка, освен производите за кои во Тарифата се предвидени посебни даночни стапки, производите за кои е предвидено даночно ослободување и сода и минерална вода		x					x	x	x

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
4	1	Кујнска сол		x					x	x	x
5	1	Производи од шеќер (бомбони, екстракти од слатко дрво, жвакачки гуми и други производи од шеќер од тар. бр. 17 04 и 17.05 на Царинската тарифа)		x					x	x	x
6	1	Обувка чија цена е поголема од 600 динари рало и чизми чија цена е поголема од 800 динари чифт		x					x	x	x
7	1	Резервни делови за патнички автомобили		x					x	x	x
8	1	Внатрешни и надворешни гуми за патнички автомобили		x					x	x	x
9	1	Производи изработени од сребро во филигран		x					x	x	x
10	2	Уплатна сметка 840-2101 (11 до 21)	x	x	x						
11	2	Моторен бензин и авионски бензин од 86 октани		x					x	x	x
12	2	Моторен бензин и авионски бензин од 98 октани и над 98 октани		x					x	x	x
13	2	Дизел-гориво D-1		x					x	x	x
14	2	Дизел-гориво D-2		x					x	x	x
15	2	Дизел-гориво D-3		x					x	x	x
16	2	Млазно гориво		x					x	x	x
17	2	Петролеј за мотори		x					x	x	x
18	2	Авионски и моторни масла		x					x	x	x
19	2	Минерални мазиви масла и масти, хипоидни масла и други минерални масла и масти, масла за подмачкување и примарен (суров) бензин		x					x	x	x
20	2	Природен гас, бутан-гас, пропан-гас, бутан-пропан гас, ако со помош од специјални уреди се користат за погон за моторни возила и моторни пловни објекти		x					x	x	x
21	2	Масло за горење екстра лесно (EL) и масло за горење лесно специјално (LS)		x					x	x	x
22	3	Уплатна сметка 840-2117 (23 до 31)	x	x	x						
23	3	Сите видови цигари што не се произведени според југословенски стандард, односно што не спаѓаат во ниедна група од точ. 2 и 3 на тар. број 3 од Тарифата, како и колекции цигари и режан тутун од сите видови и квалитети, освен тутунот за луле		x					x	x	x
24	3	Сите видови цигари што не се произведени според југословенски стандард, а на кои производителот им ја одредува малопродажната цена за 20 парчиња		x					x	x	x
25	3	Цигари од I квалитетна група		x					x	x	x
26	3	Цигари од II квалитетна група		x					x	x	x
27	3	Цигари од IIIа квалитетна група		x					x	x	x
28	3	Цигари од IIIб квалитетна група		x					x	x	x

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
29	3	Цигари од IV квалитетна група		x					x	x	x
30	3	Тутун за луле		x					x	x	x
31	3	Цигари, цигарилоси и бурмут		x					x	x	x
32	4	Уплатна сметка 840-2122 (33 до 36)	x	x	x						
33	4	Пиво произведено од 50% и повеќе домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
34	4	Природна ракија и вињак произведени од 50% и повеќе домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
35	4	Други алкохолни пијалаци произведени од 50% и повеќе домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
36	4	Алкохолни пијалаци од сите видови произведени со помалку од 50% домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
37	4	Уплатна сметка 840-2138 (38 до 41)	x	x	x						
38	4	Пиво произведено од 50% и повеќе домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
39	4	Природна ракија и вињак произведени од 60% и повеќе домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
40	4	Други алкохолни пијалаци произведени од 50% и повеќе домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
41	4	Алкохолни пијалаци од сите видови произведени со помалку од 50% домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
42	4	Уплатна сметка 840-21184 (43 до 46)	x	x	x						
43	4	Пиво произведено од 50 % и повеќе домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
44	4	Природна ракија и вињак произведени од 50% и повеќе домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
45	4	Други алкохолни пијалаци произведени од 50% и повеќе домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
46	4	Алкохолни пијалаци од сите видови произведени со помалку од 50% домашни суровини, според вредноста		x					x	x	x
47	5	Уплатна сметка 840-2143 (48 до 51)	x	x	x						
48	5	Алкохол (етанол) за производство на алкохолни пијалаци, за потрошувачка во болници и други здравствени организации на здружениот труд и во научни установи и лаборатории за конзервирање препарати и за пулпирање		x					x	x	x
49	5	Алкохол (етанол) за производство на парфимериски и козметички производи		x					x	x	x
50	5	Алкохол (етанол) за крајна потрошувачка и за употреба и продажба во аптеки		x					x	x	x

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
51	5	Дентатуриран алкохол за гориво		x					x	x	x
52	6	Уплатна сметка 840-2159 (53 до 54)	x	x	x						
53	6	Патнички автомобили од став 1 на тар. број 6 од Тарифата		x					x	x	x
54	6	Патнички автомобили од став 2 на тар. број 6 од Тарифата		x					x	x	x
55	7	Уплатна сметка 840-2026 (56 до 59)	x	x	x						
56	7	Запалки за цигари		x					x	x	x
57	7	Цигаретна хартија во ливчиња		x					x	x	x
58	7	Цигаретна хартија несечена или сечена		x					x	x	x
59	7	Карти за играње		x					x	x	x
60	8	Уплатна сметка 840-2031 (61 до 63)	x	x	x						
61	8	Парфимериски, козметички и тоалетни производи од тар. број 33.06 од Царинската тарифа, освен прашоци и паста за заби, лосиони за уста, пудер и кремови за деца, беби-масла, беби-млеко, пенливи купки за деца и шампони за коса		x					x	x	x
62	8	Кожа од рептилии (од змија, гуштер, крокодил и др.), природни крзна (освен овчо и јагнешко) и производи од тие кожи и крзна (облека, обувки и други производи)		x					x	x	x
63	8	Теписи со рака јазлувани над 120.000 јазли на 1 $м^2$ и волнени постилки ткаени со рака, еднобојни или мелирани		x					x	x	x
64	9	Уплатна сметка 840-2047 (65 до 72)	x	x	x						
65	9	Производи од сите видови изработени со повеќе од 2% злато или други благородни метали, како и производи изработени од сребро, освен производите изработени од сребро во филигран (тар. број 1 на Тарифата)		x					x	x	x
66	9	Предмети изработени од небрусено кристално (оловно) стакло кај кои вредноста на увозните суровини и материјали е 50% и повеќе од 50% во продажната цена во која не е засметан данок на промет		x					x	x	x
67	9	Ѕидни и трпезни часовници со механизам за отчукување, рачни и џебни часовници чија продажна цена, во која не е засметан данок на промет, е поголема од 300 динари за 1 часовник, освен рачните електронски часовници од марката (»SELK«)		x					x	x	x
68	9	Мотори за бродови и чамци со сила поголема од 18 KS		x					x	x	x
69	9	Украсни стоки		x					x	x	x
70	9	Кафе: сурово, печено и мелено и екстракт од кафе		x					x	x	x
71	9	Природни скапоцени камења и природен бисер и предмети изработени со тие камења и бисер		x					x	x	x

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
72	9	Кибрит		x					x	x	x
73	10	Уплатна сметка 840-2052 (74 до 71)	x	x	x						
74	10	Цемент		x					x	x	x
75	10	Бетонски челик и валана жица		x					x	x	x
76	10	Покривна лепенка		x					x	x	x
77	10	Дрво и изработки од дрво од тар. бр. 44.03, 44.04 44.05, 44 08, 44.13, 44 14 и 44 19 на Царинската тарифа		x					x	x	x
78	10	Бои, пигменти, фирниси, лакови, глазури, емајл, разредувачи и премачкувачки средства		x					x	x	x
79	10	Машини за миење садови		x					x	x	x
80	10	Предмети изработени од брусено кристално (оловно) стакло кај кои вредноста на увозните суровини и материјали е помала од 50% во продажната цена во која не е засметан данокот на промет		x					x	x	x
81	10	Производи од став 2 на Тар. број 10 од Тарифата		x					x	x	x
82	11	Уплатна сметка 84-2068 (83 до 101)	x	x	x						
83	11	Керамички производи од тар. бр. 69.04, 69.06, 69.07. 69.08 и 69.10 на Царинската тарифа, силикатна тула и тули изработени од електрофилтерски пепел		x					x	x	x
84	11	Производи од тар. бр. 42.02 и 42.05 на Царинската тарифа, изработени од кожа, вештачка кожа или скај		x					x	x	x
85	11	Градежна столарија		x					x	x	x
86	11	Мебел		x					x	x	x
87	11	Телевизори во црно-бела техника		x					x	x	x
88	11	Радио-приемници, освен стерео радио-приемници		x					x	x	x
89	11	Фрижидери		x					x	x	x
90	11	Машини за перење рубелина		x					x	x	x
91	11	Бојлери		x					x	x	x
92	11	Електрични пегли		x					x	x	x
93	11	Електрични пегли, гасни шпорети и комбинувани шпорети на гас и електрична струја		x					x	x	x
94	11	Смукалки на прав		x					x	x	x
95	11	Велосипеди, велосипеди и трицикли со мотор, моторни велосипеди чија работна зафатнина на моторот не преминува 100 cm^2 и детска количка (количка за бебиња)		x					x	x	x
96	11	Машини за шиење		x					x	x	x
97	11	Производи од гума, освен производи од гума врз чиј промет данок се плаќа според други тар. броеви на Тарифата		x					x	x	x

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
98	11	Штавена кожа и производи од кожа, вештачка кожа и скај, освен производи врз чиј промет се плаќа данок според други тар. броеви на Тарифата		x					x	x	x
99	11	Тоалетен сапун, сапун за бричење, медицински сапун, пасти и прашоци за заби, лосиони за уста; пудери, кремови, беби-масло, беби-млеко и пенливи купки за деца и шампони за коса		x					x	x	x
100	11	Чоколада и други преработки за храна кои содржат какао од тар. број 18.08 на Царинската тарифа		x					x	x	x
101	11	Украсен камен, мермер и гранит и производи од нив кои се употребуваат во градежништвото		x					x	x	x
102	11	Уплатна сметка 840-2164 (103)	x	x	x						
103	11	Лекови		x					x	x	x
104	12	Уплатна сметка 840-2073 (105 до 108)	x	x	x						
105	12	Ткаенини и други текстилни производи, освен оние врз чиј промет е воведено ослободување од плаќање данок на промет на производи		x					x	x	x
106	12	Обувки, освен обувките чија цена е поголема од 600 динари за чифт и чизмите чија цена е поголема од 800 динари за чифт – врз чиј промет се плаќа данок според тар. број 1 од Тарифата, и освен обувката врз чиј промет се плаќа данок по други тар. броеви на Тарифата или е воведено ослободување од плаќање на данок на промет		x					x	x	x
107	12	Детерценти		x					x	x	x
108	12	Сите видови дрвени плочи (шпер-плочи, лесонит-плочи, панел-плочи, плочи-иверички и др. и облагородени плочи)		x					x	x	x
109		Уплатна сметка 840-21100 (110)	x	x	x						
110		Производи во прометот остварен од вршење на самостојни дејности врз кои се плаќа основен данок на промет на производи кој се обложува во годишен износ	x	x	x						
111		Уплатна сметка 840-21116 (112 до 113)	x	x	x						
112		Производи врз кои се плаќа данок при увозот	x	x	x						
113		Производи за потребите на ЈНА	x	x	x						
114		Вкупно во тоа:	x	x	x						
115		СР Босна и Херцеговина	x	x	x						
116		СР Црна Гора	x	x	x						
117		СР Хрватска	x	x	x						
118		СР Македонија	x	x	x						
119		СР Словенија	x	x	x						

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
120		СР Србија	x	x	x						
121		САП Војводина	x	x	x						
122		САП Косово	x	x	x						
123		Посебен (републички, односно покраински) данок на промет на производи (124+ +162)	x	x	x						
124		Производи (125+128+131+134+137+140+ +143+146+149+152+155+158)	x	x	x						
125		Уплатна сметка 840-2208 (126)	x	x	x						
126		Посебен републички, односно покраински данок на промет на производи кој се плаќа по општа стапка, а кој го плаќаат општествени правни лица како даночни обврзници		x					x	x	x
127											
128		Уплатна сметка 840-22204 (129)	x	x	x						
129		Посебен републички, односно покраински данок на промет на производи кој се плаќа по општа стапка, а кој го плаќаат граѓани како даночни обврзници		x					x	x	x
130											
131		Уплатна сметка 840-22001 (132)									
132		Посебен републички, односно покраински данок на промет на производи, кој се плаќа по повисока стапка од општата, а кој го плаќаат општествени правни лица како даночни обврзници		x					x	x	x
133											
134		Уплатна сметка 840-22017 (135)	x	x	x						
135		Посебен републички, односно покраински данок на промет на производи кој се плаќа по повисока стапка од општата, а кој го плаќаат граѓани како даночни обврзници		x					x	x	x
136											
137		Уплатна сметка 840-22022 (138)	x	x	x						
138		Посебен републички, односно покраински данок на промет на производи кој се плаќа по пониска стапка од општата, а кој го плаќаат општествени правни лица како даночни обврзници		x					x	x	x
139											
140		Уплатна сметка 840-22038 (141)	x	x	x						
141		Посебен републички, односно покраински данок на промет на производи кој се плаќа по пониска стапка од општата, а кој го плаќаат граѓани како даночни обврзници		x					x	x	x
142											
143		Уплатна сметка 840-2213 (144)	x	x	x						

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
144		Посебен републички, односно покраински данок на промет на моторни возила, кој го плаќаат општествени правни лица како даночни обврзници		x					x	x	x
145											
146		Уплатна сметка 840-22225 (147)	x	x	x						
147		Посебен републички, односно покраински данок на промет на моторни возила, кој го плаќаат граѓани како даночни обврзници		x					x	x	x
148											
149		Уплатна сметка 840-2297 (150)	x	x	x						
150		Посебен републички, односно покраински данок на промет на алкохолни пијалаци, освен на прометот на алкохолни пијалаци испорачани на угостителски дуќани од самостојни угостители и на граѓани		x					x	x	x
151											
152		Уплатна сметка 840-22230 (153)	x	x	x						
153		Посебен републички, односно покраински данок на промет на безалкохолни пијалаци, освен на прометот на безалкохолни пијалаци испорачани на угостителски дуќани од самостојни угостители и на граѓани		x					x	x	x
154											
155		Уплатна сметка 840-22108 (156)	x	x	x						
156		Посебен републички, односно покраински данок на промет на алкохолни пијалаци испорачани на угостителски дуќани од самостојни угостители и на граѓани		x					x	x	x
157											
158		Уплатна сметка 840-22197 (159)	x	x	x						
159		Посебен републички, односно покраински данок на промет на безалкохолни пијалаци испорачани на угостителски дуќани од самостојни угостители и на граѓани		x					x	x	x
160											
161											
162		Услуги (163+165+167+169+171)	x	x	x						
163		Уплатна сметка 840-2255 (164)	x	x	x						
164		Посебен републички, односно покраински данок на надомести за услуги, кој го плаќаат општествени правни лица како даночни обврзници		x					x	x	x
165		Уплатна сметка 840-2260 (166)	x	x	x						
166		Посебен републички, односно покраински данок на надомести за услуги, кој го плаќаат граѓани и граѓански правни лица месечно		x					x	x	x
167		Уплатна сметка 840-2276 (168)	x	x	x						

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
168		Посебен републички, односно покраински данок на надомести за услуги од граѓани и граѓански правни лица кои не се занимаваат редовно со вршење на услуги		x					x	x	x
169		Уплатна сметка 840-2281 (170)	x	x	x						
170		Посебен републички, односно покраински данок на надомести за услуги од приредување игри на среќа		x					x	x	x
171		Уплатна сметка 840-22181 (172)	x	x	x						
172		Посебен републички, односно покраински данок на надомести за услуги на менични кредити		x					x	x	x
173											
174											
175		Посебен (општински) данок на промет (176+203)	x	x	x						
176		Производи (177+179+181+183+185+187+ +189+191+193+195+197+199)	x	x	x						
177		Уплатна сметка 840-2304 (178)	x	x	x						
178		Посебен општински данок на промет на производи кој се плаќа по општа стапка, а кој го плаќаат општествени правни лица како даночни обврзници		x					x	x	x
179		Уплатна сметка 840-23173 (180)	x	x	x						
180		Посебен општински данок на промет на производи кој се плаќа по општа стапка, а кој го плаќаат граѓани како даночни обврзници		x					x	x	x
181		Уплатна сметка 840-23201 (182)	x	x	x						
182		Посебен општински данок на промет на производи кој се плаќа по повисока стапка од општата, а кој го плаќаат општествени правни лица како даночни обврзници		x					x	x	x
183		Уплатна сметка 840-23217 (184)	x	x	x						
184		Посебен општински данок на промет на производи кој се плаќа по повисока стапка од општата, а кој го плаќаат граѓани како даночни обврзници		x					x	x	x
185		Уплатна сметка 840-23222 (186)	x	x	x						
186		Посебен општински данок на промет на производи кој се плаќа по пониска стапка од општата, а кој го плаќаат општествени правни лица како даночни обврзници		x					x	x	x
187		Уплатна сметка 840-23238 (188)	x	x	x						
188		Посебен општински данок на промет на производи кој се плаќа по пониска стапка од општата, а кој го плаќаат граѓани како даночни обврзници		x					x	x	x
189		Уплатна сметка 840-2325 (190)	x	x	x						

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
190		Посебен општински данок на промет на моторни возила, кој го плаќаат општествени правни лица како даночни обврзници		x					x	x	x
191		Уплатна сметка 840-23189 (192)	x	x	x						
192		Посебен општински данок на промет на моторни возила, кој го плаќаат граѓани како даночни обврзници		x					x	x	x
193		Уплатна сметка 840-2393 (194)	x	x	x						
194		Посебен општински данок на промет на алкохолни пијалоци, освен на прометот на алкохолни пијалаци испорачани на угостителски дуќани од самостојни угостители и на граѓани		x					x	x	x
195		Уплатна сметка 840-23194 (196)	x	x	x						
196		Посебен општински данок на промет на безалкохолни пијалаци испорачани на угостителски дуќани од самостојни угостители и на граѓани		x					x	x	x
197		Уплатна сметка 840-23105 (198)	x	x	x						
198		Посебен општински данок на промет на алкохолни пијалаци испорачани на угостителски дуќани од самостојни угостители и на граѓани		x					x	x	x
199		Уплатна сметка 840-23168 (200)	x	x	x						
200		Посебен општински данок на промет на безалкохолни пијалаци испорачани на угостителски дуќани од самостојни угостители и на граѓани		x					x	x	x
201											
202											
203		Услуги (204+205+208+210)	x	x	x						
204		Уплатна сметка 840-2351 (205)	x	x	x						
205		Посебен општински данок на надомести за услуги, кој го плаќаат општествени правни лица како даночни обврзници		x					x	x	x
206		Уплатна сметка 840-2367 (207)	x	x	x						
207		Посебен општински данок на надомести за услуги, кој го плаќаат граѓани и граѓански правни лица месечно		x					x	x	x
208		Уплатна сметка 840-2372 (209)	x	x	x						
209		Посебен општински данок на надомести за услуги од граѓани и граѓански правни лица кои не се занимаваат редовно со вршење на услуги		x					x	x	x
210		Уплатна сметка 840-2388 (211)	x	x	x						
211		Посебен општински данок на надомести за услуги од приредување игри на среќа		x					x	x	x
212											

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
213											
214		Посебни податоци			Износите на продажната цена						
215		Производи за кои не се плаќа основен данок на промет	x	x	x				x	x	x
216		Производи и услуги за кои не се плаќа посебен републички, односно покраински данок на промет	x	x	x				x	x	x
217		Производи и услуги за кои не се плаќа посебен општински данок на промет	x	x	x				x	x	x

Прилог:

Список на фактурите според кои не е извршена наплата во пресметковниот период со износот на ненаплатениот данок од колоната 8 на овој образец.

На денот ———— 19— година

Раководител на книговодството, Директор,

320.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „THE TIMES

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „The Times", број 59976 од 13 април 1977 година, што излегува на англиски јазик во Лондон, Велика Британија.

Бр. 650-1-32/348
27 април 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

УКАЗИ

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ДЕМОКРАТСКА КАМПУЧИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ДЕМОКРАТСКА КАМПУЧИЈА

I

Се отповикува

Милорад Миовиќ, од должноста на извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Демократска Кампучија.

II

Се назначува

Михајло Ломпар, ополномоштен министер во Сојузниот секретаријат за надворешни работи за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Демократска Кампучија.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 7
13 април 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ГВИНЕЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ГВИНЕА

I

Се отповикува

Божидар Станиќ од должноста на извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Гвинеа.

II

Се назначува

Божидар Букумирић, заменик-началник во Сојузниот секретаријат за надворешни работи за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Гвинеа.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 8
18 април 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 11 од Законот за Новинско-издавачката установа Службен лист на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ“, бр. 43/76), Сојузниот извршен совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА НОВИНСКО-ИЗДАВАЧКАТА УСТАНОВА СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ

За директор на Новинско-издавачката установа Службен лист на СФРЈ се назначува Душан Машовиќ, досегашен директор на таа установа.

Е. п. бр. 321/77
13 април 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/71, 54/71, 67/72, 21/74, 24/76 и 48/76), Сојузниот извршен совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПОМОШНИК-СОЈУЗЕН СЕКРЕТАР ЗА ПАЗАР И ЦЕНИ

За помошник-сојузен секретар за пазар и цени се назначува Анто Родиќ, досегашен помошник-директор на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи.

Е. п. бр. 332/77
13 април 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/71, 54/71, 67/72, 21/74, 24/76 и 48/76), Сојузниот извршен совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПОМОШНИК-ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ

За помошник-директор на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи се назначува Раденко Негиќ, досегашен директор на Управата на деловните згради на сојузните органи на управата и на сојузните организации.

Е. п. бр. 323/77
13 април 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

Врз основа на член 6 од Уредбата за Управата на деловните згради на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/75), Сојузниот извршен совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Се разрешува од должноста на директор на Управата за деловните згради на сојузните органи на управата и на сојузните организации Раденко Негиќ, поради заминување на друга должност.

Е. п. бр. 324/77
13 април 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/71, 54/71, 67/72, 21/74, 24/76 и 48/76), Сојузниот извршен совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОМОШНИК-ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ

Се разрешува од должноста на помошник-директор на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи Анто Родиќ, поради заминување на друга должност.

Е. п. бр. 325/77
13 април 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71, 54/71, 67/72, 21/74, 24/76 и 48/76), Сојузниот извршен совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПОМОШНИК-ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ

За помошник-директор на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи се назначува Владимир Парадиновиќ, шеф на Претставништвото на Стопанската комора на Југославија во Индија.

Е. п. бр. 326/77
13 април 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

Врз основа на член 43а од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист наСФРЈ", бр. 32/71, 54/71, 67/72, 21/74, 24/76 и 48/76), Сојузниот извршен совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

За член на Сојузниот комитет за земјоделство, што се назначуваат од редот на функционерите и работниците на заинтересираните сојузни органи и организации и истакнатите општествени, научни и стручни работници, се назначува Васо Миќановиќ, секретар на Одборот за водостопанство во Стопанската комора на Југославија.

Е. п. бр. 320/77
14 април 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Веселин Ѓурановиќ, с. р.

ОДЛИКУВАЊА

У К А З

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Босна и Херцеговина

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЗВЕЗДА

Фериз Наила Халид, Раиќ Мате Ана, Шиповац-Братиќ Петра Славица, Злокапа-Кусовац Петра Зорка;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Ахмедбашиќ-Диздаревиќ Ејуба Муниба, Ајдиновиќ Ибрахима Ејуб, Алтарац-Домитровиќ Ферде Марија, Арежина Станка Јованка, Арслановиќ-Храповиќ Ѓуле Аиша, Ашлама Едима Шахида, Бабиќ Тахира Наѓа, Башиќ Деде Алија, Башиќ Даута Хазбија, Башиќ Рустема Зајо, Босно-Сабљица Мелча Хасна, Брадвица-Бабиќ Вејсила Зулејха, Бркиќ-Зулиќ Вејсила Мајда, Цвјетковиќ Михајла Мирослав, Чанчар Милана Гроздана, Чанчар Неђе Вера, Ченановиќ Османа Адвија, Ченгиќ Мује Раифа, Чолиќ Тане Вељко, Далипагиќ Сулејмана Мустафа, Дамјановиќ-Берчиќ Фрање Нада, Делија-Табаковиќ Сулејмана Бегзада, Добриќ-Хитри Артура Вера, Ѓоковиќ Ивана Катарина, Џаферагиќ Мехмеда Шухрета, Ерцег Луке Ѓука, Хаџимесиќ-Ѓуркоќ Крсте Милица, Хаџисејдиќ-Муминовиќ Алије Хикмета, Хајне-Хрисафовиќ Бранка Зора, Халиловиќ-Шербиќ Мухарема Џемила, Хасанагиќ Касима Сулејман, Хота Идриза Нура, Јукиќ-Хромациќ Мухарема Ајша, Каламујиќ Мушана Мустафа, Камариќ-Поповиќ Османа Ѓула, Карахоџиќ Мехмеда Мустафа, Кариќ Салиха Мехмед, Колар-Горишановиќ Салиха Вахида, Коршиќ Алојза Лидија, Крквешевиќ Мехмеда Нусрет, Кумро-Имамовиќ Рагиба Фадила, Латиќ Мехмеда Хатиџа;

Лукиќ Ивана Росанда, Мујкиќ Рагиба Наѓа, Омановиќ Хасиба Адем, Пекмез Исмета Мехмед, Пулиќ Мехмеда Ахмед, Пупиќ Саве Смиљана, Пушка Омера Екрем, Радичиќ Стевана Радомир, Рајчиќ-Ѓегиќ Лазара Гордана, Ружичка-Јожанц Ане Отилија, Симиќ-Суботиќ Раде Ковиљка, Сулејмановиќ Асима Адил, Шатор-Гавриловиќ Хашима Нисвета, Шкаљиќ-Харџелаш Османа Садета, Тадиќ-Правица Љубана Милена, Тоскиќ-Бејдиќ Омера Садика, Видиц Франца Стане, Зелиќ-Фуштар Милана Мира, Зилџо Мехе Зулејха, Злокапа Мирка Јанко;

— за залагање во социјалистичка изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Ребиќ Павао Хрвоје;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Ајановиќ-Селмановиќ Хусеина Џехва, Цигиќ Андрије Фрањо, Дучиќ Рагиба Зира, Милошевиќ-Кецман Стевана Дева, Мумало-Обрадовиќ Ристе Драгица, Омеровиќ Мурата Изет, Паиќ Трате Милица, Шабановиќ Мује Сајма.

Бр. 99
12 октомври 1976 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

У К А З

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат

Од СР Босна и Херцеговина

— по повод осумдесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Творница чарапа „Кључ" — Сараево;

Од СР Хрватска

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Богдановић Ћирила др Ратко, Рађеновић Никоље Спасоје, Рудан Николе Марио, Сремац-Бутковић Антуна Алма Шулц Драгутина Иван;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Михаљевић Стјепана Миленко, Жуженић Милана мр Јелена;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

ОРДЕНОМ РАДА СА ЗЛАТНИМ ВЕНЦЕМ

Долинар Јакова др Борис, Функат Блажа Мирко, Хорватиновић-Милковић Фране Ружица, Јурковић Емануела-Јосипа др Емил, Кон-Комлош Јосипа др Ева, Корач Ивана Иво, Магерл Виктора Миливој, Ругле Јосипа др Гјуро, Уранкар Јакоба Иванка, Воук Вале др Валентин, Жлендер Вјекослава др Бранко;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичка изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЗВЕЗДА

Миљеновић-Корен Ивана Милена;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Јесенковић Јосипа Станко, Jungfleisch Ото Саша, Кемфеља-Зентнер Стјепана Љубица, Маржић Бернарда Јосип, Павлачић-Михелић Мије Љубица, Петровић Казимира Казимир Приморац-Галогажа Стеве Даша Векић-Кнежевић Петра Мирослава;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Јелникар Ауст Јосипа Берта;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Ботка-Цурин Петра Ана, Брезак Флоријана Нада, Црнић Филипа Иванка, Франулић Јурија Зорка, Геренчир Павле Иван Грубишић-Хладник Ивана Криста, Јукић Илије Јелица Капетановић Анте Винка, Краљ-Ћурин Валента Штефица, Масло-Златунић Анте Албина, Меркша-Зорц Фрање Злата, Прахин-Буковина Јосипа Љерка, Трепић-Перовић Маријана Марија, Walter-Ашвањи Стјепана Јулијана.

Бр. 102
14 октомври 1976 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

317. Одлука за избор на потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — 1085
318. Одлука за привремено усогласување на надоместот на личниот доход на делегатите во Собранието на СФРЈ со просечниот пораст на личните доходи на вработените во стопанството на СФРЈ во 1977 година — — — — — — — — 1085
319. Правилник за примена на даночните стапки и за начинот за водење на евиденција, пресметување и плаќање на данокот на промет на производи и услуги 1085
320. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „TheTimes" — 1129

Укази — — — — — — — — — — 1129
Назначувања и разрешувања — — — — 1130
Одликувања — — — — — — — — — 1131

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристића бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17.